IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG 25 Jahre

# Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2025 година

Второ дополнето издание



www.kas.de

# Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2025 година

Второ дополнето издание

Скопје, декември 2025

# Импресум

**Наслов:**
Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2025 година
Второ дополнето издание

**Издавачи:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје

**Автори:**
Александра Јовевска Ѓорѓевиќ
Ѓорѓи Хаџи Василев
Јоана Тренеска
Кире Миловски

**Координација:**
Даниел Браун
Давор Пашоски

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и подготовка:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
www.izbornaarhiva.mk
http://www.kas.de/mazedonien/mk
http://www.idscs.org.mk

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје не сносат одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторите.
Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смеат да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина


**ВОВЕД ВО ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025** **7**

Подготовки за локалните избори 2025....8
Учесници на изборите....11
Последни измени во изборното законодавство....12

**1. ИСТОРИЈАТ НА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (1996 – 2021)** **25**

Локални избори 1996 година....25
Локални избори 2000 година....25
Локални избори 2005 година....25
Локални избори 2009 година....26
Локални избори 2013 година....26
Локални избори 2017 година....26
Локални избори 2021 година....27

**2. МАКЕДОНСКИ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ** **31**

Изборен модел....31
Изборни органи....31
Право да се биде избран....32
Ограничување за актуелни функционери....32
Број на членови во советите....33
Право и процедура за поднесување кандидатури за градоначалници или советници....33
Изборна кампања....34
Улогата на јавните гласила....35
Набљудување на изборите....36

**3. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, КОАЛИЦИИ И НЕЗАВИСНИ ДВИЖЕЊА** **39**

Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ....39
Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ....40
Национална алијанса за интеграција, предводена од ДУИ....42
Коалиција ВЛЕН....43
Коалиција „Искуство за успех“....45

Коалиција „За зелена иднина“, предводена од ДОМ.....48
Бошњачки демократски сојуз.....49
ВМРО-Народна партија.....50
Граѓанска иницијатива ГРИН.....50
Движење ЗНАМ – За наша Македонија.....51
Демократска партија на Ромите.....51
Демократска партија на Турците на Македонија.....52
Демократски сили на Ромите.....53
Единствена Македонија.....53
Левица.....54
Македонска ера трета / Македонски суверенисти.....55
Партија за движење на Турците во Македонија.....55
Српска странка во Македонија.....56
Политичка партија Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ).....56
Политичка партија Демократи.....57
Работничка партија.....57
Родина Македонија.....58
Сојуз на Роми.....59
Твоја партија.....59
Трајно македонско радикално обединување (ТМРО).....60
Унија на Роми Скопје.....60

**4. ПРЕГЛЕД НА КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ 65**

**5. ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - РЕЗУЛТАТИ, КАМПАЊА, ОЦЕНКИ 137**

Вовед.....139
Изборна кампања.....143
Финансирање на изборната кампања.....149
Медиуми.....152
Резултати од локални избори 2025 година.....161
Заштита на избирачкото право.....166
Оценка од набљудувачите.....168
Оцена на изборите од учесниците.....172
Заклучок.....177
Анекс 1 – Избрани градоначалници по општини.....181
Анекс 2 – Избрани советници по општини.....184

**6. ИЗБОРНА АРХИВА НА ИЗБОРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД 1990 ГОДИНА ДО ДЕНЕС 187**

# Вовед

# Вовед во локалните избори 2025

Осмите локални избори од независноста на Република Северна Македонија ќе се одржат на 19 октомври 2025 година. Во согласност со своите законски овластувања, претседателот на Собранието, Африм Гаши, ги распиша изборите на 9 август 2025 година. Граѓаните ќе избираат градоначалници и советници во 80 општини и во Градот Скопје.

Изминатите четири години, од октомври 2021 до октомври 2025 година, најголемиот број градоначалнички места (42) ѝ припаѓаат на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Градоначалници поддржани од коалицијата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) раководеа со 16 општини, а градоначалници поддржани од Демократската унија за интеграција (ДУИ) со 11. Коалицијата меѓу Алијанса за Албанците и Алтернатива освоија 2 градоначалнички мандати, БЕСА – 2 и коалицијата ДОМ/ЛДП, ДПА и ГРОМ по еден. Три градоначалнички места припаднаа на независни кандидати.

Во општинските совети преовладуваше коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, која освои 469 советнички места, коалицијата на СДСМ – 402, а ДУИ – 167. Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива имаше 81 советник, Левица – 49, БЕСА – 36, а коалицијата на ДОМ и ЛДП – 29 советници. Независните кандидати беа застапени со вкупно 67 советнички места.

Локалните избори 2025 година ќе бидат првите локални избори врз кои ќе се одразат демографските промени што ги покажа Пописот на население во 2021 година. Како резултат на тоа, дојде до намалување на бројот на членови на Совет во 14 општини, и тоа: Гостивар, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Пехчево, Струга, Врапчиште, Дебарца, Желино, Јегуновце, Ново Село, Теарце и Центар Жупа.

Измените на Изборниот законик, донесени по распишувањето на изборите во 2024 година, воведоа нова пречка за независните кандидати на локалните избори – фиксен праг од 1 % потписи од сите регистрирани избирачи во општината, што значително го зголеми условот за независно кандидирање во многу општини и Градот Скопје. Овие измени беа оспорени пред Уставниот суд, кој во мај годинава донесе Одлука за укинување на членовите 17 и 18 од Изборниот законик поради тоа што „директно го загрозуваат и слабее политичкиот плурализам“. Уставниот суд даде препорака Собранието што поскоро

да донесе законски измени и да ја пополни правната празнина која настана со укинувањето на двата спорни члена. И покрај барањата од бројни независни советници и движења, како и граѓански организации, пратениците не направија измени на Изборниот законик и оставија Државната изборна комисија (ДИК) да одлучи за постапката за кандидирање на независните кандидати за градоначалници и советници. Две недели по распишувањето на изборите Државната изборна комисија го усвои Правилникот за регулирање на постапката за собирање потписи за поддршка на кандидатски листи од група избирачи, според кој на независните кандидати им се потребни само два потписа за учество на локалните избори. По усвојувањето на Правилникот се појавија три значајни ризици: можноста за прекумерен број на кандидатури без вистинска намера за учество, злоупотреба преку користење слични или позајмени имиња со цел збунување на гласачите, како и потенцијалната појава на обемни, предолги гласачки ливчиња.

Во изборната трка за градоначалници учествуваат 5 коалиции, 18 политички партии и 57 независни кандидати. Во трката за советничките мандати се натпреваруваат 6 коалиции, 28 политички партии и 67 независни советнички листи.

## Подготовка за локалните избори 2025

По Решението за распишување на локалните избори 2025, потпишано на 9 август 2025, од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши, на 17 август 2025 Државната изборна комисија (ДИК) го донесе Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори.

Во согласност со Роковникот[1], ДИК е должна да ги формира општинските изборни комисии (ОИК) по истекот на мандатот на претходната комисија. Потоа по формирањето ОИК ги формира избирачките одбори (ИО) и ги надополнува членовите и замениците членови на кои по разни основи им престанал мандатот. ОИК доставуваат барање до политичките партии во опозиција кои на последните избори освоиле најмногу гласови и политичките партии на власт кои на последните избори освоиле најмногу гласови да достават предлози за членови на ИО и нивни заменици заради формирање ИО и предлозите да ги достават најдоцна до 1 септември.

1 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје, 2025 година. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1yxLT4YsZxAwu4faR_PcTTncyIVp1b5GZ/view (последен преглед: 18 септември 2025).

Во согласност со Изборниот законик, веднаш по распишувањето на изборите до Министерството за внатрешни работи (МВР) ДИК доставува барање за доставување  податоци за граѓаните. Податоците кои задолжително треба да го содржат единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)  МВР треба да ги достави најдоцна во рок од 48 часа до ДИК. Потоа Државната изборна комисија најдоцна 15 дена од денот на распишувањето на изборите го става Избирачкиот список на јавен увид во своите подрачни одделенија и канцеларии, како и на интернет-страницата izbirackispisok.gov.mk, каде гласачот со внесување на своите лични податоци може да провери дали го има на Избирачкиот список и доколку го има, на кое избирачко место гласа и каде се наоѓа тоа. На овие избори увидот во Избирачкиот список започна на 23 август и заврши на 11 септември во 24:00 часот. Доколку постојат барања за запишување, дополнување или бришење  податоци во Избирачкиот список, тие се поднесуваа во периодот од 23 август до 11 септември.  Државната изборна комисија во рок од три дена (односно, најдоцна до 14 септември) по завршувањето на јавниот увид во Избирачкиот список[2] го доставува до политичките партии. Потоа партиите во рок од пет дена од доставувањето, односно до 19 септември доставуваат барање до ДИК за запишување, дополнување или бришење податоци.

Министерството за внатрешни работи е должно во рок од еден ден од завршувањето на јавниот увид во Избирачкиот список, односно на 12 септември да достави листа на државјани кои поднеле барање за издавање  нова лична карта или патна исправа по  кој било основ и ги подигнале од денот на распишување на изборите до денот на завршување на јавниот увид и листа на лица кои ќе наполнат 18 години до денот на изборите. Податоците за овие лица ДИК ги впишува во Избирачкиот список по службена должност.

Органот надлежен за извршување на санкциите најдоцна 30 дена пред денот определен за избори доставува податоци за лицата кои се во притвор или се наоѓаат на издржување  казна затвор врз основа на евиденцијата што ја води овој орган до ДИК. Податоците се доставуваат на  магнетен медиум и  задолжително го содржат единствениот матичен број на граѓанинот. Овие податоци се доставуваат најдоцна до 18 септември.

Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) најдоцна 30 дена пред денот определен за избори, врз основа на сопствена евиденција и врз основа на доставените податоци од одговорните лица во установите за вонсемејно згрижување, до Државната изборна комисија доставува

2 Државна изборна комисија-јавен увид на избирачкиот список. Пристапено на: https://izbirackispisok.gov.mk/ (последна посета: 18 септември 2025).

податоци за лицата кои се пријавиле за гласање во установи за вонсемејно згрижување најдоцна до 18 септември.

Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои се направени од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, ДИК го заклучува најдоцна 15 дена по завршениот јавен увид, односно најдоцна до 26 септември.

Потоа ДИК го потпишува заклучениот Избирачки список, односно изводите од Избирачкиот список на кој се гласа најдоцна 15 дена пред денот на одржувањето на изборите, односно најдоцна до 3 октомври.

Политичките партии ги поднесоа своите кандидатски листи за локалните избори до 13 септември на полноќ, кога и истекуваше рокот за поднесување кандидатури за градоначалници и советнички листи до ДИК, односно 35 дена пред одржувањето на изборите. До крајниот рок се поднесени 312 кандидатури за градоначалници, а тука спаѓаат и кандидатурите на независните кандидати. Рокот за собирање потписи за независните кандидати започна на 18 август, односно десеттиот ден од денот на распишувањето на изборите и траеше 15 дена, односно до 1 септември.

Според Роковникот, финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања се доставуваат до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) во следните рокови:

- Учесникот во изборната кампања, кога изборите се одржуваат во еден круг, е должен на 11. ден од изборната кампања (9 октомври, 24:00 часот), како и во рок од еден ден (18 октомври) по завршувањето на кампањата да поднесе Извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања. Доколку на изборите се одржува втор круг на гласање, учесникот во изборната кампања е должен еден ден (1 ноември) пред одржувањето на вториот круг на гласање да достави извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања. Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на затворање на трансакциската сметка да поднесе вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања;
- Учесникот во изборната кампања е должен еден ден по затворањето на трансакциската сметка за изборна кампања да достави извештај со образец за примените донации за периодот од еден ден по завршувањето на кампањата до затворање на трансакциската сметка за изборна кампања;

- Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на затворање на трансакциската сметка да поднесе вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања;
- Државниот завод за ревизија во рок од 60 дена од поднесувањето на извештајот е должен да спроведе ревизија;
- Радиодифузерите, печатените медиуми и  електронските медиуми (интернет-портали) во Република Северна Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа. Извештајот се поднесува најдоцна 15 дена по завршувањето на изборната кампања,  односно за првиот круг 1 ноември до 24:00 часот и за вториот круг 15 ноември до 24:00 часот.

## Учесници на изборите

Од потврдените листи на кандидати за градоначалници, најголем процент, односно 57 %, се поднесени од страна на коалиции, 26 % се поднесени од страна на политички партии и 17 % се поднесени од страна на група избирачи. Доминантен дел од потврдените кандидати (90 %) се мажи, додека само 10 % се жени. Најмладиот кандидат за градоначалник има 23 години, највозрасниот има 79 години, додека просечната возраст на кандидатите за градоначалници е 48 години[3].

Од вкупниот број потврдени кандидати за општински советници и советници на Град Скопје, најголем процент, односно 45 %, се предложени од политичка партија, 43 % се поддржани од коалиција, додека 12 % од група избирачи, односно независни листи. Повеќе од половина од нив (55 %) се мажи, додека 45 % се жени. Од друга страна, од вкупниот број  носители на кандидатски листи, 81 % се мажи, додека 19 % се жени. Најмладите 78 кандидати предложени за советници имаат по 18 години, 7 кандидати имаат 90 или повеќе години, додека највозрасниот кандидат има 97 години. Просечната возраст на кандидатите за општински советници е 43 години[4].

Како подносители на листи на кандидати за градоначалници и/или листи на кандидати за членови на совет, на овие избори се јавуваат 6 коалиции и 26 политички партии. Групи на избирачи дале поддршка на 56 независни кандида-

3 Статистичките податоци се добиени врз основа на информациите објавени од Државната изборна комисија (ДИК) на нејзината официјална веб-страница, пристапено преку: https://candidatelist.sec.mk/LolcalElectionsCandidates (Последна посета: 3 октомври 2025)

4 ибид

ти за градоначалници и 67 независни кандидатски листи за членови на совет[5].

## Последни измени на изборното законодавство

Во периодот од последните локални избори во 2017 до изборите закажани за 19 октомври 2025 година се направија повеќе измени кои се однесуваат на одредбите на Изборниот законик на Република Северна Македонија. Измените се поврзани со државните изборни тела, финансирање на политичката кампања, учесниците во кампањата, како и со медиумската покриеност на изборната кампања[6]. Исто така, со овие измени на Изборниот законик беа предвидени и одредби за формирање  Центар за континуирана едукација за избори од страна на Државната изборна комисија. Овој Центар ќе обезбедува континуирана обука за изборната администрација, гласачите, учесниците во изборниот процес, овластените претставници на подносителите на листи, медиумите, набљудувачите на изборите и сите заинтересирани кои на каков било начин имаат учество во изборите,  а ќе изработува и истражувања и анализи за потребите и по барање на Државната изборна комисија.

Дополнително, се допрецизираа одредбите во однос на регистрацијата на новите гласачи, па така со право на глас ќе се стекнат сите кои заклучно со денот на изборите ќе наполнат 18 години.

Со измените на членовите 61 и 62 од Изборниот законик значително се отежна процесот на независните кандидати да бидат избрани на локално и национално ниво. Имено, во согласност со член 61, на подносителите на независни парламентарни листи наместо досегашните 1 000 потписи во иднина ќе им бидат потребни потписите на 1 % од регистрираните избирачи во Избирачкиот список на конкретната изборна единица. За локални избори, пак, во согласност со  измената од член 62, кога подносител на листа на кандидати за членови на Совет, односно листа на кандидат за градоначалник е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 1 % потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината, односно Градот Скопје, наместо досегашните потребни потписи кои варираа од 100 до 1 000 (во зависност од бројот на жители во конкретната општина)[7]. Веднаш по овие измени реагираа дел од независните советнички листи кои настапија на претходните локални избори и добија значаен дел на советнички места дека ваков вид на измени на Изборниот законик не е во согласност со препораките на ОБСЕ и дека тие  се и

5 ибид
6 Службен весник: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 58/2024.
7 За независна советничка листа или градоначалник на Град Скопје наместо досегашните 1 000 во согласност со овие измени се потребни  4 674 потписи.

противуставни[8], за што подоцна беше поднесена и иницијатива за оценување на уставноста на овие одредби до Уставниот суд.

Уставниот суд на РСМ на седница одржана на 20 мај 2025 година донесе одлука[9] за укинување на членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.58/2024 од 11 март 2024 година) со кои претходно требаше да бидат променети членовите 61 и 62 од Изборниот законик и потребниот број на собирање потписи за независни листи на советници и независни кандидати за градоначалници на локално ниво, како и за независни парламентарни листи за пратеници. Во образложението на оваа одлука, Уставниот суд се повикува на одредбите од Уставот на РСМ, претежно на темелните вредности (член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 5), еднаквоста на граѓаните (член 9), слободата на здружување (член 20), правото на секој граѓанин да учествува во вршењето на јавни функции (член 23) и неколку останати уставни одредби. Уставниот суд понатаму во своето образложение се повикува и на меѓународните стандарди, како што се: Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Европската конвенција за човекови права, Европската повелба за локална самоуправа, како и на Праксата на Европскиот суд за човекови права. Уставниот суд во своето образложение, исто така, се повикува и на конечниот извештај на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за набљудувањето на локалните избори одржани во 2021 година, во кој се укажува дека во практиката потребниот број потписи за поддршка на независните советници варирал помеѓу 0,4 % и 5 % од запишаните избирачи во соодветната општина, што е спротивно на меѓународната добра пракса и принципот на еднаква можност за кандидирање избори. Било укажано дека за да се обезбедат еднакви можности во правото да се кандидираат сите кандидати, потребниот број потписи за поддршка на независните кандидати треба да биде пропорционален на реалниот број регистрирани гласачи по изборна единица, поради што било препорачано да се разгледа можноста за стандардизирање на потребниот број потписи на најмногу 1 % од регистрираните гласачи во согласност со меѓународната добра пракса. Од формулацијата „најмногу до 1 %" јасно произлегува дека бројката од 1 % е определена како крајна граница и највисок процент на потписи што би можел да се бара при кандидирањето на независните кандидати, при што е оставено на државата самата да го определи точниот % во рамки на можниот распон од 0,1 до 1 % потписи од запишаните избирачи. Зошто законодавецот се одлучил за највисокиот можен процент останува нејасно поради отсуството на образложение на Предлог-законот.

8 „Партиите ги истиснаа независните на гласачкото ливче". Радио Слободна Европа, 12 март 2024 Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/partiite-gi-istisnaa-nezavisnite-na-glasachkoto-livche/32858134.html

9 У.бр.186/2024 од 20.5.2025, https://ustavensud.mk/archives/34667

Законодавната измена со која за два, три, а во случајот на Град Скопје дури и за повеќе од 4 пати е зголемен потребниот број потписи за предлагање на независните кандидати, претставува значајно задирање во правото на кандидирање, која во отсуство на образложени причини од страна на законодавецот создава впечаток дека е направена исклучиво во интерес на поголемите политички партии со единствена цел да се намали бројот на независните кандидати на самиот почеток на изборната трка. Без доволно аргументирано објективно образложение, оваа измена не може да се смета дека е оправдана заради остварување на некоја легитимна цел, ниту, пак, дека е неопходна и пропорционална[10].

Оваа укинувачка а не поништувачка одлука на Уставниот суд создаде законска празнина, затоа што по укинувањето на овие два члена претходното правно правило не оживува, и дека законодавецот во најскоро можно време треба да пристапи и да ја пополни оваа правна празнина. Во спротивно, евентуалното непостапување на законодавецот би значело дополнителна повреда. Со ваквиот правен вакуум, не постоеше правно правило по кои услови независните граѓани ќе учествуваат во изборниот процес[11].

На седница одржана на 16 август 2025 година Собранието на РСМ направи обид за носење  измени и дополнувања на Изборниот законик во делот на тоа колкав процент потписи од вкупниот број избирачи запишани во изводот на Избирачкиот список на изборната единица треба да соберат независните кандидати за учество на локалните избори. Предлог измените и дополнувањата добија поддршка од мнозинството пратеници, но со оглед на тоа дека станува збор за решение кое се однесува на локалните избори, потребно беше да се гласа и според Бадентер. За предложените измени и дополнувања 18 од пратениците од помалите етнички заедници беа против, а 11 гласаа „за“. Првичниот предлог кој беше поднесен со овие измени предвидуваше наместо укинатите 1 % да изнесува 0,95 проценти од запишаните избирачи за собирање  потписи за независните листи во една изборна единица, односно општина, при што по расправата во Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците овој процент да биде утврден на 0,5 %, но и како таков не го доби потребното Бадинтерово мнозинство.

На 17 август 2025 година оваа правна празнина ја пополни Државната изборна комисија (ДИК) со носење  нов Правилник, со шест гласа „за“ и еден „против“, при што за собирање  потписи за учество на независните листи и градо-

10 Ibid 4
11 Изјава на Претседателот на Уставниот суд на 20.5.2025, пристапено од: https://24.mk/details/ustaven-ukina-dve-odredbi-od-izborniot-zakonik

началници на локалните избори се потребни само два граѓански потписи[12].

## Државна изборна комисија

За член на Државната изборна комисија може да биде избрано лице државјанин на РСМ со постојано живеалиште во земјата, да има високо образование со најмалку осум години работно искуство и да не е член на орган на политичка партија. Собранието на РСМ во рок од 30 дена пред истекот на мандатот на Комисијата го објавува Огласот за избор на новиот состав, односно избор на претседател, потпретседател и членови на ДИК во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и во дневниот печат. Огласот трае осум дена од денот на објавување во „Службен весник“.

Постапката за избор на членови останува иста и се подготвува и спроведува од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во рамки на Собранието на РСМ. Оваа Комисија подготвува предлог на листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието. Од кандидатите на предлогот на листата опозицијата предлага претседател и двајца члена, додека партиите на власт предлагаат потпретседател и тројца членови. Сите членови се избираат со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници[13].

Во септември 2021 година со интервенцијата во Изборниот законик беа променети неколку члена кои го регулираат изборот, мандатот и работата на Државната изборна комисија. Со измената во член 26, мандатот на членовите на Комисијата се зголемува на пет години од денот на изборот. Дополнително, измените во членовите 27, 29 и 30 за прв пат го регулираат процесот на реорганизацијата на составот на Комисијата во случај на промена на власта, како и изборот на новите членови и Генералниот секретар[14].

Измените на Изборниот законик од 2024 година ја обврзуваат Државната изборна комисија да формира Центар за континуирана едукација на избори како посебна организациска единица во својата служба, со кој ќе раководи државен советник на ниво Б1[15], кој одговара пред Комисијата и Генералниот секре-

12 https://www.sec.mk/lokalni-izbori-2025/

13 КАС, ИДСЦС, Прирачник за претседателски избори во Република Северна Македонија 2024 година,. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2024/04/handbook-on-2024-presidential-elections-mkd-version.pdf (последна посета: 15 септември 2025).

14 „Службен весник на Република Северна Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 218/2021.

15 Според Член 24 од Законот за административни службеници, државен службеник од Б1 категорија е раководен административен службеник од прво ниво, кој ги исполнува условите да има најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку три на раководно работно место во приватен сектор.

тар. Центарот ќе има за цел да обезбедува континуирана обука на изборната администрација, гласачите, учесниците во изборите, медиумите и изборните набљудувачи, како и да изработува разни истражувања и анализи за потребите и по барање на ДИК[16].

**Финансирање на политичките партии**

Законот за финансирање на политичките партии нема претрпено промени во последните неколку години. Остануваат да важат одредбите кои се однесуваат на спецификација на имотот и финансирање на политичките партии (движен и недвижен имот), висината на вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии во висина од 0,15 % од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија, приватните извори на финансирање, висината на поединечните донации кои не смеат да ја надминат сумата од 60 просечни плати, како донација од правни лица, и 30 нето просечни плати, доколку е донација од физички лица. Со последните измени на Изборниот законик во март 2024, кон членот 83 се додаде нов став кој ги регулира поединечните донации кои политичките партии ги добиваат за изборните кампањи. Имено, износот на средствата кумулативно на трансакциската сметка за изборна кампања не смее да биде поголем од 3 000 евра во денарска противвредност од исто физичко лице или 30 000 евра во денарска противвредност од исто правно лице.

Средствата за финансирање на политичките партии во износ од 30 % што се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и понатаму се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1 % од вкупниот број на гласовите од последните парламентарни или локални избори. 70 % од средствата се распределуваат на политичките партии според бројот на избрани пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на последните парламентарни избори и според бројот на избрани советници на последните локални избори.

Членот 26 од Законот за финансирање на политичките партии предвидува надзорот врз финансирањето да го врши Државниот завод за ревизија. Членот, исто така, предвидува партиите да имаат само една жиро-сметка, а во случај на финансирање преку обезбедување средства од кредит од комерцијални банки, покрај основната жиро-сметка, може да имаат уште една посебна жиро-сметка за средства на партијата обезбедени преку кредит. Исто така,

16 „Службен весник на Република Северна Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 58/2024.

политичката партија има право да врши пренос на средства помеѓу своите сметки, а партиско истражувачките-аналитички центри имаат посебна сметка. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 280 000 евра во денарска противвредност се предвидени и за годишно финансирање на партиско истражувачко-аналитичките центри кои се формирани во согласност со закон како дел од внатрешната организација на партијата[17].

Со измените во законот во 2018 се создаде обврска за доставување финансиски извештај за материјално-финансиско работење на партијата, во кој е содржано финансиското работење на сметката, односно сметките на политичката партија. Со измените како дополнителен дел од финансискиот извештај се препознаваат ставките „спонзорство“ и „кредит“. Со измените се предвиде средствата наменети за финансирање на политичките партии да се исплаќаат во согласност со буџетските можности, но не подоцна од 1 март секоја тековна година[18].

**Јавни гласила**

И овој изборен циклус останува да важи забраната од измените на Изборниот законик во 2018 година со која од денот на распишување на изборите, па сè до почетокот на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (портали) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи. Во случаите кога станува збор за емитување, односно објавување на соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатурите тоа се прави во означени рекламни блокови на дозволеното време на рекламирање на еден реален час.

Измените во Изборниот законик од март 2024 година, пак, предвидуваат ограничување во промоцијата на кандидатите, односно од моментот на потврдување на кандидатските листи до започнување на изборната кампања учесниците во изборите имаат право да организираат по еден јавен настан за промоција на нивните потврдени листи на кандидат/и и изборните програми. Следствено на тоа, со членот 69-а им се забранува на партиите да трошат од средствата наменети за изборната кампања во претходно споменатиот период.

17 „Службен весник на Република Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, 140/2018.

18 КАС, ИДСЦС, Прирачник за претседателски избори во Република Северна Македонија 2024 година,. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2024/04/handbook-on-2024-presidential-elections-mkd-version.pdf (последна посета: 15 септември 2025).

За време на првиот и вториот круг од изборната кампања, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање. Од овие девет и пол минути, вкупно четири минути може да се одвојат за двете најголеми политички партии од власта, четири минути за двете најголеми политички партии на опозицијата, една минута за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група, како и триесет секунди за политичките партии кои не се застапени во Собранието[19].

Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес и, исто така, во рок од три дена од денот на распишување на изборите да се регистрираат во Државната изборна комисија. Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) што нема да се регистрираат во Државната изборна комисија нема да имаат право да користат финансиски средства за платено политичко рекламирање, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Државна комисија за спречување на корупцијата**

Во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[20] и Изборниот законик, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) има клучна улога во обезбедувањето на интегритетот и фер условите на изборниот процес. Нејзините надлежности се насочени кон спречување на злоупотреба на државни ресурси, контрола на финансирањето на кампањите и зајакнување на транспарентноста.

ДКСК ја следи законитоста на користењето на буџетските средства и финансирањето на изборните кампањи од денот на распишување на изборите до нивното завршување. Доколку се утврди сомневање за незаконско финансирање, Комисијата има обврска да поведе постапка за утврдување фактичка состојба и, ако сомневањата се потврдени, да иницира постапка за одговорност пред надлежните органи. Организаторите на кампањите се должни по барање да доставуваат дополнителни податоци заради обезбедување ефикасен надзор.

19 КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2024 година. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2024/05/belegexemplar-2024-handbook-on-2024-parliamentary-elections-mkd-version.pdf (последна посета: 15 септември 2025).
20 „Службен весник“, Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, 12/19.

Во случај на постоење сомневање на незаконско финансирање на изборна кампања, ДКСК може да поведе постапка за утврдување фактичка состојба и доколку утврди дека сомневањата се основани е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежените органи во рок од 15 дена од донесената одлука.

Со измените од 15 септември 2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата е должна на својата веб-страница да го објави регистарот на службени моторни возила на државните органи, органи на локалната самоуправа, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал. Рокот за доставување податоци за бројот, видот, регистарската табличка и возната состојба на моторните возила до ДКСК е десет дена од денот на донесувањето на одлуката за распишување  избори. Податоците се доставуваат во електронска форма на образец кој на предлог на ДКСК го пропишува Државната изборна комисија. Во случај податоците да не бидат доставени, ДКСК може да покрене прекршочна постапка во рок од 15 дена од истекот на рокот за доставување на податоците.

ДКСК врши увид во документацијата за јавни набавки во текот на изборниот процес за да спречи фаворизирање и дискриминација при склучување договори. Дополнително, доколку постојат сомневања за поткуп или притисоци при гласање, ДКСК е должна без одлагање да го извести Јавното обвинителство.

Врз основа на прибавените информации, ДКСК подготвува посебен извештај за утврдените состојби, кој во рок од три месеци по завршувањето на изборите се доставува до Собранието и се објавува јавно. Овие извештаи претставуваат значаен инструмент за анализа на состојбите и како такви имаат и превентивна функција – предупредуваат на ризици и влијаат на јавната свест.

Улогата на ДКСК е двојна – контролна (преку инспекција, постапки и санкции) и превентивна (преку јавност, транспарентност и објавување податоци). Таа е дополнителен корективен механизам кој ја надополнува работата на Државната изборна комисија (ДИК), обезбедувајќи поширока рамка за интегритет на изборите.

Иако законската рамка дава силни овластувања, во пракса постојат неколку предизвици и тоа во однос на капацитетите каде ДКСК често се соочува со ограничени човечки и финансиски ресурси за да ја покрие целата територија и сите институции во текот на избори. Понатаму, во делот на ефективноста каде реалниот ефект на постапките зависи од соработката со Јавното обвини-

телство, ДИК и други институции, па некогаш мерките остануваат на ниво на препораки и во однос на јавната доверба каде перцепцијата на граѓаните за непристрасноста и ефикасноста на ДКСК директно влијае врз легитимитетот на изборниот процес.

ДКСК има суштинска улога во одржување  фер и демократски избори преку спречување  корупција и злоупотреба на јавни ресурси. Сепак, за таа улога да биде целосно ефективна, потребна е постојана институционална поддршка, зајакнување на капацитетите и унапредување на механизмите за соработка со останатите надлежни органи.

**Државен завод за ревизија**

Законската задача на Државниот завод за ревизија (ДЗР) е да врши ревизија на користењето на јавните средства и да обезбеди информации за државните институции и јавноста за правилната употреба на средствата. Со промените на Изборниот законик во 2020 година, Државниот завод за ревизија по службена должност врши ревизија на вкупниот финансиски извештај за изборната кампања, во согласност  со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) и правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ, кои ги објавува министерот за финансии во „Службен весник на Република Северна Македонија“[21].

На барање од ДЗР, учесниците во изборната кампања се должни да достават дополнителни податоци и известувања за финансирање на изборната кампања. Носителите на платен промет кај кои е отворена трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања се должни  да ги достават сите барани податоци за таа сметка и трансакциите на неа. Дополнително, субјектите кои обезбедуваат услуги за медиумско огласување се должни на барање на ДЗР да ги достават сите договори, фактури и други финансиски документи за финансирање на изборната кампања.

ДРЗ има право да бара податоци за платеното политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања од АВМУ.

Исто така, може да бара финансиски документи од трети лица во врска со финансирањето на учесниците во изборната кампања.

21 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 42/20.

Државниот завод за ревизија на својата веб-страница треба да ги објавува ревизорските извештаи од извршената ревизија на финансиските извештаи на учесниците, во рокот утврден со закон и треба да ги достави до ДИК и ДКСК.

Доколку утврди неправилности во финансиските извештаи на учесниците во изборната кампања, во согласност со Изборниот законик (член 85-б став 9), ДЗР поднесува барање за  поведување прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 3 дена од денот на утврдувањето на неправилностите. На овој начин, улогата на ДЗР не се ограничува само на констатација на фактичката состојба, туку и на активна иницијатива за санкционирање на прекршувањата.

ДЗР не само што утврдува евентуални незаконитости, туку и преку своите извештаи има превентивна функција преку која треба да влијае на јавната свест за тоа како се трошат средствата во изборите, да врши притисок врз политичките партии и кандидатите да бидат повнимателни и транспарентни во своето финансиско работење и да ја зголемува довербата на јавноста во фер натпреварувањето на изборите.

Иако ДЗР има формално силни надлежности, во пракса постојат одредени предизвици:

- Ограничени ресурси: Ревизијата на сите учесници во изборите бара значителни човечки и технички капацитети;
- Рокови: Законските рокови за ревизија и санкционирање се кратки, што може да го отежне темелното постапување;
- Ефективност на санкциите: Иако ДЗР може да иницира прекршочни постапки, конечната одговорност за казнување лежи кај судските и обвинителските органи, што понекогаш резултира со одложено или ограничено санкционирање.

ДЗР има суштинска улога во изборниот процес преку обезбедување транспарентност и законитост во финансирањето на кампањите. Неговата работа претставува клучен дел од контролниот механизам кој гарантира фер натпревар меѓу политичките субјекти. Сепак, за целосно да ја оствари оваа улога е неопходно  континуирано зајакнување на институционалните капацитети и унапредување на меѓуинституционалната соработка.

# 1

# Историјат на локалните избори во Република Северна Македонија (1996 – 2021)

# 1. Историјат на локалните избори во Република Северна Македонија (1996 – 2021)

**Првите локални избори** во независна Република Македонија се одржаа во 1996 г. со просечен одѕив од 60,17 % за советници и 60,28 % за градоначалници. На овие избори се случија поништувања на гласањето во некои општини, поради што овие податоци не ги вклучуваат резултатите од изборите во вкупно 9 општини. Овие локални избори се одржаа според територијалната организација од 1996 г., според која беа формирани 123 општини и Градот Скопје. На изборите СДСМ освои 51 градоначалничко место, ВМРО-ДПМНЕ и МААК – 27, а Социјалистичката партија 19. На првите локални избори право на глас имале 1 495 288 избирачи.

На **локалните избори во 2000 година** беа забележани значителен број прекршувања на изборниот процес и меѓународните стандарди, како насилство и заплашување на гласачите, а во некои општини (Гостивар, Тетово, Лабуништа, Џепчиште и Маврови Анови) беа забележани и вооружени инциденти. Насилство е забележано и во вториот круг на гласањето. Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР регистрирала групно гласање во 25 % од местата кои ги набљудувала. Победник на локалните избори во 2000 година беше коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Демократска алтернатива со 59 градоначалнички места. Потоа следуваше коалицијата предводена од СДСМ со 32 мандати, ПДП-НДП освоија 23 градоначалнички места, а останатите партии и независните кандидати – 7 места. Право на глас на овие избори имале 1 634 859 избирачи.

**Локалните избори во 2005 година** повторно не ги исполнија меѓународните стандарди за спроведување избори. За разлика од претходните, овие избори не ги одбележа насилство, но беа забележани голем број неправилности. Овие избори беа првите кои се спроведоа според територијалната организација од 2004 година, според која во државата има 84 општини и Градот Скопје. Од Меѓународната мисија за набљудување на изборите се забележани 30 случаи на полнење кутии. Во 9 општини, меѓу кои и Градот Скопје, како резултат на голем број жалби за изборни неправилности, гласањето во првиот круг беше повторено, што резултираше со доцнење на вториот избирачки круг. На овие избори победи коалицијата предводена од СДСМ која освои 36 градоначалнички места. Потоа следуваше ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата со 21

мандат и ДУИ со 15 градоначалници. Останатите партии и независните кандидати освоија 13 градоначалнички места, меѓу кои и независниот кандидат за Скопје, Трифун Костовски, кој беше поддржан од ВМРО-ДПМНЕ. На локалните избори во 2005 г. право на глас имале 1 711 293 избирачи.

**Локалните избори во 2009 година** се одржаа во ист ден со претседателските и се првите избори кои се во генерална согласност со меѓународните стандарди. Но, и покрај тоа, од Меѓународната мисија на ОБСЕ/ОДИХР се забележани голем број  неправилности претежно во однос на притисоци и заплашување на гласачите, особено врз вработените во јавната администрација и примателите на социјална помош. На овие избори ВМРО-ДПМНЕ беше победник во 56 општини, ДУИ во 15, СДСМ освои градоначалници во 7, додека останатите партии и независните кандидати освоија 7 градоначалнички места. На локалните избори во 2009 година право на глас имале 1 792 082 избирачи.

Следните **локални избори во 2013 година** се одвиваа во мирна атмосфера, добивајќи позитивни оценки за нивното спроведување. Иако во ретки случаи, сепак, забелешките од набљудувачите вклучуваа нарушување на тајноста на гласањето, семејно гласање и уништување на материјал за кампања. Во овој изборен циклус за прв пат се применуваше новиот Закон за локална самоуправа, со што за прв пат се бираа градоначалници и советници во 80 општини и градот Скопје. На овие избори е забележана највисоката излезност во историјата на локалните избори, која изнесуваше 67 % во првиот и 59 % во вториот круг. На изборите победник беше повторно ВМРО-ДПМНЕ со 56 градоначалници, ДУИ – 14, СДСМ  – 4, додека останатите партии и независните освоија 7 градоначалнички мандати. На локалните избори во 2013 година право на глас имале 1 743 404 избирачи.

**Локалните избори во 2017 година** се одржаа во мирна и компетитивна атмосфера, без поголеми инциденти и со нерегуларности кои во голема мера не влијаеја врз изборниот резултат. Излезноста во првиот круг изнесуваше 59,91 %, додека во вториот 51,92 %, што е значително послаба од претходниот изборен циклус. Карактеристично за овие избори беше тоа што голем дел од кандидатите на најголемите партии се воздржаа од напаѓачка реторика на етничка основа, а дел од партиите посветија и внимание на избирачите од другите етнички заедници. Коалицијата предводена од СДСМ победи на локалните избори со 57 градоначалнички места, вклучувајќи го и Градот Скопје.  Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 5 градоначалници, ДУИ освои 10 мандати, Алијанса на Албанците, која за прв пат настапи на овие локални избори како посебна политичка партија, освои 3 градоначалници, а по еден освоија БЕСА, ДПА и ДПТ. Три градоначалнички места освоија независните кандидати.

**Локалните избори во 2021 година** се одржаа на 17 октомври (прв круг) и на 31 октомври (втор круг) 2021 година. Изборите се одржаа во натпреварувачка атмосфера со почитување на основните слободи, но со претежно негативна реторика, особено во вториот круг. Излезноста на изборите во првиот круг изнесуваше 51,44 %, а во вториот круг 49,65 %, што е намалување во однос на излезноста од локалните избори во 2017 година. Во текот на изборната кампања партиите имаа можност слободно да ги водат своите кампањи, при што слободата на здружување, собирање и изразување беше почитувана. Карактеристично за овие избори беше зголемениот фокус кон еколошките прашања, како и значителниот број на независни кандидати за градоначалници и советнички листи. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 42 градоначалнички места, односно 37 повеќе од изборите во 2017. СДСМ и коалицијата, пак, освоија 16 градоначалнички мандати, што е за 41 градоначалничко место помалку од претходните избори. ДУИ освои 11 градоначалници, два градоначалника освои Беса, како и коалицијата на Алијанса за Албанците и Алтернатива. По еден градоначалнички мандат освоија ДПА, ГРОМ и коалицијата „Одлучно за промени" на ЛДП и ДОМ, додека 3 градоначалнички места припаднаа на независни кандидати во општините Куманово, Дебарца и Градот Скопје. ВМРО-ДПМНЕ освои 469 советнички места, СДСМ – 402, ДУИ освои 167, коалицијата АА/Алтернатива освоија 81, Левица – 49, БЕСА – 36, коалицијата „Одлучно за промени" – 29, ДПТМ – 17, ДПА – 9. Советничката листа на ДУИ, Алијанса за Албанците и Алтернатива, со која овие партии настапија заедно во Општина Чашка, освои 4 советнички места. ТМРО освои 3, ГРОМ – 2, СРМ – 2, ПДТ – 2 и ДНЕТ – 2. По едно советничко место освоија: ДСР, Единствена Македонија, Подем, БДС, ДДПС и „Ром-Ромеске". Независните листи освоија вкупно 67 советнички места[22].

Повеќе информации за историјатот на локалните избори од независноста до денес може да погледнете во „Прирачникот за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година"[23].

22 За повеќе информации, види: КАС, ИДСЦС Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година, второ дополнето издание. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/12/belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf.(поседна посета: 13 септември 2025).

23 Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година, второ дополнето издание. КАС и ИДСЦС, 2020 година. Стр. 27-33. Пристапено на: belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf (последна посета: 16 септември 2025).

***Табела 1: Одѕив на локалните избори од 1996 до 2021 година[24], за прв и втор круг[25]***

| Година | **1996** | **2000** | **2005** | **2009** | **2013** | **2017** | **2021** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одѕив | 60 % (51 %) | 59 % (53 %) | 56 % (53 %) | 57 % (43 %) | 67 % (65 %) | 60 % (52 %) | 51% (49 %) |

24 За повеќе информации, види: КАС, ИДСЦС Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година, второ дополнето издание. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/12/belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf.(последна посета: 13 септември 2025).

25 Првиот процент се однесува на одѕивот во прв круг, а вториот на одѕивот во втор круг Процентите се заокружени.

2

# Македонски изборен систем за локални избори

# 2. Македонски изборен систем за локални избори

### Изборен модел[26]

Во Република Северна Македонија изборите за градоначалници во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) се одржуваат по мнозински модел, додека изборите за членови на советите се спроведуваат по пропорционален модел, секоја четврта година во втората половина на октомври. Претседателот на Собранието ги распишува изборите со акт објавен во „Службен весник“, при што од распишувањето до одржувањето на изборите поминуваат од 70 до 90 дена. Градоначалникот се избира од кандидатот кој во првиот круг добил мнозинство гласови, при излезност од најмалку една третина од запишаните избирачи; доколку условот не е исполнет, се организира втор круг меѓу двата кандидати со најмногу гласови, а ако учествува само еден кандидат и не го добие мнозинството, изборот се повторува. Вториот круг се одржува 14 дена по првиот, и победник е кандидатот со освоен поголем број на гласови. Советниците се избираат пропорционално според Д'Хондтовата формула, при што гласовите за кандидатските листи се делат со низа делители 1, 2, 3... до бројот на членовите на советот, се земаат најголемите количници, а листата добива онолку мандати во советот колку што се прифатени количници од највисоките.

### Изборни органи

Државната изборна комисија (ДИК), заедно со општинските изборни комисии (ОИК), Изборната комисија на Градот Скопје, избирачките одбори (ИО) и посебните избирачки одбори (ПИО), се надлежни за спроведување на локалните избори. ДИК има седум члена кои ги избира Собранието со двотретинско мнозинство за мандат до избор на нов состав, но не подолго од две години, и е одговорна за објавување и јавен увид на Избирачкиот список. Со измени на Изборниот законик во март 2024 година[27], ДИК е задолжена да воспоста-

26 „Прирачник за локални избори во Република Македонија 2021 година“, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/12/belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf (последна посета: 11 септември 2025).

27 „Службен весник на Република Северна Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 58/2024.

ви Центар за континуирана изборна едукација како посебна организациска единица во рамките на својата служба. Со Центарот ќе раководи државен советник со ранг Б153, кој ќе одговара пред Комисијата и Генералниот секретар. Неговата улога е да обезбедува постојана обука за изборната администрација, гласачите, учесниците во изборите, медиумите и набљудувачите, како и да спроведува истражувања и анализи за потребите или по барање на ДИК.

ОИК и Комисијата на Град Скопје, составени од пет члена со мандат од пет години, спроведуваат избори и надгледуваат избирачки одбори на својата територија, додека избирачките одбори се формираат за секое избирачко место и имаат пет члена со мандат од четири години, дел избрани по случаен избор од администрацијата, а дел предложени од владејачките и опозициските партии. Законот предвидува соодветна застапеност на немнозинските заедници во општините со најмалку 20 % припадници, најмалку 30 % застапеност на секој пол, како и забрана за членување на лица со одредени државни и административни функции.

## Право да се биде избран

Право на глас има секој полнолетен македонски државјанин со деловна способност и постојано живеалиште во општината или Градот Скопје каде што се одржуваат изборите. Гласањето е тајно и никој не смее да бара од избирачот да открие за кого гласал или зошто не гласал. ДИК ги информира и ги едуцира граѓаните за начинот на гласање и обезбедува упатства и кандидатски листи на сите службени јазици на гласачките места. Кандидат за градоначалник или член на совет може да биде лице со најмалку 18 години, деловно способно и со постојано живеалиште во општината, кое не издржува или нема неиздржана правосилна затворска казна подолга од шест месеци.

## Ограничувања за актуелни функционери[28]

Функцијата член на совет и градоначалник е професионална и е неспоива со високи државни и управни функции, пратенички мандат, извршување стопанска дејност или членство во управни одбори на јавни претпријатија и правни лица со државен капитал. Градоначалникот на Градот Скопје не смее истовремено да биде градоначалник или советник во општините на неговата територија. Од распишување на изборите до нивно завршување е забрането започнување на нови инфраструктурни проекти без однапред обезбедени

28 Изборен законик (пречистен текст),). Пристапено на :https://drive.google.com/filed/1yOTG7wVUyNoUk1_AkIYrNbD4gHQWzS5y/view (последна посета: 19 септември 2025).

буџетски средства, вонредни исплати, нови вработувања, отуѓување државен капитал, потпишување колективни договори и други дејства предвидени со Изборниот законик, при што прекршувањето се казнува со глоба и кривична одговорност. Кандидати кои се дел од вооружените сили, полицијата или безбедносните служби мора да мируваат во работниот однос и не смеат да учествуваат во кампањата во униформа. Во период од 20 дена пред започнување на изборната кампања не се дозволени јавни настани за започнување или пуштање во употреба на објекти финансирани од буџетски или јавни средства, а Министерството за финансии е обврзано јавно да ги објавува сите буџетски исплати и да достави предизборен финансиски извештај.

## Број на членови во советите

Бројот на членови на советот во секоја од единиците на локалната самоуправа се утврдува според бројот на населението кое живее во нивните рамки. Општините кои имаат до 5.000 жители формираат совети составени од 9 члена, оние меѓу 5.001 и 10.000 – 11 члена, оние меѓу 10.001 и 20.000 – 15 члена, оние меѓу 20.001 и 40.000 – 19 члена, меѓу 40.001 и 60.000 – 23 члена, од 60.001 и 80.000 – 27 члена, меѓу 80.001 и 100.000 – 31 член и над 100.000 – 33 члена. Советот на Град Скопје го сочинуваат 45 члена[29].

## Право и процедура за поднесување кандидатури за градоначалници или советници

Право на поднесување кандидатски листи за советници и кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии, самостојно или во коалиции, како и групите избирачи. Независните кандидати се најдиректно опфатени со најновите измени на Изборниот законик. Во јуни 2025 година во Собранието се поднесе предлог за измена на Изборниот законик со кој требаше да се намали прагот за собирање потписи за независни кандидати од првично предложените 0,95 % на 0,5 % од бројот на запишани избирачи, но измените не добија доволно поддршка и не беа усвоени[30]. На оваа иницијатива претходеше одлуката на Уставниот суд да ја укине одредбата од Изборниот законик – членови 17 и 18 – со која независните кандидати и листи мораа да обезбедат најмалку 1 % потписи од гласачите во општината за да поднесат кандидатура, со што практично се укина највисокиот праг за собирање потпи-

29 Член 34 од Закон за локална самоуправа, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/16.
30 Радио Слободна Европа: „Собранието не ги изгласа измените на Изборниот законик“ Пристапено на: (последна посета: 18 септември 2025).

си[31]. Во вакви околности, Државната изборна комисија (ДИК) усвои заклучок[32] за ставање вон сила на стариот правилник за регулирање на постапката за собирање потписи и усвои нов Правилник[33] според кој за локалните избори 2025 независните кандидати и групите избирачи можат да се кандидираат со само два потписа, а подоцна Уставниот суд одлучи да не поведе постапка по иницијативата за оценување на уставноста на овој Правилник, со што тој остана во сила[34].

## Изборна кампања[35]

Изборната кампања за локалните избори 2025 започнува 20 дена пред денот на изборите, односно на 29 септември во 00:00 часот и завршува на 17 октомври во 24:00 часот[36]. Изборната кампања за вториот круг на гласање трае до 24:00 часот на 31 октомври. И во првиот и во вториот круг на гласање изборната кампања не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите. Денот пред одржувањето на првиот круг на изборите, односно 18 октомври е ден на предизборен молк кога кандидатите не смеат да водат изборна кампања, а јавните гласила не смеат да вршат изборно претставување на учесниците во изборниот процес. Истото се однесува и на први ноември, ден пред вториот круг на изборите.

Изборниот законик претрпи неколку промени во однос на спроведувањето на изборната кампања. Со промените во март 2024 година, во член 83 се воведува нов став кој ги уредува поединечните донации за изборни кампањи.

31 Одлука на Уставен суд бр.186/224. Пристапено на: https://ustavensud.mk/archives/34667 (последна посета: 18 септември 2025).

32 Заклучок од ДИК за ставање вон сила на Правилникот за регулирање на постапката за собирање потписи и начинот на определување на нотарите, број 08-563-1 од 20.02.2024 година. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1ySAw9lQVzj6w4I9ptHbs33JwVVC6gCD2/view (последна посета: 18 септември 2025).

33 Правилник за регулирање на постапката за собирање потписи за поддршка на кандидатски листи поднесени од група избирачи и начинот на определување на нотарите, за Локалните избори 2025 година. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1Cv5oZDTnL4KXwVEyf8VSDXv5GQ1wd3QC/view (последна посета: 18 септември 2025).

34 Прес-конференција на претседателот д-р Дарко Костадиновски по 19. седница на Уставниот суд – Пристапено на: https://ustavensud.mk/archives/35722 (последна посета: 18 септември 2025)

35 КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2024 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2024/10/2024-handbook-on-2024-parliamentary-elections-second-updated-mkd-version.pdf (последна посета: 18 септември 2025).

36 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, 2025 година, Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1yxLT4YsZxAwu4faR_PcTTncylVp1b5GZ/view (последна посета: 18 септември 2025).

Пропишано е дека на трансакциската сметка за кампања вкупниот износ на средствата од едно физичко лице не може да надмине 3.000 евра во денарска противвредност, а од едно правно лице не може да надмине 30.000 евра во денарска противвредност. Во однос на јавни настапи, периодот од потврдување на кандидатските листи до почетокот на изборната кампања, учесниците имаат право да организираат само еден јавен настан за промоција на потврдените кандидатски листи и програми, а во истиот период е забрането да се трошат средства наменети за кампањата[37].

## Улогата на јавните гласила[38]

За време на изборната кампања приватните медиуми, интернет-порталите и јавниот сервис мора да обезбедат еднаков, непристрасен и избалансиран пристап за претставување на изборните програми и кандидати. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) го следи известувањето и при повреда на принципот на рамноправност покренува прекршочна постапка. Уредници и новинари не смеат да учествуваат во кампањи, а ако се вклучат, нивниот медиумски ангажман мирува до завршување на изборите. Македонската радиотелевизија (МРТВ) бесплатно информира за гласањето и обезбедува рамноправно медиумско претставување, со пропорционална распределба на програмското време за власта, опозицијата и независните кандидати, како и бесплатно политичко претставување на сите учесници. Приватните радиодифузери немаат обврска за бесплатно претставување. Од денот на распишување на изборите до почетокот на кампањата е забрането платено политичко рекламирање и реклами финансирани со буџетски средства, а медиумите мора да ја снимаат и да ја чуваат програмата најмалку 30 дена по изборите.

Јавниот радиодифузен сервис, како и телевизиите кои ќе објавуваат платено политичко рекламирање, со законските измени од март 2024 имаат обврска да ги објавуваат содржините поврзани со изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, најмалку еднаш, во периодот од 16:00 до 24:00 часот.

37 „Службен весник на Република Северна Македонија", Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 58/2024.

38 Изборен законик пречистен текст), Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1yOTG7wVUyNoUk1_AkIYrNbD4gHQWzS5y/view (последна посета: 9 септември 2025).

Дополнително, членот 75 ги обврзува давателите на услуги, пред почетокот на изборната кампања, да достават распоред до Агенцијата за аудио и аудио-визуелни услуги (АВМУ) за тоа кое издание на вести и кои други содржини ќе ги емитуваат во формат достапен за лицата со попреченост, а АВМУ тоа да го објави на својата веб-страница.

### Набљудување на изборите[39]

Право за набљудување на изборите имаат акредитирани набљудувачи, при што овластувањето го издава ДИК. Акредитација за набљудувачи може да добијат домашни и странски граѓански организации кои се регистрирани барем една година пред одржувањето на изборите, а во својот статут го имаат вградено начелото за заштита на човековите права. Претставници на странски земји, исто така, можат да ги набљудуваат изборите. Овластени претставници на подносителите на листите имаат право да определат нивен претставник кој ќе ја следи работата на изборните органи.

Повеќе информации за македонскиот изборен систем и изборните правила во контекст на локалните избори може да погледнете во „Прирачникот за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година[40]."

39 КАС, ИДСЦС, „Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година", второ дополнето издание. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/12/belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf (последна посета: 15 септември 2025).

40 КАС, ИДСЦС, „Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година", второ дополнето издание. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/12/belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf version.pdf(последна посета: 24 септември 2025).

3

# Политички партии, коалиции и независни движења

# 3. Политички партии, коалиции и независни движења[41]

## 1. Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ [42]

**ВМРО-ДПМНЕ** е партија која се декларира како народна партија десно од центарот, со идеолошка демохристијанска провиниенција. Од осамостојувањето до денес, ВМРО-ДПМНЕ е една од двете најголеми партии во земјата. Учествувала на речиси сите парламентарни и локални избори, со исклучок на парламентарните избори во 1994 година кога го бојкотира вториот круг. На претходните локални избори одржани 2021 година, ВМРО-ДПМНЕ со својата коалиција номинираа 63 кандидати за градоначалници и листи за советници (односно 1260 кандидати за советници), а освоија победа со 42 градоначалнички и 469 советнички места. Во 2024 година гласачите гласаа на двојните избори – редовни парламентарни и претседателски. На овие избори, ВМРО-ДПМНЕ со коалицијата „Твоја Македонија“ освоија 58 пратенички места, или 14 мандати повеќе од претходниот парламентарен состав. Победа издвојуваа и на претседателските избори, каде со 561 000 гласови, односно 65,14 % од гласовите во вториот круг победи нивната кандидатка за претседател на државата, Гордана Сиљановска Давкова.

Од основањето до 2003 година претседател на ВМРО-ДПМНЕ е Љубчо Георгиевски. На партискиот Конгрес во мај 2003 година Георгиевски поднесува оставка, а на негово место е избран Никола Груевски. Груевски ја води партијата до декември 2017, кога поднесува оставка од функцијата, која е прифатена од Централниот комитет. На 16. вонреден Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, одржан во декември 2017 година, за претседател на партијата е избран Христијан Мицковски. Во 2021 беше одржан 17. Конгрес, каде Христијан Мицковски е реизбран за претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

41 Логоата на партиите се преземени од интернет-страниците на соодветните партии. За сите логоа и фотографии како извор е користен интернет.
42 Редоследот на учесниците на изборите е по азбучен ред, започнувајќи со коалициите чии предводници се најголемите парламентарни групи.




На овие локални избори, под слоганот **„Вистинскиот избор. Твојот човек! Твоето место! За твојата иднина!“**, коалиција **„Твоја Македонија“** предводена од **ВМРО-ДПМНЕ** ќе настапи со 64 кандидати за градоначалници и листи за советници во 76 совети на општини и на Град Скопје. Коалицијата е составена од 25 политички субјекти: 1. ВМРО-ДПМНЕ; 2. Социјалистичка партија на Македонија; 3. Демократска партија на Србите во Македонија; 4. Демократски сојуз; 5. МААК; 6. Српска напредна странка во Македонија; 7. Бошњачка народна партија; 8. Демократски сили на Ромите; 9. ПОДЕМ; 10. Партија на Власите од Македонија; 11. ГЛАС за Македонија; 12. Нова либерална партија; 13. СДУ; 14. Роми обединети од Македонија; 15. Работничко земјоделска партија на Република Македонија; 16. Обединета партија за еднаквост на Ромите; 17. Достоинство; 18. ТМРО; 19. Обединети за Македонија; 20. Македонски концепт; 21. Партија на Хрватите во Македонија; 22. Демократски сојуз на Власите од Македонија; 23. Коалиција на Египќани; 24. Аднан Ќахил и група избирачи: и 25. Салко Куч и група избирачи.

**ВМРО-ДПМНЕ**
Плоштад ВМРО бр. 1 1000 Скопје
contact@vmro-dpmne.org.mk
www.vmro-dpmne.org.mk

### 2. Коалиција „Коалиција за локални избори 2025 година“ предводена од СДСМ

**Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ)** се декларира како партија лево од центарот, со социјалдемократска идеолошка провиниенција. Партијата е основана на Конгрес одржан на 21 април 1991 година, како правен наследник на Сојузот на комунистите на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП). Истата година партијата го менува името во СДСМ и идеологијата од комунистичка во социјалдемократска. СДСМ учествувала на сите парламентарни и локални избори од осамостојувањето до

денес. На претходните локални избори спроведени во 2021 година СДСМ ја доби власта во 16 од вкупно 80 општина и ја изгуби градоначалничката позиција на Град Скопје. На парламентарните избори во 2024 година, коалицијата „За европска иднина“ предводена од СДСМ добија 154 447 гласови (15,35 %) и обезбеди 18 мандати.

Истовремено, на претседателските избори одржани заедно со парламентарните, кандидатот на СДСМ, Стево Пендаровски, изгуби во вториот круг со 251 899 гласови (29,25 %) наспроти кандидатката на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Сиљановска Давкова, која освои 561 000 гласови (65,14 %).

Претседател на партијата од осамостојувањето на државата и трансформацијата од СКМ-ПДП во СДСМ во 1991, па сè до 2004 година е Бранко Црвенковски. Се повлекува од оваа позиција поради победата на вонредните претседателски избори во 2004 година и станува Претседател на државата.

На вонреден Конгрес на СДСМ во ноември 2004 за претседател е избран Владо Бучковски, кој ја води партијата до поразот на изборите во 2006. По изборите на Бучковски му е изгласана недоверба, а за лидер на партијата е избрана Радмила Шекеринска. На позицијата претседател на СДСМ Радмила Шекеринска се задржува до јуни 2008 година, кога поднесува неотповиклива оставка поради поразот на предвремените парламентарни избори. Во септември 2008 година на 8. Конгрес на партијата за в.д. претседател е избран Зоран Заев. Во 2009 година по истекувањето на претседателскиот мандат на партиски Конгрес повторно на чело на СДСМ се враќа Бранко Црвенковски.

Тој е партиски лидер до 2013 година, кога се повлекува од позицијата, а на негово место повторно е избран  Зоран Заев. Во 2021 година, на вонредните внатрепартиски избори, за претседател на партијата е избран Димитар Ковачевски.

По поразот на парламентарните избори во 2024 година, Димитар Ковачевски се повлекува од позицијата, и на негово место, на внатрепартиски избори одржани на 30 јуни 2024, е избран Венко Филипче. На следните внатрепартски избори, одржани на 6 април 2025, Венко Филипче е реизбран за претседател на СДСМ.

На овие локални избори, под слоганот **„Се бориме за нашиот дом“**, коалицијата **„Коалиција за локални избори 2025 година“** предводена од **СДСМ**, ќе настапи со 64 кандидати за градоначалници и листи за советници во 76 совети на општини и на Град Скопје. Коалицијата е составена од 9 политички партии: 1. Социјалдемократски сојуз на Македонија – СДСМ; 2. Нова социјалдемократска партија – НСДП; 3. ВМРО – Народна партија; 4. Партија на движење на Турците во Македонија – ПДТ; 5. Десница; 6. Партија за општествен и економски напредок – ПОЕН; 7. Странка на демократска акција на Македонија; 8. Партија за демократски просперитет на Ромите – ПДПР; и 9. Централна демократска унија – ЦДУ.

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**
ул. „Бихаќка“ бр.8 1000 Скопје
web@sdsm.org.mk
www.sdsm.org.mk

### 3. Коалиција „Национална алијанса за интеграција“ предводена од Демократска унија за интеграција (ДУИ)

**Демократската унија за интеграција (ДУИ)** е формирана од поранешните припадници на поранешната Ослободителна народна армија (ОНА), која го започна вооружениот конфликт во 2001 година. Идеолошки ДУИ се декларира како лево-центристичка партија која се залага за поголеми права на Албанците и за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Партијата е формирана во 2002 година, и од нејзиното основање до денес претседател на партијата е Али Ахмети. На претходните локални избори во 2021 година, ДУИ под слоганот „Изберете живот, гласајте зелено“, настапи со кандидати за градоначалници во 19 општини и советнички листи во 34 општини, а во Општина Чашка настапи заедно со Алијансата за Албанците. На редовните парламентарни избори, кои се одржаа на 8 мај 2024 година, коалицијата „Европски фронт“ предводена од ДУИ освои 137 690 гласови, односно 18 пратенички места. На претседателските избори во 2024, ДУИ го номинираше Бујар Османи за своја кандидат, кој во првиот

круг освои 120 811 гласови, односно 13,37 % од гласовите, и не влезе во вториот круг на гласање.

На локалните избори во 2025 година коалицијата **„Национална алијанса за интеграција (НАИ)“** предводена од ДУИ, ќе настапи под слоганот **„Заедно. Да ја направиме промената!“** Дел од оваа коалиција се и политичките партии: Европска демократска партија, Народно движење, Алијанса за Албанците (Зијадин Села), Движењето на Турците на Македонија за правда и демократија и Унија на Ромите. Коалицијата НАИ на изборите ќе настапи со 23 кандидати за градоначалници и 34 листи со кандидати за општински советници.

**Демократска унија за интеграција**
ул. „Мала Речица“ 1200 Тетово
press@bdi.mk
bdi.mk

### 4. Коалиција „Вреди“ (ВЛЕН)

Во составот на **коалицијата „Вреди“** се вклучени политичките партии Алтернатива, Движење Беса и Демократско движење.

**Алтернатива** е политичка партија која во идеолошкиот спектар е дефинирана како центар-десно. Партијата е формирана во 2019 година. Централното собрание за прв претседател го назначува Африм Гаши. Партијата потекнува од поранешни членови на Движењето Беса, кои ја формираа партијата по лошите резултати на локалните избори во 2017 година. Политичката програма се потпира на четири главни столба: Развој, Интеграција, Отворен дијалог и Правда.

**Движење Беса** е политичка партија основана во 2014 година. Претседател на партијата е Биљал Касами. На парламентарните избори во 2016 година „Беса“ освои пет пратеници, со што стана втора најголема партија од албанскиот политички блок во Собранието. На парламентарните избори во 2020 година партијата учествувала во коалиција предводена од СДСМ и освои 4 пратенички мандати.

**Демократско движење** е политичка партија формирана од страна на поддржувачите на Изет Меџити од таканаречената „Огнена група“ од ДУИ. Поради внатрешни несогласувања и револт кон партијата, Демократското движење се отцепи и почна да дејствува самостојно од 2023 година. Почитување на човековите права, владеење на правото, унапредување на правата и статусот на Албанците и постигнување економска благосостојба се само неколку од основните вредности за кои се залага Демократското движење.

**Коалицијата „Вреди“** на парламентарните избори во 2024 година освојува 106 937 гласови, односно 14 пратенички места. На претседателските избори, одржани паралелно со парламентарните во 2024 година, коалицијата „Вреди“ настапи со Арбен Таравари како свој претседателски кандидат. Тој во првиот изборен круг освои 83 337 гласови (9,20 %), што не беше доволно за пласман во вториот круг на изборите.




Под мотото „Еден глас“, коалицијата „Вреди“ ќе учествува на локалните избори во 2025 година со 20 кандидати за градоначалници и 28 советнички листи во различни општини. Коалицијата „Вреди“ е формирана во 2024 година, непосредно пред парламентарните избори, како сојуз на четири политички партии, трите актуелни членки и политичкото крило на Арбен Таравари од партијата Алијанса за Албанците. На почетокот на 2025 година ова крило ја напушта коалицијата.

**Алтернатива**
бул. „Крсте Петков Мисирков“ бр. 11/1, 68а, 1000 Скопје
kontakt@alternativa.mk
https://alternativa.org.mk/

**Движење Беса**
ул. „Христијан Тодоровски - Карпош“, бр. 84а, 1000 Скопје
kontakt@levizjabesa.mk
https://www.levizjabesa.mk/

**Демократско движење**
бул. „Гоце Делчев“, бр. 10, 1000 Скопје
info@levizjademokratike.mk
https://levizjademokratike.mk/

### 5. Коалиција „Искуство за успех“

**Коалицијата „Искуство за успех“** е изборна коалиција составена од Либерално-демократската партија (ЛДП), Граѓанската опција за Македонија (ГРОМ), Интегра – Македонска конзервативна партија и Партијата за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР).

**Либерално-демократската партија (ЛДП)** претставува политичка партија со либерална ориентација. Таа е формирана на 19 април 1997 година со обединување на Демократската и Либералната партија, со што ја наследува нивната правна и политичка традиција. Прв претседател на новоформираната партија бил Петар Гошев, дотогашен лидер на Демократската партија. Актуелна претседателка на партијата е Моника Зајкова.

На локалните избори во 2021 година, ЛДП настапи во рамките на коалицијата „Одлучно за промени“, формирана заедно со Демократска обнова на Македонија (ДОМ). Од вкупно 19 кандидати за градоначалници и 48 советнички листи со кои се претстави оваа коалиција, на изборите во 2021 освоија едно градоначалничко и 29 советнички места. На парламентарните избори во 2024 година беа дел од коалицијата „За европска иднина“, коалиција предводена од

СДСМ, составена од 15 политички партии. На овие избори „За европска иднина“ освои 18 пратенички места.

**Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ)** е политичка партија која е основана во 2013 година. Претседател на партијата е Стевчо Јакимовски. Начелата на ГРОМ се засноваат на изворните принципи за демократско живеење: слобода на личен избор и создавање поправедно општество за секој граѓанин. На локалните избори во 2021 година ГРОМ освои едно градоначалничко и две советнички места. На парламентарните избори во 2024 година ГРОМ ја предводеше коалицијата „Храбро за Македонија“, од која дел беа и ИНТЕГРА – Македонска конзервативна партија и Партијата за целосна еманципација на Ромите од Република Северна Македонија (ПЦЕР). Оваа коалиција освои 4 522 гласови (0,45 %), што не беа доволни за да обезбеди пратеничко место.

**Интегра** е македонска конзервативна политичка партија со демохристијанска идеологија со десничарска ориентација. Регистрирана е во 2019 година, а претседател на партијата е Љупчо Ристовски. Основните заложби ѝ се враќање на основните човекови вредности, материјална благосостојба и квалитет на животот и чување на македонскиот национален идентитет.

На претходните локални избори, одржани 2021 година, партијата настапи самостојно со свои кандидати за градоначалник во 10 општини и Град Скопје и советничка листа во 16 општини и Град Скопје, но не освои ниту едно градоначалничко ниту советничко место. На парламентарните избори во 2024 година настапуваше во рамките на коалицијата „Храбро за Македонија“, заедно со ГРОМ и ПЦЕР, но не обезбедија пратеничко место.

**Партијата за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР)** е политичка партија која ги претставува интересите на ромската заедница во Република Северна Македонија. Основана е на 12 август 1990 година од страна на Фаик Абди. Актуелен претседател на партијата е Самка Ибраимовски.

На локалните избори во 2021 година настапува како дел од коалицијата „Најдоброто за нашата општина", предводена од СДСМ. На парламентарните избори во 2024 настапуваше како дел од коалицијата „Храбро за Македонија", заедно со ГРОМ и Интегра, но не обезбеди пратеничко место.

**Коалицијата „Искуство за успех"** под мотото „Повеќе резултати, помалку изговори" на локалните избори ќе настапи со 10 кандидати за градоначалници и 36 советнички листи.

**Либерално-демократската партија (ЛДП)**
ул. „Васил Главинов" бр. 14-1/7, 1000 Скопје
office@ldp.mk
https://ldp.mk/

**Граѓанска опција за Македонија**
ул. „Прашка" бр. 21, 1000 Скопје
info@grom.mk
https://grom.mk/

**Интегра**
ул. „Методија Шаторов - Шарло", бр. 1-3/11, 1000 Скопје
contact@integra.org.mk
https://integra.org.mk/

**Партијата за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР)**
ул. „Иво Лола Рибар“, бр. ББ, 1200 Тетово
pol.partija_pcer@yahoo.com

### 6. Коалиција „За зелена иднина“ предводена од Демократска обнова на Македонија

**Коалицијата „За зелена иднина“** е изборна коалиција предводена од Демократска обнова на Македонија (ДОМ), во соработка со Движењето за демократија, права и слобода (ДПС) и локални граѓански иницијативи.

**Демократска обнова на Македонија (ДОМ)** е формирана во 2006 година. На парламентарните избори во 2006 година ДОМ настапи самостојно со слоган „Да се остане човек“ и успеа да има еден пратеник, иако во следните избори се интегрираше и дејствуваше преку коалиции. Претседателка на партијата од нејзиното основање до 2018 година е Лилјана Поповска. На 4. Конгрес на партијата за нова претседателка е избрана Маја Морачанин, која сѐ уште е на истата функција.

На локалните избори во 2021 година ДОМ настапи во рамките на коалицијата „Одлучно за промени“, формирана заедно со Либерално-демократската партија (ЛДП). Од вкупно 19 кандидати за градоначалници и 48 советнички листи со кои се претстави оваа коалиција, на изборите во 2021 освоија едно градоначалничко и 29 советнички места. На парламентарните избори во 2024 година, беа дел од коалицијата „За европска иднина“, коалиција предводена од СДСМ, составена од 15 политички партии. На овие избори „За европска иднина“ освои 18 пратенички места.

**Движењето за демократија, права, слобода (ДПС)** е политичка партија основана во 2021 година. На основачкото собрание одржано во Битола за нејзин претседател е избран Един Јакуповиќ. На локалните избори во 2021 оваа партија настапи самостојно со своја советничка листа во Студеничани и со свој кандидат за градоначалник во Општина Тетово, и освои едно советничко место.

**Коалицијата „За зелена иднина“** е формирана во септември 2025 година под мотото „Зелена, праведна и европска иднина“, со цел да промовира одржлив развој, заштита на животната средина и поголема транспарентност на локално ниво. На овие локални избори ќе настапи со 12 листи за совет на општини и град Скопје.

**Демократска обнова на Македонија (ДОМ)**
ул. „Даме Груев“, бр. 5, 1000 Скопје
dommakedonija@yahoo.com
https://dom.org.mk/

**Движењето за демократија, права, слобода (ДПС)**
ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“, бр. 74, 1000 Скопје
infodps.org@gmail.com
https://www.facebook.com/DemokratijaPravaSlobodaDPS

## Политички партии учесници на изборите:

### 1. Бошњачки демократски сојуз (БДС)

**Бошњачкиот демократски сојуз** е партија основана на 1 март 2018 година на идеолошки принципи десно од центарот, а нејзин претседател е Мунир Колашинац. На парламентарните избори во 2024 година настапи во коалицијата „Европски фронт“ предводена од ДУИ. На овие избори партијата настапува самостојно со свој кандидат за градоначалник во Општина Шуто Оризари. Исто така, настапува и со свои кандидати за советници во 7 општини и Градот Скопје.

**Бошњачки демократски сојуз (БДС)**
bosnjackidemokratskisavez@gmail.com
https://www.facebook.com/bds.org.mk/

## 2. ВМРО-Народна партија

**ВМРО-Народна партија** е формирана на 4 јули 2004 година во Скопје, од поранешниот премиер Љубчо Георгиевски. Идеолошки, оваа партија е позиционирана центар-десно, промовирајќи ги демократските, конзервативните и демохристијанските принципи. Во претходните изборни циклуси партијата настапуваше во коалициите предводени од СДСМ. На овие избори партијата самостојно настапува со кандидат за градоначалник во Општина Тетово, додека во останатите општини настапува како дел од коалицијата предводена од СДСМ.

**ВМРО-Народна партија**
contact@vmro-np.org.mk
https://www.facebook.com/vmronarodnapartija/

## 3. Политичка партија Граѓанска иницијатива – ГРИН

**Граѓанска иницијатива „ГРИН“** е политичка партија-иницијатива во Северна Македонија основана на 10 септември 2025 година, со седиште во Скопје. Иницијативата се претставува како нова, граѓанска платформа која обединува професионалци и активисти, и која настапува на локалните избори со акцент на транспарентност, вклучување на граѓаните во донесување одлуки, развој на инфраструктура, здравство и образование, и борба против партизација на јавните функции. На овие дебитантски избори настапуваат со кандидат за градоначалник во Општина Росоман, како и со советнички листи во 9 општини.

**Политичка партија Граѓанска иницијатива - ГРИН**
gragjanskainicijativa.grin@gmail.com

### 4. Движење ЗНАМ

**Движење ЗНАМ – За наша Македонија** е политичка партија со левичарска идеологија. Партијата настанува од движењето што произлезе од незадоволното членство на СДСМ, кое предводено од тогашниот пратеник Димитриевски самостојно учествувало на локалните избори во 2021 година под мотото „За наше Куманово". Со победата на кандидатот за градоначалник, Максим Димитриевски, граѓанското движење прераснало во политичка партија. На 9 октомври 2023 година се одржува основачки Конгрес, каде за претседател на партијата е именуван актуелниот градоначалник на Куманово и кандидат за претседател на државата на претседателските избори во 2024 година, Максим Димитриевски. На парламентарните избори во 2024 година партијата настапи самостојно и обезбеди шест пратенички места. На претседателските избори, одржани истовремено со парламентарните, партијата го номинираше Максим Димитриевски за свој кандидат; тој во првиот круг освои 83 856 гласови (9,26 %), но не се пласира во вториот круг. На локалните избори 2025, партијата настапува самостојно, со кандидати за градоначалници во две општини, Куманово и Центар, и со кандидати за советници во повеќе од 50 општини.

**Движење ЗНАМ – За наша Македонија**
ул. „Св. Кирил и Методиј", бр.50/1-1, 1000 Скопје
contact@dvizenjeznam.org.mk
https://dvizenjeznam.org.mk/

### 5. Демократска партија на Ромите

**Демократска партија на Ромите** е основана во 2013 година, претседател на партијата е Миљазим Сакипов. Настапува во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ на минатите локални избори во 2021 и 2017 година, и на сите парламентарни изборни циклуси од 2014, до 2024 година, додека на локалните избори 2025 настапува самостојно со советничка листа во Општина Ранковце.

**Демократска партија на Ромите**
ул. „383“, бр. 24, 1000 Скопје
dprpart1@gmail.com
https://www.facebook.com/profile.php?id=100064274460538

## 6. Демократска партија на Турците на Македонија

**Демократската партија на Турците на Македонија (ДПТМ)** е политичка партија која ги претставува етничките Турци во Република Северна Македонија. Партијата е предводена од Бејкан Илјас. За локалните избори 2021 година Демократската партија на Турците предложи 5 кандидати за градоначалник во Врапчиште, Долнени, Конче, Пласница и Центар Жупа, дополнително со своја листа на советници во 15 општини. Во другите општини партијата настапува во коалиција со СДСМ. На овие избори партијата освои 17 советнички места. На парламентарните избори во 2024 година Демократската партија на Турците настапи како дел од коалицијата „Европски фронт“, предводена од ДУИ, кога заедно со шест останати коалициони партнери  освоија 18 пратенички места. На локалните избори во 2025, ДПТМ ќе учествува со кандидати за градоначалници во три општини, а во 24 општини ќе настапи со сопствени советнички листи. Во општините каде што нема свои градоначалнички кандидати, партијата ќе ги поддржи претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, во согласност со  постигнатиот стратешки договор за заемна поддршка.

**Демократска партија на Турците на Македонија**
ул. „Стив Наумов“, бр.1, 1000 Скопје
info@tdp.org.mk
https://tdp.org.mk/

## 7. Демократски сили на Ромите

**Демократски сили на Ромите** е политичка партија основана во 2006 година. Претседател на партијата е Шабан Салиу. Партијата учествува во коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ на четири парламентарни избори во 2006, 2011, 2014 и 2016 година. Партијата имала едно пратеничко место во Собранието во периодот помеѓу 2006 и 2008 година. На парламентарните избори во 2020 година партијата учествува во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ. На локалните избори во 2021 година настапува во коалиција со Народна партија на Ромите со еден кандидат за градоначалник и советничка листа во општина Шуто Оризари и освојува едно советничко место. На локалните избори во 2025 година партијата повторно настапува во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ која настапува со 64 кандидати за градоначалници и листи за советници во 76 совети на општини и на Град Скопје.

**Демократски сили на Ромите**
ул. „Индира Ганди", бр. 56, 1000 Скопје
contact@dsr.com.mk
https://dsr.com.mk/

## 8. Единствена Македонија

**Единствена Македонија** е политичка партија основана во 2002 година под името „Народно движење за Македонија". Во 2018 година Централниот комитет на партијата одлучува да го промени името во „Единствена Македонија", како и целосна промена на политиките на партијата во однос на евроинтеграцискиот процес. Партијата дејствува со отворен евроатлански скептицизам, а во согласност со својот Статут се залага за членство во Евроазиската економска унија и стратешко партнерство со Русија. Нејзин кооснովач и претседател е Јанко Бачев. На претходните локални избори во 2021 година обезбедува едно советничко место. На парламентарните

избори во 2024  настапува самостојно со кандидатски листи во пет изборни единици, но не успева да освои пратеничко место.

**Единствена Македонија**
ул. „Даме Груев“, бр.10, 1000 Скопје
press@edinstvenamakedonija.mk
https://edinstvenamakedonija.mk/

## 9. Левица

Политичката партија **Левица** е основана во 2015 година. Статутарно, партијата има изразено левичарска идеологија и се залага за левичарски вредности, меѓу кои антикапитализам, антинационализам, антимилитаризам и антиклерикализам и антиконзервативизам. Во фокусот на партијата се работничките и основните човекови права, а како партија се залага, пред сѐ, за сиромашните, непривилегираните, маргинализираните, обесправените. Иницијативата за формирање на Левица потекнала од членови на Движењето за социјална правда „Ленка“, членови на левичарското движење „Солидарност“, членови на Комунистичката партија на Македонија, синдикалци, активисти и поединци левичари. До 2019 година Левица има колективно претседателство, Президиум, составен од седум члена со императивен мандат. На редовно заседание на Пленумот на политичката партија Левица се носи нов партиски статут со кој е направена промена во организациската структура, каде се воведува и позиција претседател со мандат од четири години. Актуелен претседател на Левица е Димитар Апасиев. На претходните локални избори 2021 година  Левица поднесе свои кандидатски листи за избор на градоначалник во 8 општини, како и кандидатски листи за советници во 37 општини и Град Скопје, и освои 49 советнички места. На парламентарните избори во 2024 година настапи самостојно и освои шест пратенички мандати. На претседателските избори одржани паралелно со парламентарните во 2024 година, Левица ја кандидираше Билјана Ванковска Цветковска за претседателската функција. Таа во првиот изборен круг освои 41 331 глас (4,56 %), но не се пласира во вториот круг. На локалните избори во 2024 година партијата номинира 20 кандидати за градоначалници, и има свои кандидатски листи за советници во 54 општини.

**Политичка партија Левица**
ул. „Гане Тодоровски“, бр, 24/1-1, 1000 Скопје
contact@levica.mk
https://levica.mk/

### 10. Македонска ера трета / Македонски независни листи - Суверенисти

Политичката партија **„Македонска ера трета/Македонски независни листи – Суверенисти“** е формирана во 2020 година, и се залага за заштита на националните македонски интереси и за ослободување на државата од глобалистичкото ропство. Претседател на оваа партија е Горан Тасковски. Седиштето на партијата се наоѓа во Битола.

На локалните избори во 2025 година оваа партија ќе настапи со свои листи за советници во Град Скопје, Битола, Прилеп, Кичево, Новаци и Куманово, како и со 4 кандидатири за градоначалник за Град Скопје, Битола, Новаци и Прилеп.

**Македонска ера трета / Суверенисти**
ул. „Климент Охридски - Широк Сокак“, бр. ББ, 7000 Битола
https://www.facebook.com/makedonskinezavisnilistiE3/?locale=mk_MK

### 11. Партија за движење на Турците во Македонија

**Партија за движење на Турците во Македонија (ПДТ)** — е политичка партија основана во 1992 година. Партијата повеќе од една деценија на сите избори учествува во коалициите предводени од СДСМ. На овие избори настапуваат со свој кандидат за градоначалник во Општина Центар Жупа, како и со кандидатски листи за советници во Центар Жупа и Пласница. Во останатите општини настапува како дел од Коалицијата за локални избори 2025 година предводена од СДСМ.

**Партија за движење на Турците во Македонија**
www.thp.mk
thpmakedonya@yahoo.com

## 12. Српска странка во Македонија




Политичката партија **„Српска странка во Македонија“** (ССМ) е партија на Србите во РСМ, формирана на 12 март 2014 година. Претседател на оваа партија е Мирослав Јовановиќ. Седиштето на ССМ е во Куманово.

На локалните избори во 2025 година оваа партија ќе настапи со своја советничка листа и кандидат за градоначалник во Старо Нагоричане.

**Српска странка во Македонија**
ул. „Ѓорче Петров“, бр.12, 1300 Куманово
srpskastrankavomk@hotmail.com
https://ssm.mk/

## 13. Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ)




**Движењето за национално единство на Турците (ДНЕТ)** е една од политичките партии кои ги застапуваат правата на турското малцинство во Република Северна Македонија. Идеолошки, оваа политичка партија е позиционирана во центарот. Претседател на партијата е Ердоган Сарач. Партијата за прв пат учествувала на парламентарните избори во 2006. На локалните избори во 2021 ДНЕТ настапува во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, додека надвор од коалицијата партијата има свој кандидат за градоначалник во Центар Жупа, и кандидати за советници во пет општини каде освојува две советнички места. На парламентарните настапува во рамките на коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ, коалиција која на изборите освојува 58 пратенички мандати. На локалните избори во 2025 ДНЕТ настапуваат самостојно.

**Движењето за национално единство на Турците (ДНЕТ)**
ул. „Мајор Чеде Филипоски“, бр. 96, 1230 Гостивар
tmbh-2006@t.mk
https://tmbh.org.mk/

### 14. Демократи

Партијата **Демократи** е основана во 2018, а на Основачкото собрание за претседател на партијата е избран Јорго Огненовски. Партијата се залага за демократски вредности и почитување на основните човекови права, меѓу кои и гласање и изјаснување на избори или референдуми и почитување на волјата на граѓаните. На локалните избори во 2021 година настапува самостојно со 6 кандидати за градоначалник во општините Битола, Долнени, Струга, Ѓорче Петров, Центар и Град Скопје и со 10 кандидатски листи за совет на општини, без победник меѓу кандидатите. На парламентарните избори во 2024 година настапува во свои кандидатски листи во сите шест изборни единици, но не успева да освои пратеничко место. На овие локални избори, излегуваат со 11 кандидати за градоначалници и со 6 листи на кандидати за советници.

**Политичка партија Демократи**
ул. „Борис Трајковски“, бр. 24-1/2, 1000 Скопје
contact@demokrati.mk
https://demokrati.mk

### 15. Работничка партија

**Работничка партија** е основана во 2013 година. Партијата се залага за намалување на бројот на министерства и општини, бирање на судии преку непосредни избори, децентрализација и зголемување на надлежностите на локалната самоуправа и друго. Претседател и основач на партијата е Горан Зафировски. Партијата има учествувано во два парламентарни изборни циклуси во 2014 и 2016 година

и тоа преку учество во коалиции. На парламентарните избори во 2024 година партијата настапува самостојно, но не постигнува значителни резултати. На локалните избори во 2025 година Работничка партија повторно настапува самостојно со советничка листа во 3 општини и Град Скопје, а во изборот на градоначалник учествува во 4 општини и Град Скопје.

**Работничка партија**
ул. „Антон Попов“, бр. 103-б, 1000 Скопје
rabotnicka_partija@yahoo.com
https://rabotnickapartija.org.mk/

### 16. Родина Македонија

Партијата **Родина Македонија** е основана во 2019 година и е раководена од Претседателство како колективно раководно тело. Статутарно, партијата е против членство на земјата во Европската Унија, а се залага и за иступување од НАТО алијансата, притоа залагајќи се за пристапување кон Евроазиската економска унија и БРИКС, како и стратешко партнерство со Русија.

Претседавач на Претседателството е Зоран Јованчев. Партијата Родина на парламентарните избори во 2024 година настапи во сите шест изборни единици со кандидатски листи и освои незначителен број на гласови. На минатите локални избори во 2021 година партијата самостојно настапи со советничка листа во 9 општини и Град Скопје, а со кандидати за градоначалници настапи во 2 општини и Град Скопје. На локалните избори во 2025 година Родина Македонија повторно настапува самостојно со советничка листа во Општина Конче и Град Скопје, а во изборот за градоначалник учествува во Гевгелија, Сопиште и Град Скопје.

**Родина Македонија**
ул. „Никола Парапунов“, бр. 3А/52, 1000 Скопје
organizacija@rodina.org.mk
https://rodina.org.mk

## 17. Сојуз на Ромите од Македонија

**Сојуз на Ромите од Македонија** е политичка партија формирана во 1996 година и нејзина основна цел е заштитата на правата на Ромите во Република Северна Македонија. На политичката сцена во РСМ партијата е позната по нејзиниот основач, покојниот Амди Бајрам, кој беше и пратеник во неколку пратенички состави.

На локалните избори во 2025 година оваа партија ќе настапи со своја советничка листа и кандидат за градоначалник во Шуто Оризари.

**Сојуз на Ромите од Македонија**
ул. „Вашингтонска“, бр.67, 1000 Скопје
sojuznaromite@gmail.com
https://www.facebook.com/p/Sojuz-na-Romite-SRM-100068890570364/

## 18. Твоја партија

**Твоја партија** е основана во 2020 година, а едни од основачите се адвокатот Александар Тортевски и професорката Мирјана Најчевска. Во согласност со статутот на партијата, „Твоја“ е демократска партија чијашто дејност се базира на комбинирање на политиките за општествена промена со политиките за решавање на големите еколошки проблеми во национални и меѓународни рамки, а со цел креирање праведно, фер и одржливо општество. На локалните избори во 2025 година „Твоја“ партија поднесе листи за советници во Град Скопје и Кавадарци и една кандидатура за градоначалник на Град Скопје.

**Твоја партија**
ул. „Македонија“, бр. 25-1/6, 1000 Скопје
contact@tvoja.org.mk
https://tvoja.org.mk/

## 19. Трајно македонско радикално обединување (ТМРО)

**Трајно македонско радикално обединување (ТМРО)** е политичка партија основана во 2002 година. Идеолошки, партијата има десна ориентација, промовирајќи вредности над конзервативизам и македонски патриотизам разбирајќи ја државата како национална држава на македонскиот народ. Претседател и основач на партијата е Ванчо Шехтански. На парламентарните избори во 2006 и 2008 година партијата постигнува незначителни резултати. На парламентарните избори во 2011 година партијата станува дел од коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ, со која настапува и на изборите во 2014 и 2016 година. На локалните избори во 2017 ТМРО настапи самостојно, со свои кандидати за градоначалници во Општина Кавадарци и Град Скопје, додека на локалните избори во 2021 ТМРО настапи самостојно со своја советничка листа во 16 општини и Град Скопје, а во изборот за градоначалник учествува во 8 општини и Град Скопје.

На локалните избори во 2025 година, ТМРО повторно настапува самостојно со советничка листа во речиси двојно помалку општини (9) и Градот Скопје, а во изборот за градоначалник учествува во 3 општини и Град Скопје.

**Трајно македонско радикално обединување**
ул. „Булевар Јане Сандански“, бр. 67, 1000 Скопје

## 20. Унија на Роми – Скопје

**Унија на Роми Скопје** е новоформирана партија, која функционира од 25 август 2025 година. На локалните избори ќе настапи со две советнички листи за Град Скопје и Општина Шуто Оризари.

**Унија на Роми Скопје**
ул. „Мелничка“, бр.32, 1000 Скопје
unijanaromi@gmail.com
https://www.facebook.com/profile.php?id=61555689587174

**Независни движења учесници на изборите:**

На претходните локални избори во 2021 година карактеристично беше значителното зголемено учество на независни листи и кандидати за градоначалници во повеќето општини и Градот Скопје. Независните кандидати, често во форма на независно движење, освоија 67 советнички мандати. Движењето „За наше Куманово“, кое подоцна прерасна во политичката партија ЗНАМ, освои 8 советнички места и еден градоначалник во Општина Куманово. Граѓанската иницијатива „Шанса за Центар“ освои 3 мандати во Општина Центар. Иницијативата „Поинаку“ од Битола на изборите освои 3 советнички места, а носителката на листа е и актуелна претседателка на Советот во Општина Битола. Граѓанската иницијативата „Стига е“ која настапи со свои советнички листи во Струмица, Босилово и Ново Село, освои 3 мандати, „За заштита на Карпош“ освои 2 советнички мандати во Советот на Општина Карпош, и движењето „Зелен хуман град“ освои 2 мандати во Советот на Град Скопје. Иницијативата „Подобро за Тетово“ освои два советника, а „Заедно за Дебрца“ освои градоначалничко и едно советничко место во Советот на Општина Дебрца. Останатите 43 места припаднаа на останати независни листи.

Нивните програми и дејствување  во изминатите 4 години во најголем дел се фокусирани на локални проблеми и политики, најчесто во областа на зелените политики, контролираната урбанизација, транспарентност и отчетност во управувањето со општините. Промоцијата на нивната работа најчесто се одвива преку социјалните мрежи, а некои од нив имаат и сопствени веб-страници.

И на локалните избори во 2025 година независните движења учествуваат во повеќето општини и Градот Скопје. Според податоците на ДИК, група избирачи дале поддршка на 56 независни кандидати за градоначалници и 67 независни кандидатски листи за членови на совет.

4

# Преглед на кандидати за градоначалници

# 4. Преглед на кандидати за градоначалници [43]

Во овој дел се претставени кандидатите за градоначалници на локалните избори во 2025 година. Номинираните лица во 29 општини и Градот Скопје44 се претставени со своите биографии и фотографии[45], додека кандидатите во останатите општини се наведени само со своите имиња и презимиња, како и со подносителот на кандидатурата. Во опширниот преглед се опфатени само поголемите општини кои се лоцирани во урбаните средини, вклучувајќи ги и сите општини во рамки на Градот Скопје. Критериуми за вклучување на општините во овој прирачник беа: урбаниот статус, бројот на жители (при што се вклучени поголемите), етничката структура на населението (при што се водеше сметка да се вклучат што повеќе мултиетнички општини) и бројот на номинирани кандидати за градоначалници.

**Град Скопје**

| | |
|---|---|
| Површина | 1854 км$^2$ |
| Број на жители | 526 502 |
| Етничка структура на население | Македонци (58,71 %)<br>Албанци (22,85 %)<br>Роми (3,51 %)<br>Срби (1,80 %)<br>Турци (1,62 %) |
| Број на членови на совет | 45 |
| Буџет за 2025 година | 7 061 757 000 |
| Адреса | бул. „Илинден“ бр. 82 Скопје |
| Телефон | 02/3297 204 |
| Веб-страница | http://www.skopje.gov.mk |

43 За сите фотографии како извор се користени официјалните веб-страници на партиите и официјалните кандидатски профили на социјалните мрежи.
44 Претставувањето на кандидатите за градоначалници во 29 општини и Градот Скопје е според азбучен ред на првата буква од презимето на кандидатите.
45 Поради недостиг на информации, кај одредени кандидати не се наведени биографии и/или фотографии. Прегледот на кандидати за градоначалници се повикува на објавените кандидати од страна на Државната изборна комисија. Официјалната листа е достапна на https://candidatelist.sec.mk/

## Кандидати за градоначалник на Град Скопје



**Башким Бакиу** (ВЛЕН) е директор на Дирекцијата за општи услуги во Универзитетскиот клинички центар – Скопје. Тој е основач на Институтот за истражување на политики и добро владеење (ИПДВ) и раководел со Истражувачкиот центар на Алијанса за Албанците. Бакиу има десетгодишно работно искуство во невладиниот сектор и работел како консултант во Министерството за локална самоуправа и Министерството за правда. Тој завршил додипломски студии по политички науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, а магистрирал преку заедничка програма на универзитетите Тренто, Корвиниус и Универзитетот во Љубљана.



**Орце Ѓорѓиевски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е градоначалник на Општина Кисела Вода од 2021 година. Пред тоа, во периодот од 2017 до 2021 година, бил советник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ во Советот на Општина Кисела Вода. Ѓорѓиевски има професионално искуство во приватниот сектор и бил активен во високите партиски структури на ВМРО-ДПМНЕ. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан I“, Оддел за политички студии, и магистрирал во областа на менаџмент на човечки ресурси.



**Горан Марковски** (поддржан од Независни заедно) е професор и декан на Градежниот факултет во Скопје. Дипломирал, магистрирал и докторирал на Градежниот факултет – Скопје при УКИМ.




**Амар Мециновиќ** (Левица) е актуелен пратеник во Собранието од 2024 година, член на Президиумот и портпарол на Левица, одговорен за комуникација со јавноста. Од 2022 до 2024 година бил член на Советот на Град Скопје. Мециновиќ има дипломирано на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во насоката политички науки.



**Скендер Рецепи** (ДУИ и коалиција) е актуелен пратеник во втор мандат во Собранието на Република Северна Македонија. Во минатото бил координатор на пратеничката група на Алтернатива / Алијанса за Албанците, а во 2023 година ја формирал сопствената партија Движење попули. Завршил Филозофски факултет.



**Александар Тортевски** (Твоја партија), адвокат и основач на политичката партија „Твоја партија".



**Александар Трајановски** (Коалиција „Искуство за успех“), член на Советот во Град Скопје во два последователни мандати (2017 – 2025) и доскорашен заменик-градоначалник на Град Скопје.




**Каја Шукова** (СДСМ и коалиција) ја вршела должноста министер за животна средина на Република Северна Македонија од 2023 до 2024 година. Пред тоа, таа била државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање. Шукова дипломирала на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со клучни квалификации во управување со животната средина, одржлив развој и заштита на воздухот, водите, почвите и природните ресурси од загадување.

**Останати кандидати:**

1. Срџан Амет – Унија на Роми Скопје
2. Вангел Божиноски – Родина Македонија
3. Демир Исмаил – Сојуз на Роми
4. Зоран Јованоски – Единствена Македонија
5. Владимир Куновски – Работничка партија
6. Сашо Маневски – Група избирачи Сашо Маневски
7. Драган Николовски – Група избирачи Драган Николовски
8. Александар Рашковиќ – ТМРО

**Општина Аеродром**

| | |
|---|---|
| Површина | 20 км$^2$ |
| Број на жители | 77 735 |
| Етничка структура на население | Македонци (85,22 %)<br>Срби (2,77 %)<br>Албанци (1,09 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2025 година | 1 530 128 000 |
| Адреса | бул. „Јане Сандански“ бр. 109б<br>Скопје |
| Телефон | 02/2400 970 |
| Веб-страница | http://www.aerodrom.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Аеродром




**Марјан Димитриев** (Левица), моментално ангажиран во регионална компанија за недвижности. Поранешно негово искуство опфаќа работа во банкарскиот сектор и консултантство за претприемништво и бизнис развој. Димитриев е дипломиран економист на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.




**Дејан Митески** (ВМРО и коалиција) е вршител на должност градоначалник на Општина Аеродром од јули 2024 година и поранешен претседател на Советот на Општината (2021 – 2024), како и член на Советот (2013 – 2017). Има значајно искуство во неколку државни институции. Митески е дипломиран правник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ и магистер на Универзитетот „Американ колеџ“ – Скопје.




**Александар Трајановски** (СДСМ и коалиција) е ортопед и трауматолог, доскорашен директор на ЈЗУ УК „ТОАРИЛУЦ“ – Скопје. Трајановски бил активно вклучен во работата на повеќе стручни комисии на Клиниката и е лиценциран судски вештак во областа ортопедија и трауматологија. Дипломирал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, каде и ја завршил докторската дисертација во 2022 година.

**Останати кандидати:**

1. Дејан Лазаревски **–** Искуство за успех (ЛДП, ГРОМ, Интегра, ПЦЕР)
2. Владимир Михајловски – ТМРО



**Општина Бутел**

| | |
|---|---|
| Површина | 57 км$^2$ |
| Број на жители | 37 968 |
| Етничка структура на население | Македонци (44,80 %)<br>Албанци (37,12 %)<br>Турци (3,46 %)<br>Бошњаци (2,98 %)<br>Срби (1,60 %)<br>Роми (1,32 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2025 година | 789 624 173 |
| Адреса | ул. „Бутелска“ бр. 4<br>Скопје |
| Телефон | 02/2600 506 |
| Веб-страница | http://www.opstinabutel.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Бутел



**Исамедин Азизи** (ДУИ и коалиција) е научен соработник – доцент во Институтот за национална историја и член на Заедничка мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија.




**Дарко Костовски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Бутел од 2021 година. Претходно бил советник во Советот на Општина Бутел (2013 – 2017) и пратеник во Собранието на Република Македонија (2020 – 2021). Работната кариера ја започнал како советник во кабинетот на министерот за труд и социјална политика (2014 – 2017). Покрај политичката кариера, бил селектор и тренер на македонската таеквондо репрезентација. Кос-

товски е дипломиран политиколог на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, каде што магистрирал во насоката на применета политика и политички систем.




**Оливера Ливриниќ** (СДСМ и коалиција) е актуелна советничка во Советот на Општина Бутел. Работи во Министерството за култура, како раководител на сектор за заштита на културното наследство. Дипломирала како историчар на уметност со археологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, каде што се стекнала и со магистерско звање во областа на менаџмент на човечки ресурси.




**Општина Гази Баба**

| | |
|---|---|
| Површина | 92 км$^2$ |
| Број на жители | 69 626 |
| Етничка структура на население | Македонци (64,98 %)<br>Албанци (20,32 %)<br>Роми (2,76 %)<br>Срби (1,91 %)<br>Бошњаци (1,08 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2025 година | 1 693 797 328 |
| Адреса | ул. „Архимедова“ бр. 2 Скопје |
| Телефон | 02/3226 655 |
| Веб-страница | http://www.gazibaba.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Гази Баба




**Влатко Митовски** (СДСМ и коалиција) е актуелен претседател на Општинската организација на СДСМ во Гази Баба. Претходно бил директор на Јавното комунално претпријатие во Гази Баба.




**Бобан Стефковски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Гази Баба од 2021 година. Претходно бил член на Советот на Општина Гази Баба (2009 – 2013), државен секретар во Министерството за одбрана, соработник и државен советник во Министерството за труд и социјална политика. Дипломирал како професор по одбрана и заштита на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а магистрирал безбедносни науки на истиот Универзитет.




**Златко Тренчевски** (Левица) е поранешен сопственик на приватна фирма и раководител во „Хотел Континентал“, со искуство во меѓународни компании, како „Amazon Germany“ и „Кромберг и Шуберт“, каде што бил менаџер на тим за контрола на квалитет. Дипломиран металуршки инженер со над три децении професионално искуство.

**Останати кандидати:**

1. Тоне Димковски – Работничка партија
2. Марија Мајкиќ – Единствена Македонија
3. Зоран Петковски – Демократи
4. Влатко Утевски – Македонска ера трета / Македонски суверенисти

**Општина Ѓорче Петров**

| | |
|---|---|
| Површина | 67 км$^2$ |
| Број на жители | 44 844 |
| Етничка структура на население | Македонци (80,21 %)<br>Албанци (3,94 %)<br>Срби (2,82 %)<br>Роми (2,38 %)<br>Бошњаци (1,02 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2025 година | 1 029 338 033 |
| Адреса | ул. „Ѓорче Петров“ бр. 73 Скопје |
| Телефон | 02/2039 307 |
| Веб-страница | http://www.opstinagpetrov.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Ѓорче Петров



**Костадин Ацевски** (СДСМ и коалиција) е поранешен пратеник во Собранието на Република Северна Македонија во периодот 2016 – 2020 година. Во минатото ја извршувал функцијата в.д. директор на „Македонија пат“ и в.д. директор на Управата за хидрометеоролошки работи. Исто така, бил член на Извршниот одбор на СДСМ. Ацевски е дипломиран инженер по електротехника, Електротехнички факултет, УКИМ – Скопје.




**Александар Димитријевиќ** (Левица) е адвокат, основач и сопственик на адвокатска канцеларија од 2013 година. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.




**Александар Стојкоски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Ѓорче Петров од 2021 година. Претходно, од април 2009 до мај 2014 година, ја извршувал функцијата претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров, а од мај 2014 до декември 2016 година бил пратеник во Собранието на Република Македонија. Пред јавните функции, работел како специјалист радиолог и асистент-докторант на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Останати кандидати:**

1. Љупчо Јаневски **–** Искуство за успех (ЛДП, ГРОМ, Интегра, ПЦЕР)

**Општина Карпош**

| | |
|---|---|
| Површина | 35 км$^2$ |
| Број на жители | 63 760 |
| Етничка структура на население | Македонци (80,94 %)<br>Албанци (3,64 %)<br>Срби (2,56 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2025 година | 1 587 617 000 |
| Адреса | ул. „Радика“ бр. 9<br>Скопје |
| Телефон | 02/3061 353 |
| Веб-страница | http://www.karpos.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Карпош



**Невена Георгиевска** (Независни за Карпош) е актуелна советничка на граѓанската иницијатива „Независни за Карпош“ во Советот на Општина Карпош. Дипломиран инженер по електротехника, информатика и автоматика (ЕТФ – Скопје).




**Антонио Димитров** (Левица) актуелен директор на Културно информативниот центар – Скопје. Димитров дипломирал како професор по филозофија и е магистер по комуникации и нови медиуми, со дополнително образование во правото, новинарството и графичкиот дизајн.



**Стевчо Јакимовски** (Коалиција „Искуство за успех“) е актуелен градоначалник на Општина Карпош. Јакимовски е основач и претседател на партијата ГРОМ. Поранешен пратеник, министер за економија (2003 – 2004), министер за труд и социјална политика (2004 – 2006) и повеќекратен градоначалник на Општина Карпош (2000 – 2002; 2009 – 2017; повторно од 2021 година до денес). Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје.




**Сотир Лукровски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е директор на Одделот за продажби и маркетинг оперативни активности во Алкалоид Конс и граѓански активист и борец за правата на Македонците во Грција. Лукровски е дипломиран економист.




**Маја Мојсова-Мијовска** (СДСМ и коалиција) е доктор по медицина, специјалист по анестезија и интензивно лекување, поранешен национален координатор за трансплантација и поранешна раководителка на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ). Претседателка е на Здружението на лекари по анестезија, а своето образование го надградувала во неколку европски држави. Во 2016 година се стекнува со титулата доктор на науки во областа на трансплантацијата на Медицинскиот факултет во Скопје.




**Општина Кисела Вода**

| | |
|---|---|
| Површина | 47 км$^2$ |
| Број на жители | 61 965 |
| Етничка структура на население | Македонци (83,97 %)<br>Срби (1,54 %)<br>Турци (1,18 %)<br>Власи (1,03 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2025 година | 1 301 699 958 |
| Адреса | ул. „Петар Дељан“ 17<br>Скопје |
| Телефон | 02/2785 400 |
| Веб-страница | http://www.kiselavoda.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Кисела Вода




**Јане Ацевски** (Левица) е раководител на Катедрата за ботаника и дендрологија, професор на Шумарскиот факултет во Скопје. Дипломирал, магистрирал и докторирал на Шумарскиот факултет во Скопје.




**Бети Стаменкоска-Трајкоска** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелна пратеничка во Собранието од 2020 година. Членка на Извршен комитет на Унија на Жени на ВМРО-ДПМНЕ од 2018 година. Дипломиран професор по географија, магистер по менаџмент на човечки ресурси на УТМС-Скопје.



**Горан Трајковски** (СДСМ и коалиција) е претседател на Општинската организација на Кисела Вода и поранешен прв човек на Државниот пазарен инспекторат.

**Останати кандидати:**

1. Оливер Поповски – Искуство за успех (ЛДП, ГРОМ, Интегра, ПЦЕР)
2. Марко Салџиевски – Твоја партија
3. Кети Сталеска – Група избирачи Кети Сталеска
4. Марко Ташков – Група избирачи Марко Ташков

**Општина Сарај**

| | |
|---|---|
| Површина | 241 км$^2$ |
| Број на жители | 38 399 |
| Етничка структура на население | Албанци (90,07 %)<br>Бошњаци(2,72 %)<br>Македонци (2,62 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2025 година | 697 554 281 |
| Адреса | Рекреативен центар Сарај 6б<br>Општина Сарај |
| Телефон | 02/2057990<br>02/ 2057 996 |
| Веб-страница | http://www.saraj.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Сарај




**Мухамет Елмази** (ВЛЕН) е извршен директор на НОМАГАС АД Скопје. Поранешен член на Совет на Град Скопје и Советот на Општина Сарај. Дипломирал на Универзитетот во Тетово, Факултет за економски науки, отсек бизнис администрација.



**Блерант Рамадани** (ДУИ и коалиција) е асистент професор на Универзитетот „Мајка Тереза“. Поранешен национален координатор за имплементација на нови технологии. Докторанд по електроинженерство, УКИМ.

**Останати кандидати:**

1. Тензи Белули **–** Демократи
2. Ремзи Мамути **–** Група избирачи Ремзи Мамути

**Општина Центар**

| | |
|---|---|
| Површина | 10 км$^2$ |
| Број на жители | 43 893 |
| Етничка структура на население | Македонци(76,85%)<br>Срби(2,96%)<br>Албанци (2,51 %)<br>Роми (1,42 %)<br>Власи (1,26 %)<br>Турци (1,25 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2025 година | 1 713 643 000 |
| Адреса | ул. „Михаил Цоков“ 6б Скопје |
| Телефон | 02/ 3203 600 |
| Веб-страница | http://www.opstinacentar.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Центар




**Горан Герасимовски** (СДСМ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Центар од 2021 година и поранешен директор на Државниот завод за индустриска сопственост. Дипломирал социологија и магистрирал менаџмент на човечки ресурси.



**Билјана Ивановска** (независна) е поранешна претседателка на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), со долгогодишно искуство како самостоен ревизор и раководител на тим во Државниот завод за ревизија. Има завршено Економски факултет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На изборите настапува со поддршка на граѓанската иницијатива „Шанса за Центар“.



**Мирослав Лабудовиќ (ЗНАМ)** актуелен заменик-министер за енергетика, рударство и минерални суровини и претседател на Градската организација на Движење ЗНАМ – Скопје. Има долгогодишно искуство на раководни позиции во приватниот сектор. Дипломирал и магистрирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.




**Марија Среброва** (Левица) е координаторка на советничката група на Левица во Општина Центар и претседателка на Комисијата за култура. Среброва има долгогодишно искуство во приватниот сектор како преведувач. Дипломирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а магистрирала на Факултетот за туризам и менаџмент.

**Општина Чаир**

| | |
|---|---|
| Површина | 4 км$^2$ |
| Број на жители | 62 586 |
| Етничка структура на население | Албанци (67,40 %)<br>Македонци (8,56 %)<br>Турци (6,68 %)<br>Бошњаци (4,04 %)<br>Роми (2,14 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2025 година | 1 258 453 932 |
| Адреса | бул. „Христијан Тодоровски“ бр. 5 Скопје |
| Телефон | 02/ 2603 001 |
| Веб-страница | http://www.cair.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Чаир




**Изет Меџити** (ВЛЕН) е актуелен министер за животна средина и просторно планирање и прв заменик претседател на Владата, претседател на „Демократско движење“, поранешен градоначалник на Општина Чаир (2005 – 2017) и поранешен пратеник.




**Бујар Османи** (ДУИ и коалиција) е поранешен министер за надворешни работи (2020 – 2024) и министер за здравство (2008 – 2011), како и поранешен вицепремиер задолжен за европски прашања (од 2017). Дипломирал и магистрирал на Медицинскиот факултет во Скопје и е специјалист по дигестивна хирургија

**Останати кандидати:**

1. Ицо Колевски – Работничка партија

**Општина Шуто Оризари**

| | |
|---|---|
| Површина | 7 км$^2$ |
| Број на жители | 25 726 |
| Етничка структура на население | Роми (43,80 %)<br>Албанци (34,32 %)<br>Македонци (3,52 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2025 година | 434 004 949 |
| Адреса | ул.„Хаџи Јован Шишко“ 6б, 1000 Скопје |
| Телефон | 02/ 2614 666 |
| Веб-страница | http://www.sutoorizari.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Шуто Оризари




**Елвис Бајрам** (Сојуз на Ромите) е поранешен градоначалник на Општина Шуто Оризари во два мандати (2009 – 2017).



**Ерџан Демир** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е претседател на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Општина Шуто Оризари.




**Геге Демировски** (Бошњачки демократски сојуз) е претседател на Народната партија на Ромите.



**Курто Дудуш** (Унија на Роми) е  актуелен градоначалник на Шуто Оризари од изборите во 2017 година. Претходно бил пратеник во Собранието во периодот од 2016 до 2017 година. Дипломирал бизнис менаџмент на МИТ Универзитетот во Скопје.




**Шабан Салиу** (Демократски сили на Ромите) е министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите. Поранешен пратеник и директор на Дирекцијата за заштита и спасување (2008 – 2017). Дипломиран правник, Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје; магистер по политички и правни науки, ФОН Универзитет Скопје; доктор по политичко-правни и безбедносни науки, Универзитет Мегатренд, Србија.




**Едис Хасан** (СДСМ и коалиција) е актуелен претседател на Управен одбор на Централниот регистар. Поранешен член на Советодавниот одбор на ЗГ „Ромаверзитас“. Дипломиран политиколог, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

**Општина Битола**

| | |
|---|---|
| Површина | 792 км$^2$ |
| Број на жители | 85 164 |
| Етничка структура на население | Македонци (81,23 %)<br>Албанци (4,72 %)<br>Роми (3,39 %)<br>Власи (1,41 %)<br>Турци (1,38 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2025 година | 2 551 171 092 |
| Адреса | Бул. „1 мај“ бр. 61 Битола |
| Телефон | 047/ 208 442 |
| Веб-страница | http://www.bitola.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Битола




**Габриела Илиевска** (независна) лидерка на независната граѓанска иницијатива „Поинаку“ и актуелна претседателка на Советот на Општина Битола. Илиевска е член на Надзорниот одбор на ЗЕЛС и на Советот на комисии на ЗЕЛС. Дипломирала како специјалист медицински лабораториски аналитичар на Вишата медицинска школа – Битола.




**Тони Коњановски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Битола од 2021 година. Коњановски бил долгогодишен стручен раководител, а подоцна и директор на Центарот за јавно здравје во Битола. Дипломирал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Во 2014 година се стекнува со стручното звање примариус.




**Методија Куновски** (СДСМ и коалиција) е актуелен претседател на Општинската организација на СДСМ во Битола. Пред тоа, бил долгогодишен новинар и уредник во локалната ТВ „Орбис“, како и портпарол на РЕК Битола.

**Останати кандидати:**

1. Васко Деловски – Група избирачи Васко Деловски
2. Ќире Димов **–** ТМРО
3. Мирјана Мирчевски – Македонска ера трета / Македонски суверенисти
4. Зоран Николовски – Група избирачи Зоран Николовски
5. Јорго Огненовски – Демократи




**Општина Велес**

| | |
|---|---|
| Површина | 462 км$^2$ |
| Број на жители | 48 463 |
| Етничка структура на население | Македонци (75,99 %)<br>Албанци (5,65 %)<br>Бошњаци (3,77 %)<br>Турци (2,14 %)<br>Роми (1,05 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2025 година | 1 305 803 652 |
| Адреса | Ул. „Панко Брашнар“ бр. 1 Велес |
| Телефон | 043/ 232 406 |
| Веб-страница | http://www.veles.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Велес




**Марко Колев** (ВМРО–ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Велес од 2021 година. Претходно работел во Центарот за развој на Вардарски плански регион, каде од 2009 година бил советник, а од 2013 година раководител. Дипломирал географија на Природно-математичкиот факултет при УКИМ – Скопје.




**Маја Хеско** (СДСМ и коалиција) е актуелна претседателка на Општинската организација на СДСМ Велес. Во минатото извршувала повеќе партиски и јавни функции, меѓу кои и член на Советот на Општина Велес. Дипломиран социолог и професор по социологија и граѓанско образование во ССОУ „Димитрија Чуповски“ – Велес.

**Останати кандидати:**

1. Маријана Деловска – Демократи

ГЕВГЕЛИЈА

**Општина Гевгелија**

| | |
|---|---|
| Површина | 485 км² |
| Број на жители | 21 582 |
| Етничка структура на население | Македонци (91,64 %)<br>Власи (1,23 %)<br>Срби (1,01 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2025 година | 704 102 538 |
| Адреса | ул. „Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија |
| Телефон | 034/ 213 843 |
| Веб-страница | http://www.gevgelija.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Гевгелија




**Тони Аврамов** (Левица) е актуелен претседател на Здружение „Од станица до граница“, основач на неколку здруженија во Гевгелија, хонорарен новинар и поранешен главен и одговорен уредник на ТВ „НОВА 12“. Дипломиран професор по македонска книжевност и македонски јазик, вработен во СОУ „Јосиф Јосифовски“.




**Миле Атанасов** (СДСМ и коалиција) е поранешен раководител со долгогодишно искуство во јавната хигиена. Претходно работел во секторот за јавна хигиена и активно учествувал во партискиот живот, носејќи различни функции на локално ниво. Дипломирал на Факултетот за царина и шпедиција при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, насока менаџмент по царина и шпедиција.




**Андон Сарамандов** е актуелен градоначалник на Општина Гевгелија од 2021 година. Претходно бил член на Советот на Општина Гевгелија (2017 – 2021), работел во Државниот инспекторат за земјоделство. Дипломирал на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Останати кандидати:**

1. Љупчо Бучков **–** Родина Македонија
2. Магдалена Каркалашева – Група избирачи Магдалена Каркалашева

**Општина Гостивар**

| | |
|---|---|
| Површина | 519 км$^2$ |
| Број на жители | 59 770 |
| Етничка структура на население | Албанци (55,34 %)<br>Македонци (21,43 %)<br>Турци (12,71 %)<br>Роми (3,80 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2025 година | 1 660 500 000 |
| Адреса | ул. „Браќа Гиноски“ бр. 61 Гостивар |
| Телефон | 042/ 213 511 |
| Веб-страница | http://www.gostivavri.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Гостивар




**Висар Адеми** (независен), основач и извршен директор на „My Career“. Адеми е доктор по економија.




**Дарко Грујоски** (Левица) е ИТ-специјалист и информатички оператор. Дипломирал на насо-ката Компјутерски техники и технологии.




**Сабедин Даути** (ВЛЕН) е нотар и поранешен судија и претседател на Основниот суд во Гостивар, со функции во Министерството за внатрешни работи. Дипломиран правник, Универзитет во Приштина.




**Валбон Лимани** (ДУИ и коалиција) е актуелен вршител на должноста градоначалник на Општина Гостивар од 2024 година. Претходно, од 26 ноември 2021 до 8 јули 2024 година, бил претседател на Советот на Општина Гостивар. Професионално е специјалист по ендокринологија и работи на Универзитетската клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања во Скопје. Дипломирал на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Тракија, а специјализацијата по ендокринологија ја завршил во 2019 година. Од 2022 до 2024 година бил асистент на Факултетот за медицински науки при Државниот универзитет во Тетово.



**Општина Дебар**

| | |
|---|---|
| Површина | 145 км$^2$ |
| Број на жители | 15 412 |
| Етничка структура на население | Албанци (54,75 %)<br>Турци (17,73 %)<br>Македонци (7,49 %)<br>Роми (7,40 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2025 година | 527 126 376 |
| Адреса | ул. „8 септември“ бр. 72 Дебар |
| Телефон | 046/ 831 196 |
| Веб-страница | http://www.dibra.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Дебар



**Рамадан Имери** (независен) е директор на дебарската гимназија „28 Ноември“, пред тоа бил директор на основното училиште„Пенестија”. Поранешен член и активист на ДУИ.




**Фисник Мела** (ВЛЕН) е актуелен заменик директор на Управата за јавни приходи (УЈП) и секретар за стратешки политики на партијата Алтернатива. Има долгогодишно професионално искуство како софтверски инженер. Дипломирал и магистрирал на Универзитетот „Шефилд“ во Велика Британија, на насоката компјутерски науки.




**Илиријан Фетаху** (ДУИ и коалиција) е раководител на локалниот огранок на Алијанса за Албанците во Дебар. Во изборната трка влегува како кандидат предложен од Алијансата за Албанците на Зијадин Села, со поддршка на коалицијата Национална алијанса за интеграција.

**Општина Кавадарци**

| | |
|---|---|
| Површина | 1132 км$^2$ |
| Број на жители | 35 733 |
| Етничка структура на население | Македонци (89,59 %)<br>Роми (2,04 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2025 година | 1 502 453 000 |
| Адреса | Плоштад Маршал Тито 6б Кавадарци |
| Телефон | 043/ 416 130 |
| Веб-страница | http://www.kavadarci.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Кавадарци




**Митко Јанчев** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Кавадарци од 2017 година. Сопственик и управител на ДПТУ „Кожувчанка“. Има магистратура во техничките науки, а во 2022 година докторира на тема Еколошка жешка точка и се стекнува со научен назив доктор на технички науки од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.




**Виктор Велевски** (СДСМ и коалиција) е поранешен директор на Државниот студентски дом – Скопје и поранешен генерален секретар на Социјалдемократската младина на Македонија. Претходно работел во Управата за јавни приходи. Има завршено постдипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

**Останати кандидати:**

1. Здравко Бошков – ТМРО




**Општина Кичево**

| | |
|---|---|
| Површина | 839 км$^2$ |
| Број на жители | 39 669 |
| Етничка структура на население | Албанци (41,27%)<br>Македонци (40,38 %)<br>Турци (6,44 %)<br>Роми (5,05 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2025 година | 1 149 418 000 |
| Адреса | ул. „Борис Кидрич“ бр. 1 Кичево |
| Телефон | 045/ 223 001 |
| Веб-страница | http://www.kercova.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Кичево




**Шкодран Алили** (независен) е адвокат од Кичево и независен кандидат за градоначалник.




**Фатмир Дехари** (ДУИ и коалиција) е градоначалник на Општина Кичево од 2013 година, претходно градоначалник на Општина Осломеј. Пред да биде избран за градоначалник бил директор на ЈП Македонски пошти во Кичево, заменик-министер за внатрешни работи и заменик-директор на ДБК. Дипломирал на Факултетот за физичко образование при Универзитетот во Приштина.




**Александар Јовановски** (ВМРО–ДПМНЕ и коалиција) е доктор по општа медицина, вработен во сопствена приватна здравствена установа „Драга-Медика“ во Кичево.




**Фатмир Лимани** (ВЛЕН) е министер за социјална политика, демографија и млади. Поранешен заменик-генерален директор и член на Управен одбор на АД „ЕСМ“ (2001 – 2021), член на Надзорен одбор на АД „МЕПСО“ (2007 – 2011) и претседател на граѓанската организација „НДРИШЕ“ (2007 – 2010). Има завршено Филозофски факултет при Државниот универзитет во Тетово, насока Историја.

| | |
|---|---|
| Површина | 382 км$^2$ |
| Број на жители | 31 602 |
| Етничка структура на население | Македонци (84,80 %)<br>Роми (5,99 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2025 година | 345 103 000 |
| Адреса | ул. „Раде Кратовче“ бр. 1 Кочани |
| Телефон | 033/ 274 001 |
| Веб-страница | http://www.kocani.gov.mk |

**Општина Кочани**

## Кандидати за градоначалник на Општина Кочани




**Владко Грозданов** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е специјалист гинеколог – акушер со повеќе од 20 годишно искуство во медицината во приватниот здравствен сектор, а од неодамна е дел од Општата болница во Кочани.



**Венко Крстевски** (независен) е актуелен в.д. градоначалник на Општина Кочани од март 2025 година, поранешен член на Советот на Општина Кочани во неколку мандати.




**Зоран Тодоров** (независен) е раководител на Центарот за солидарност „Сакам живот“ во Кочани и долгогодишен граѓански активист. Поранешен основач на повеќе организации и здруженија, меѓу кои Ротари клубот „Кочани–Виница“, „Воскресение“ и „Одбор за здрав живот“.




**Жаклина Филипова-Свеќаровска** (Левица) е вработена како професор по македонски јазик и литература во Средното општинско училиште „Гошо Викентиев“ од 2003 година. Дипломира на катедрата за Книжевност и македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.




**Игор Христов** (СДСМ и коалиција), граѓански активист и професор во СОУ „Ѓупчо Сантов“.

**Останати кандидати:**

1. Даниел Глигоров – Единствена Македонија



**Општина Крива Паланка**

| | |
|---|---|
| Површина | 481 км$^2$ |
| Број на жители | 18 059 |
| Етничка структура на население | Македонци (92,34 %)<br>Роми (2,48 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2025 година | 263 887 253 |
| Адреса | ул. „Св. Јоаким Осоговски“ бр. 175<br>Крива Паланка |
| Телефон | 031/ 375 035 |
| Веб-страница | http://www.krivapalanka.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Крива Паланка




**Оливер Алексовски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е поранешен пратеник. Дипломирал на Институтот за одбрана на Филозофскиот факултет во Скопје.




**Сашко Митовски** (СДСМ и коалиција) е актуелен градоначалник на Крива Паланка од 2021 година. Високо образование има завршено на УТМС-Економски факултет во Скопје.




**Општина Куманово**

| | |
|---|---|
| Површина | 504 $км^2$ |
| Број на жители | 98 104 |
| Етничка структура на население | Македонци (55,80 %)<br>Албанци (25,99 %)<br>Срби (6,52 %)<br>Роми (2,85 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2025 година | 2 991 022 424 |
| Адреса | ул. „11 Октомври“ 6б Куманово |
| Телефон | 031/ 475 800<br>031/ 438 633 |
| Веб-страница | http://www.kumanovo.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Куманово




**Селвер Ајдини** (ДУИ и коалиција), поранешен заменик- директор на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член на Советот за радиодифузија. Во минатото бил управител на ТВ Хана Куманово.



**Максим Димитриевски** (ЗНАМ) е актуелен градоначалник на Куманово од 2017 година, поранешен пратеник во Собранието на и претседател на Комитетот за безбедност и одбрана. Претседател на партијата Движење ЗНАМ – За наша Македонија од 2023 година. Дипломирал и магистрирал на Факултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје.




**Мартин Костовски** (СДСМ и коалиција) е актуелен пратеник од 2020 година, претседател на Општинската организација на СДСМ во Куманово и поранешен директор на „Службен весник". Костовски е дипломиран правник на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.




**Мирослав Петровиќ** – македонски актер и магистер по сценско-изведувачки уметности.




**Горан Стојковски** (независен), вработен во Секторот за урбанизам во Општина Куманово и поранешен директор на ЈП „Водовод" - Куманово во два мандати.

**Општина Неготино**

| | |
|---|---|
| Површина | 414 км$^2$ |
| Број на жители | 18 194 |
| Етничка структура на население | Македонци (86,28 %)<br>Роми (2,71 %)<br>Турци (1,92 %)<br>Срби (1,89 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2025 година | / |
| Адреса | ул. „Ацо Аџи Илов“ 2<br>Неготино |
| Телефон | 043/ 361 045 |
| Веб-страница | http://www.negotino.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Неготино




**Петар Мантев** (СДСМ и коалиција) е професор по физичко образование и поранешен директор на ОУ „Гоце Делчев“ во Неготино.



**Марија Нацева** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен Секретар на Општина Неготино.

**Останати кандидати:**

1. Јасминка Ристова – Демократи



**Општина Охрид**

| | |
|---|---|
| Површина | 390 км$^2$ |
| Број на жители | 51 428 |
| Етничка структура на население | Македонци (78,73 %)<br>Албанци (3,78 %)<br>Турци (3,56 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2025 година | 1 957 195 223 |
| Адреса | ул. „Димитар Влахов“ 57 Охрид |
| Телефон | 046/ 262 492 |
| Веб-страница | http://www.ohrid.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Охрид



**Кирил Пецаков** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Охрид од 31.10.2021 година. Поранешен советник во Советот на Општина Охрид (2009 – 2013 и 2017 – 2020) и пратеник во Собранието на Република Македонија (2020 – 2021). Дипломирал на Стоматолошкиот факултет „Св. Пантелејмон“ Скопје и специјализирал како специјалист по детска и превентивна стоматологија.




**Стевче Стевоски** (Твоја партија) е вработен во СВР – Охрид речиси три децении, поранешен независен кандидат за градоначалник, сега поддржан од партијата Демократи. Дипломирал на Факултетот за безбедност во Скопје на отсекот за борба против организиран криминал.



**Гоце Цветковски** (независен) е поранешен член на Левица, кандидат за градоначалник на Општина Охрид во 2021 година поддржан од ТМРО, и активист на движењето „Бојкотирам“.




**Асен Шајн** (СДСМ и коалиција) е актуелен претседател на Општинската организација на СДСМ во Охрид и поранешен директор на ЈЗУ „Општа болница“ Охрид.

**Општина Прилеп**

| | |
|---|---|
| Површина | 1194 км$^2$ |
| Број на жители | 69 025 |
| Етничка структура на население | Македонци (84,53 %)<br>Роми (5,75 %)<br>Турци (1,54 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2025 година | 2 134 797 237 |
| Адреса | ул. „Прилепски бранители“ 66 Прилеп |
| Телефон | 048/ 401 701 |
| Веб-страница | http://www.prilep.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Прилеп




**Петра Лукароска** (СДСМ и коалиција) е актуелна претседателка на Општинската организација на СДСМ – Прилеп. Поранешна директорка на СОУ „Ѓорче Петров“ Прилеп и наставник по професија. Лукароска има завршени студии за ментално здравје на Високата медицинска школа во Битола.




**Дејан Проданоски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен пратеник во Собранието. Поранешен претседател на Советот на Општина Прилеп, член на Советот и раководител на Одделението во Државниот архив – Прилеп. Дипломиран сообраќаен инженер на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

**Останати кандидати:**

1. Жарко Бошкоски **–** Искуство за успех (ЛДП, ГРОМ, Интегра, ПЦЕР)
2. Владимир Ѓорѓиоски – Македонска ера трета / Македонски суверенисти
3. Љупчо Дунимаглоски – Група избирачи Љупчо Дунимаглоски
4. Ѓорѓија Игески – Група избирачи Ѓорѓија Игески
5. Павлинче Матеска – Група избирачи Павлинче Матеска
6. Јасминка Стојковска – Демократи
7. Борче Чупетрески – Група избирачи Борче Чупетрески

**Општина Радовиш**

| | |
|---|---|
| Површина | 497.48 км$^2$ |
| Број на жители | 24 122 |
| Етничка структура на население | Македонци (71,63 %)<br>Турци (16,64 %)<br>Роми (1,08 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2025 година | 669 592 575 |
| Адреса | ул. Бул. „Александар Македонски“ бр. 7, Радовиш |
| Телефон | 032 /  617 700 |
| Веб-страница | https://radovis.gov.mk/ |

## Кандидати за градоначалник на Општина Радовиш



**Страхил Гавритов** (независен) е актуелен претседател на Советот на Општина Радовиш. Гавритов во минатото во три мандати бил претседател на Советот, а бил и раководител на Сектор за контрола на корисници во ЈП „Плаваја“ Радовиш, дипломиран електроинженер.



**Љупче Почивалец** (ВМРО-ДПМНЕ) е актуелен Секретар на Општина Радовиш, претседател на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ Радовиш, поранешен раководител на подружница ПШС „Плачковица“. Почивалец е дипломиран правник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје.




**Ристо Спасов** (СДСМ) е актуелен претседател на Општинската организација на СДСМ во Радовиш и професор по физичка култура. Спасов е поранешен советник во Советот на Општина Радовиш.

| | |
|---|---|
| Површина | 739 км$^2$ |
| Број на жители | 14 373 |
| Етничка структура на население | Македонци (70,48 %)<br>Турци (10,14 %)<br>Албанци (9,61 %)<br>Роми (2,18 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2025 година | / |
| Адреса | Плоштад Цар Самоил бр. 20 Ресен |
| Телефон | 047/ 551 884 |
| Веб-страница | http://www.resen.gov.mk |

**Општина Ресен**

## Кандидати за градоначалник на Општина Ресен



**Александар Бузлевски** (СДСМ и коалиција) е поранешен директор на Националниот парк Галичица.



**Јован Тозиевски** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Ресен, поранешен член на Советот на Општина Ресен од 2013 до 2021 година. Тозиевски е дипломиран економист.

**Останати кандидати:**

1. Игор Митревски – Група избирачи Игор Митревски
2. Малиќ Шемшедини – Коалиција „Национална алијанса за интеграција“

**Општина Струга**

| | |
|---|---|
| Површина | 507 км$^2$ |
| Број на жители | 50 980 |
| Етничка структура на население | Албанци (50,58 %)<br>Македонци (29,23 %)<br>Турци (6,81 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2025 година | 1 468 828 910 |
| Адреса | Плоштад Мајка Тереза 6б<br>Струга |
| Телефон | 046/ 781 223 |
| Веб-страница | http://www.struga.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Струга




**Арсим Далипи** (ДУИ и коалиција) е доктор по медицина, специјалист уролог, раководител на Одделот за васкуларни пристапи во ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија – Струга.




**Менди Ќура** (независен) е претседател на Стопанската комора на северозападна Македонија, поранешен sooснович на Алијанса за Албанците. Сопственик и раководител на компанијата „Трим и Лум“ и сопственик на фудбалскиот клуб „Струга Трим Лум“.




**Јована Мојсоска** (Левица) – актуелна пратеничка од 2024 година и генерален секретар на политичката партија Левица. Дипломирала на Факултетот за безбедност.

**Останати кандидати:**

1. Бесник Асани – Група избирачи Бесник Асани
2. Игор Малески – Група избирачи Игор Малески
3. Роберт Милески – Демократи
4. Насто Палиоски – Група избирачи Насто Палиоски
5. Љубе Петревски – Работничка партија
6. Мирко Савески – Група избирачи Мирко Савески

**Општина Струмица**

| | |
|---|---|
| Површина | 32 км$^2$ |
| Број на жители | 49 995 |
| Етничка структура на население | Македонци (77,91 %)<br>Турци (7,85 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2025 година | 1 482 428 450 |
| Адреса | ул. „Сандо Масев“ бр. 1 Струмица |
| Телефон | 034/ 348 030 |
| Веб-страница | http://www.strumica.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Струмица



**Марјан Даскаловски** (СДСМ и коалиција) е актуелен претседател на Советот на Општина Струмица и претседател на Општинската организација на СДСМ во Струмица. Дипломирал на Правен факултет.



**Петар Јанков** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција), во минатото работел во Царинската управа на Република Македонија (2007 – 2018) како виш цариник, а од 2018 година е активен во приватниот сектор. Дипломирал на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, отсек Царина и шпедиција.

**Останати кандидати:**

1. Драган Котуровиќ – Група избирачи Драган Котуровиќ
2. Ристо Цасконоје – Единствена Македонија

**Општина Тетово**

| | |
|---|---|
| Површина | 1080 км$^2$ |
| Број на жители | 84 770 |
| Етничка структура на население | Албанци (71,32 %)<br>Македонци (18,32 %)<br>Роми (2,22 %)<br>Турци (2,06 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2025 година | 2 278 738 856 |
| Адреса | ул. „Дервиш Цара“ 6б<br>Тетово |
| Телефон | 044/ 511 930 |
| Веб-страница | http://www.tetova.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Тетово




**Катка Божиновска** (Левица) е вработена на Државниот универзитет во Тетово. Доктор е на правни науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.




**Изет Зејнеловиќ** (Демократи) е потпретседател на политичката партија Демократи. Правник со долгогодишно работно искуство во Министерството за внатрешни работи.



**Самка Ибраимовски** (Коалиција „Искуство за успех“) е актуелен претседател на политичката партија ПЦЕР, поранешен министер за труд и социјална политика (2004 – 2006), поранешен министер без ресор (2016 – 2017) и поранешен пратеник во Собранието. Дипломирал на Факултетот за менаџмент во Нови Сад.




**Билал Касами** (ВЛЕН) е актуелен градоначалник на Општина Тетово. Тој е основач и прв претседател на Движењето „БЕСА“. Во минатото бил пратеник во Собранието и професор на ИБУ и Универзитетот Дарданија. Дипломирал економија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и во 2011 година завршил докторски студии со титула доктор по економски науки.



**Бајрам Реџепи** (ДУИ и коалиција) е актуелен потпретседател на ДУИ, поранешен пратеник и поранешен извршен директор на НОМАГАС. Дипломирал на Природно-математичкиот факултет – насока Информатика при УКИМ.

**Останати кандидати:**

1. Стевица Саркоски – ВМРО-Народна партија

**Општина Штип**

| | |
|---|---|
| Површина | 556 км$^2$ |
| Број на жители | 44 866 |
| Етничка структура на население | Македонци (77,46 %)<br>Роми (5,13 %)<br>Власи (3,53%)<br>Турци (2,97 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2025 година | 1 515 172 000 |
| Адреса | ул. „Васил Главинов“ 6б Штип |
| Телефон | 032/ 266 600 |
| Веб-страница | http://www.stip.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Штип




**Павел Иванов** (СДСМ и коалиција) е актуелен претседател на Општинската организација на СДСМ во Штип. Во минатото бил раководител на подрачната единица на Министерството за земјоделие во Штип.



**Иван Јорданов** (ВМРО-ДПМНЕ и коалиција) е актуелен градоначалник на Општина Штип од 2021 година. Во минатото бил пратеник во Собранието на Република Македонија (2020 – 2021) и член на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, како и претседател на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Штип. Дипломирал на Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, насока Меѓународна економија, а магистрирал на Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ – магистер по менаџмент на човечки ресурси.

## Кандидати за градоначалник на останатите општини:

| Општина | Кандидат | Подносители на Кандидатура |
|---|---|---|
| **Арачиново** | Фекри Бакиу | Група избирачи Фекри Бакиу |
| | Скендер Исуфи | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| | Даут Беќири | Коалиција ВЛЕН |
| **Берово** | Мирче Кировски | Левица |
| | Петар Ружински | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| | Илија Рунтевски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| **Богданци** | Блаже Шапов | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Марјан Пеев | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Боговиње** | Фети Абази | Коалиција ВЛЕН |
| | Бесник Емши | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| **Босилово** | Мирче Кармазичева | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Ристо Манчев | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Брвеница** | Светлана Митреска Анџелкоска | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Хаќим Рамадани | Коалиција ВЛЕН |
| | Јовица Илиевски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Енвер Пајазити | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| **Валандово** | Перо Костадинов | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Ѓоко Камчев | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |

| | | |
|---|---|---|
| **Василево** | Славе Андонов | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Ванчо Новоселски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| **Вевчани** | Стефан Радиноски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Спасе Кочовски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Господин Попоски | Работничка партија |
| **Виница** | Ване Цеков | Група избирачи Ване Цеков |
| | Билјана Илиевска | Единствена Македонија |
| | Гоце Милевски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Митко Костадиновски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Врапчиште** | Мехмет Сефери | Коалиција ВЛЕН |
| | Исен Шабани | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| **Градско** | Киро Нацков | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Драгослав Симоновиќ | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| **Дебарца** | Димче Андрески | Група избирачи Димче Андрески |
| | Љупчо Паункоски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Зоран Ногачески | Група избирачи Зоран Ногачески |
| | Златко Силјаноски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Даниел Огненоски | Коалиција „Искуство за успех“ |

| | | |
|---|---|---|
| **Демир Капија** | Наталија Димитриева | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Блаже Димитриев | Група избирачи Блаже Димитриев |
| | Зоран Петров | Група избирачи Зоран Петров |
| | Стивен Петковски | Група избирачи Стивен Петковски |
| | Лазар Петров | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Драган Шулевски | Група избирачи Драган Шулевски |
| **Демир Хисар** | Марјанче Стојановски | Група избирачи Марјанче Стојановски |
| | Оливер Ивановски | Група избирачи Оливер Ивановски |
| | Златко Кузмановски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Никола Најдовски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Дојран** | Милан Мајкиќ | Демократи |
| | Ристо Цинев | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Илија Тентов | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |

| | | |
|---|---|---|
| **Долнени** | Абдула Бајрамоски | Група избирачи Абдула Бајрамоски |
| | Суад Адиловиќ | Група избирачи Суад Адиловиќ |
| | Блерим Ислјами | Коалиција ВЛЕН |
| | Рамадан Дурмоски | Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) |
| | Исуф Синани | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Фљамур Ѓолека | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| | Сашко Велјаноски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Желино** | Блерим Сејдиу | Коалиција ВЛЕН |
| | Емир Сулејмани | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| **Зелениково** | Бранко Продановски | Група избирачи Бранко Продановски |
| | Коста Маневски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Зоран Маркоски | Коалиција „Искуство за успех“ |
| | Борче Гиевски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| **Зрновци** | Ванчо Митев | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Боро Коцев | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |

| | | |
|---|---|---|
| **Илинден** | Марјан Маринковски | Левица |
| | Жика Стојановски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Александар Георгиевски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Јегуновце** | Дарко Блажески | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Насир Абази | Национална алијанса за интеграција - НАИ, предводена од ДУИ |
| | Димитар Костадиноски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Карбинци** | Виктор Паунов | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Љубица Соколовска | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| **Конче** | Златко Ристов | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Благој Илиев | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Фикри Усинов | Демократска партија на Турците во Македонија |
| **Кратово** | Влатко Спировски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Тодорче Николовски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Кривогаштани** | Игор Каравилоски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Сашо Граороски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |

| | | |
|---|---|---|
| **Крушево** | Зоран Јанески | Левица |
| | Џемил Фејзулоски | Коалиција ВЛЕН |
| | Томе Христоски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Нико Чонески | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Липково** | Наџмедин Садики | Коалиција ВЛЕН |
| | Еркан Арифи | Национална алијанса за интеграција - НАИ, предводена од ДУИ |
| **Лозово** | Светла Алексиќ | Единствена Македонија |
| | Ацо Велковски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Милан Ашиковски | ТМРО |
| | Бошко Цветковски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Маврово и Ростуша** | Анес Ахмети | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Онер Јакупоски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Македонска Каменица** | Миран Митревски | Група избирачи Миран Митревски |
| | Слободан Велиновски | Група избирачи Слободан Велиновски |
| | Соња Стаменкова | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Димчо Атанасовски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |

| | | |
|---|---|---|
| **Македонски Брод** | Марјан Ѓурчески | Левица |
| | Милосим Војнески | Група избирачи Милосим Војнески |
| | Ивица Стојкоски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Жарко Ристески | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Могила** | Драганчо Саботковски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Зоран Ристевски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Сашо Пивковски | Група избирачи Сашо Пивковски |
| **Новаци** | Пецо Мицевски | Македонска ера трета / Македонски суверенисти |
| | Љупчо Стојановски | Група избирачи Љупчо Стојановски |
| | Љубе Кузманоски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Васко Наумовски | Демократи |
| | Горан Талевски | Група избирачи Горан Талевски |
| | Стевче Стевановски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Ново Село** | Ѓорѓе Божинов | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Петар Спасов | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| **Петровец** | Борче Митевски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Елизабета Зелениковска | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |

| | | |
|---|---|---|
| **Пехчево** | Невенка Тренчевска | Левица |
| | Златко Николовски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Александар Китански | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Пласница** | Елсан Нурчески | Демократска партија на Турците на Македонија |
| | Алија Јаоски | Национална алијанса за интеграција - НАИ, предводена од ДУИ |
| **Пробиштип** | Драган Анастасов | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Тони Тоневски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Саше Донев | Група избирачи Саше Донев |
| **Ранковце** | Иван Нешевски | Левица |
| | Даниел Крстевски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Даниел Павловски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Росоман** | Бранко Јанев | Граѓанска иницијатива ГРИН |
| | Атанас Стојанов | Единствена Македонија |
| | Ѓорѓи Крстевски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Стојан Николов | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |

| | | |
|---|---|---|
| **Свети Николе** | Дејан Гичев | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Гордан Стошевиќ | Група избирачи Гордан Стошевиќ |
| | Дејан Владев | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Сопиште** | Васил Аиновски | Родина Македонија |
| | Звонко Васев | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Јане Мицевски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Старо Нагоричане** | Андреј Димитријевски | Левица |
| | Мирослав Славковски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Далибор Трајковски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Власте Димковиќ | Српска странка во Македонија |
| **Студеничани** | Азем Садики | Група избирачи Азем Садики |
| | Седат Бислими | Коалиција ВЛЕН |
| | Ејуп Абази | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| **Теарце** | Назим Таипи | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| | Даут Мемиши | Коалиција ВЛЕН |

| | | |
|---|---|---|
| **Центар Жупа** | Инает Баки | Партија за движење на Турците во Македонија |
| | Алил Емрула | Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) |
| | Аријан Ибраим | Демократска партија на Турците во Македонија |
| **Чашка** | Горан Стојановски | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Дејан Андоновски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Суат Шаќиров | Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ |
| **Чешиново-Облешево** | Сане Јованов | Група избирачи Сане Јованов |
| | Горанчо Крстев | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Јорданче Костадинов | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Чучер Сандево** | Влатко Смоковски | Група избирачи Влатко Смоковски |
| | Сашко Комненовиќ | Коалиција за локални избори 2025, предводена од СДСМ |
| | Зоран Бајовски | Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |

5

# Локални избори во Република Северна Македонија - Резултати, кампања, оценки

# 5. Локални избори во Република Северна Македонија - Резултати,кампања, оценки

## Вовед

На 19 октомври 2025 година се одржа првиот круг од осмите локални избори од осамостојувањето на Република Северна Македонија, додека вториот круг на гласање се спроведе на 2 ноември 2025 година. Локалните избори беа организирани во 80 општини и Градот Скопје, при што по мнозински изборен модел се избираа градоначалници, а членовите на советите на општините и на Градот Скопје беа избирани според пропорционален модел. Правото на глас пред изборниот ден, односно на 18 октомври и на 1 ноември, во согласност со законските одредби, го оствариja болните и немоќните лица, лицата во домашен притвор, како и затворениците во казнено-поправните установи.

Во првиот круг на изборите на гласање излегоа 834 440 граѓани од вкупно 1 832 415 запишани избирачи во Избирачкиот список, со што излезноста изнесуваше 46,48 %. Во вториот круг, во кој право на глас имаа 1 013 357 избирачи, гласале 402 895 граѓани, односно 40,46 %. Излезноста на локалните избори во 2025 година бележи натамошен пад во споредба со локалните избори од 2021 (51,44 % во прв и 49,65 % во втор круг) и 2017 година (59,51 % во прв и 51,92 % во втор круг).

Процесот на гласање го спроведе тристепена изборна администрација водена од Државната изборна комисија (ДИК), како избрано тело со професионален ангажман, потоа Општинските изборни комисии составени по случаен избор од редот на вработените во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје, како непрофесионални органи, и 3 480 Избирачки одбори кои ги спроведуваат изборите на гласачките места во првиот изборен круг. За 80 општини и Градот Скопје, во првиот изборен круг, од ДИК беа потврдени 309 кандидати за градоначалници и 577 листи за членови на советите[46].

46 МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ НА ОДИХР Република Северна Македонија – локални избори, 19 октомври 2025 година. Пристапено на: https://odihr.osce.org/sites/default/files/f/documents/1/c/599930.pdf (последна посета: 24.12.2025).

Во вториот круг на локалните избори се гласаше за градоначалник на 32 општини и за градоначалник на Град Скопје, а на 3 избирачки места во Шуто Оризари се повтори гласањето и за советници. Вториот круг избори беа спроведени од ДИК, 32 Општински изборни комисии и Изборната комисија на Град Скопје, како и 1 777 Избирачки одбори, со минимални промени во составот на ОИК и ИО помеѓу двата круга[47].

Како подносители на листи на кандидати за градоначалници и/или листи на кандидати за членови на совет, на овие избори се јавуваат 6 коалиции и 26 политички партии. Групи на избирачи дале поддршка на 56 независни кандидати за градоначалници и на 67 независни кандидатски листи за членови на совет[48]. Како коалиции на овие избори настапија: коалицијата „Твоја Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ, коалицијата „Коалиција за локални избори 2025 година" предводена од СДСМ, коалицијата „Национална алијанса за интеграција (НАИ)" предводена од ДУИ, коалицијата „Вреди", коалицијата „Искуство за успех" предводена од Либерално-демократската партија и коалицијата „За зелена иднина" предводена од Демократска обнова на Македонија. Свои кандидати за градоначалници и/или советници имаа и следниве политички партии: Левица, Движење ЗНАМ – За наша Македонија, Бошњачки демократски сојуз, ВМРО-Народна партија, Граѓанска иницијатива ГРИН, Демократска партија на Ромите, Демократска партија на Турците на Македонија, Демократски сили на Ромите, Единствена Македонија, Македонска ера трета / Македонски суверенисти, Партија за движење на Турците во Македонија, Српска странка во Македонија, политичка партија Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ), политичка партија Демократи, Работничка партија, Родина Македонија, Сојуз на Роми, Твоја партија, Трајно македонско радикално обединување (ТМРО), Унија на Роми Скопје.

Во согласност со своите законски овластувања, претседателот на Собранието, Африм Гаши, ги распиша изборите на 9 август 2025 година, со што почнаа да течат роковите за нивна реализација. Кампањата за локалните избори започна на 29 септември и заврши на полноќ на 17 октомври, со што првиот круг на изборите се одржа на 19 октомври. Кампањата за вториот круг продолжи веднаш по изборниот ден на 19 октомври и траеше до 31 октомври до полноќ. Вториот круг од локалните избори се одржа на 2 ноември. За следење на локалните избори 2025 година ДИК акредитираше 807 граѓански набљудувачи од 20 органи-

47 МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ НА ОДИХР Република Северна Македонија – локални избори, 2 ноември 2025 година. Пристапено на: https://www.osce.org/sites/default/files/f/documents/d/a/600803.pdf (последна посета: 24.12.2025).

48 Статистичките податоци се добиени врз основа на информациите објавени од Државната изборна комисија (ДИК) на нејзината официјална веб-страница, пристапено преку: https://candidatelist.sec.mk/LolcalElectionsCandidates (последна посета: 3 октомври 2025).

зации и 644 меѓународни набљудувачи од 21 организација. ДИК информираше дека акредитациите за набљудувачи издадени за првиот круг остануваат валидни и дека може да се акредитираат дополнителни набљудувачи. ДИК регистрираше вкупно 152 домашни набљудувачи помеѓу двата круга[49].

Според изјавата за прелиминарните наоди и заклучоци на ОБСЕ/ОДИХР, локалните избори одржани на 19 октомври 2025 година  генерално беа конкурентни и им овозможија на гласачите избор меѓу различни политички алтернативи, при што основните слободи во најголем дел беа почитувани. Истовремено, изборниот процес се одвиваше во поларизиран политички контекст и беа забележани одредени предизвици поврзани со користењето на јавните ресурси, улогата на носителите на јавни функции во кампањата и рамноправноста на условите за натпреварување. Извештајот посочува дека, иако правната рамка обезбедува основа за спроведување демократски избори, нејзините недостатоци и ограничениот надзор, особено во делот на финансирањето и политичкото рекламирање, продолжуваат да влијаат врз транспарентноста на изборната трка и ја нагласуваат потребата од понатамошни унапредувања во согласност со меѓународните стандарди[50].

Надоврзувајќи се на овие наоди, ОБСЕ/ОДИХР во врска со вториот круг од локалните избори во 2025 година оцени дека гласачите повторно имаа избор меѓу јасно издиференцирани политички алтернативи, а кампањата во повеќето општини беше конкурентна, при што основните слободи во голема мера беа почитувани. Во исто време, Извештајот укажува дека рамноправноста на изборната трка не била целосно обезбедена, особено поради начинот на распределба на средствата за платено политичко рекламирање, што имало ограничувачки ефект врз видливоста на независните кандидати и помалите политички партии. Дополнително, се нотираат одредени предизвици поврзани со учеството на носители на јавни функции во кампањата, како и со транспарентноста и надзорот над финансирањето, вклучително и во онлајн просторот, што повторно ја нагласува потребата од понатамошно унапредување на изборната рамка во согласност со меѓународните стандарди[51].

49 МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ НА ОДИХР Република Северна Македонија – локални избори, 19 октомври 2025 година. Пристапено на: https://odihr.osce.org/sites/default/files/f/documents/1/c/599930.pdf (последна посета: 24.12.2025).

50 МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ НА ОДИХР Република Северна Македонија – локални избори, 19 октомври 2025 година. Пристапено на: https://odihr.osce.org/sites/default/files/f/documents/1/c/599930.pdf (последна посета: 24.12.2025).

51 МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ НА ОДИХР Република Северна Македонија – локални избори, 2 ноември 2025 година. Пристапено на: https://www.osce.org/sites/default/files/f/documents/d/a/600803.pdf (последна посета: 24.12.2025).

Резултатите од локалните избори покажуваат разновидна распределба на градоначалничките и советничките мандати меѓу повеќе политички субјекти и независни кандидати. Во изборот на градоначалници, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои најголем број градоначалнички позиции, со 33 градоначалници избрани во првиот круг и дополнителни 21 во вториот круг, како и градоначалник на Град Скопје. Коалицијата ВРЕДИ (ВЛЕН) обезбеди вкупно девет градоначалнички места, од кои пет во првиот и четири во вториот круг. Коалицијата предводена од СДСМ освои шест градоначалнички позиции, рамномерно распределени меѓу двата изборни круга, додека коалицијата предводена од ДУИ освои четири градоначалнички места. По едно градоначалничко место освоија ЗНАМ, Унијата на Роми и независни кандидати.

Во однос на изборот на членовите на општинските совети, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 549 советнички места, што претставува најголем поединечен број мандати. Следуваат коалицијата предводена од СДСМ со 231 и коалицијата предводена од ДУИ со 206 советнички места, додека коалицијата ВРЕДИ (ВЛЕН) освои 131 советничко место. Левица обезбеди 66 мандати, а ЗНАМ 44 советнички места. Другите политички партии и коалиции, меѓу кои ДПТ, коалицијата ЛДП/ГРОМ/Интегра, МААК, Унијата на Роми, како и низа помали политички субјекти, освоија помал број советнички места. Независните кандидати, со вкупно 51 советничко место, исто така, обезбедија свое присуство во општинските совети, што укажува на постоење повеќепартиска застапеност и различни локални политички понуди.

## Изборна кампања

Кампањата за локалните избори започна на 29 септември и заврши на полноќ на 17 октомври. Кампањата за вториот круг продолжи веднаш по изборниот ден на 19 октомври и траеше до 31 октомври до полноќ. Вториот круг од локалните избори се одржа на 2 ноември, а се гласаше во 32 општини и во Градот Скопје, а имаше повторување на гласањето за членови на Совет на три избирачки места во Општина Шуто Оризари поради утврдени неправилности од страна на Државната изборна комисија.

Во првиот изборен круг, во четири општини (Гостивар, Врапчиште, Маврово-Ростуше и Центар Жупа) не беа исполнети законските услови за излезност од законскиот минимум од една третина од запишаните избирачи на ниво на општина, па затоа ќе се повтори целиот прв изборен круг и тоа во рок од 60 дена од денот на објавувањето на конечните резултати од страна на Државната изборна комисија. На 17 ноември 2025 година Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши, го потпиша актот за повторените локални избори за општините Гостивар, Врапчиште, Маврово-Ростуше и Центар Жупа, кои ќе се одржат на 11 јануари 2026 година, во согласност со Уставот, Изборниот законик и соодветното законодавство[52].

Изборниот законик само формално обезбедува еднаков пристап до кампањата за сите учесници. Сепак, 80 % од просторот за политичко рекламирање на отворено, односно простори како рекламни паноа и билборди[53] и 90 % од државните средства за платено медиумско политичко рекламирање се распределуваат рамномерно само меѓу четирите најголеми партии од власта и опозицијата, односно партиите кои во моментот на распишување на изборите имаат најголем број пратеници и официјално формирани пратенички групи, во согласност со член 34 од Деловникот на Собранието[54]. Овој модел ги става во неповолна положба вонпарламентарните партии и независните кандидати, а во пракса ги исклучува и помалите политички партии што имаат парламентарна група, како ЗНАМ и Левица[55].

52 Распишани повторените локални избори во четири општини - ќе се гласа на 11 јануари - https://24.mk/details/raspishani-povtorenite-lokalni-izbori-vo-chetiri-opshtini-kje-se-glasa-na-11-januari (последна посета: 10 декември 2025).

53 Член 78-а од Изборниот законик - https://www.sec.mk/regulativa/ (последна посета: 10 декември 2025).

54 Деловник на Собранието на РСМ - https://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/%D0%94%D0%95%D0%9B%D0%9E%D0%92%D0%9D%D0%98%D0%9A%20%D0%9D%D0%90%20%D0%A0%D0%A1%D0%9C%20-%D0%BD%D0%BE%D0%B2.pdf (последна посета: 10 декември 2025).

55 Metamorphosis Foundation, Shadow Report: Freedom of Media in North Macedonia (Skopje: Metamorphosis, 2025), стр. 14–17. Извештајот утврдува дека државното финансирање на политичкото рекламирање „системски ги фаворизира големите партии“, додека „малите и новите политички субјекти имаат минимален или никаков пристап до платено медиумско промовирање“. https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2025/07/shadow-report-freedom-of-media-north-macedonia_final-1.pdf?utm_source=chatgpt.com (последна посета: 10 декември 2025).

Партиите во голема мера ги користеа вообичаените методи за промоција, како: митинзи, средби со граѓани, кампања „од врата на врата“, телевизиски реклами, а не беа изоставени и реклами и промоција на кандидатури на социјалните медиуми, учество во ТВ-дебати и билборди од кандидатите. Политичките партии, независните групи и кандидатите беа силно фокусирани на комуникација преку социјалните мрежи, особено Фејсбук, а во одредена мера и на Инстаграм и ТикТок, а во последните фази од кампањата се забележуваше поостар и обвинителен тон во објавите, вклучително и појави на вжештена реторика.

Главните теми беа фокусирани на локални прашања, но забележително беа застапени и пошироки национални теми поврзани со различните визии за националниот идентитет и за меѓуетничките односи, интеграцијата во ЕУ и континуираното одложување на почетокот на пристапните преговори, владеењето на правото и корупцијата.

Според Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР[56], кампањата беше оценета како конкурентна, а гласачите имаа вистински избор на политички алтернативи и можност слободно да водат кампања. Исто така, во Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР е нотирано дека кампањата на социјалните мрежи во Република Северна Македонија не е конкретно регулирана, а надзорните органи немаат мандат да ја следат или да реагираат на дезинформации и манипулативни содржини[57].

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во соработка со Државната изборна комисија уште во 2023 година разработи доброволен Кодекс на однесување за онлајн просторот[58], а на локалните избори во 2025 година одново во функција беше ставен механизмот за жалби поврзани со изборните активности во онлајн просторот[59].

Во Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР, исто така, е нотирано дека изборните активности на носителите на јавни функции не се регулирани, па така владини функционери, вклучително и премиерот, активно промовираа локални кандидати низ целата земја за време на кампањата. И покрај тоа што со нив не се крши законот, овие практики исцртаа нејасна линија меѓу државата и партијата, што е во спротивност со точка 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 годи-

---

56 Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР Република Северна Македонија - локални избори,19 октомври 2025 г. Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци. Достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/north-macedonia/595909 (последна посета: 14 ноември 2025).

57 Ibid

58 Промовиран кодексот за однесување во онлајн просторот - https://www.sec.mk/promoviran-kodeksot-za-odnesuvanje-vo-onlajn-prostorot/ (последна посета: 10 декември 2025).

59 Совет за етика во медиумите - https://semm.mk/odnovo-vo-funkcija-mehanizmot-za-zalbi-povrzani-so-izbornite-aktivnosti-vo-onlajn-prostorot/ (последна посета: 10 декември 2025).

на, во кој се повикува на „јасна поделба меѓу државата и политичките партии“[60].

Како и на претходните избори, и на овие локални избори беа забележани повеќе случаи на негативна реторика во јавниот дискурс. Употребата на ваквата реторика беше интензивирана во текот на самата кампања и покрај тоа што повеќето кандидати се обврзаа дека ќе се придржуваат до Кодексот за фер и демократски избори, потпишан на 27 септември[61].

ОБСЕ/ОДИХР констатира негативна реторика насочена кон политичкото учество на жените, особено на интернет, каде што жените често беа изложени на вербални навреди, закани и експлицитни графички содржини. Родовата еднаквост и правата на жените во голема мера беа изоставени од програмите и кампањите на кандидатите, а кога беа спомнати жените главно беа прикажувани како гласачи, а не како политички актери. Забележана е поголема регресија на правата на жените иназадување во напредокот кон партиципативна демократија. Исто така, растечкото влијание на антиродовото движење честопати беше поддржано од верските лидери и неоспорено од политичките партии, што, пак, ги поткопува досегашните достигнувања во поглед на политиките за родова еднаквост[62].

На овие избори коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ настапи со слоганот „Вистинскиот избор – Твојот човек, твоето место, за твојата иднина!“ Кампањата генерално се фокусираше на транспарентни, отчетни и еколошки здрави средини, како и на патишта и комуналната инфраструктура низ општините[63]. Дополнително, во кампањата беа најавени 70 нови проекти во различни области, како: инфраструктура, енергетика, образование, здравство, земјоделие, култура и технологија, проекти кои ќе значат нова развојна фаза на земјата.

Фокусот на кампањата на кандидатот за градоначалник на Град Скопје од страна на ВМРО-ДПМНЕ беше дека ќе го исчисти главниот град во рок од 72 часа по стапувањето на функцијата, на средување на градскиот превоз во Скопје, здрава животна средина и целосна комунална обнова на градот.

60 Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР Република Северна Македонија - локални избори, 19 октомври 2025 г. Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци. Достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/north-macedonia/595909 (последна посета: 14 ноември 2025).

61 МИА - https://bit.ly/4rMgSLE

62 Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР Република Северна Македонија - локални избори, 19 октомври 2025 г. Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци. Достапно на: https://odihr.osce.org/sites/default/files/f/documents/1/c/599930.pdf (последна посета: 12 декември 2025).

63 „Вистинскиот избор – Твојот човек, твоето место, за твојата иднина!“ Достапно на https://vmro-dpmne.org.mk/programa (последна посета: 17 ноември 2025).

Онлајн кампањата на ВМРО-ДПМНЕ се водеше преку интернет-страницата на партијата, www.vmro-dpmne.org.mk, како и преку официјалните профили на кандидатите за градоначалници на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм. Видеата од митинзите и средбите со граѓаните, како и од изборните видеоспотови, освен на социјалните мрежи се објавуваа и на Јутјуб каналот на партијата.

Коалицијата предводена од СДСМ на овие избори настапи со слоганот „Се бориме за нашиот дом!“ Изборната програма се базираше на четири клучни столба: (1) Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој – преку градење на здрави и демократски свесни индивидуи како и лесно достапно домување за младите; (2) Чиста и здрава животна средина – преку беспрекорна комунална хигиена, чист воздух преку справување со изворите на загадувањето и расчистување на дивите депонии; (3) Функционален и безбеден јавен простор – преку хуман урбанизам, сообраќајна безбедност и модерен и лесно достапен јавен превоз; и (4) Општини по мерка на граѓаните – преку отворени, отчетни, услужни и ефикасни општини во кои ќе се слушне гласот на граѓаните. Онлајн кампањата на СДСМ се водеше преку интернет-страницата на партијата, www.sdsm.org.mk, веб-страницата https://www.zanashiotdom.mk[64], како и официјалните профили на кандидатите за градоначалници на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм. Видеата од митинзите и средбите со граѓаните освен на социјалните мрежи се објавуваа и на Јутјуб каналот на партијата.

На овие избори коалицијата предводена од ДУИ настапи ребрендирано како „Национална алијанса за интеграција – НАИ“ со слоганот „Заедно – Да ја направиме промената“. Иако фокусот на кампањата требаше да биде насочен кон локалните заедници и проблемите на локално ниво на граѓаните, НАИ имаше активности насочени кон враќање на албанското достоинство и гордост. За постигнување на ефектот на убедлив претставник на албанските интереси во Северна Македонија, ДУИ го подигна влогот, со тоа што во две од најголемите општини со албанско мнозинско население, Чаир и Тетово, ги номинираше луѓето од најтесниот круг на лидерот Али Ахмети, поранешниот министер Бујар Османи и потпретседателот Бајрам Реџепи.

Кандидатите за градоначалници во најголем дел најавија модерна инфраструктура, чиста и евтина енергија за сите граѓани, создавање одржливи работни места за поттикнување на економијата и квалитетен живот во општините[65].

64 „Се бориме за нашиот дом!“, Достапно на: https://www.zanashiotdom.mk (последна посета: 17 ноември 2025).

65 Национална алијанса за интеграција НАИ“, слоган „Заедно. Да ја направиме промената“. Достапно на https://bdi.mk/ и https://www.facebook.com/BDI002 (последна посета: 17 ноември 2025).

Покрај теренските активности, ДУИ ја водеше изборната кампања преку официјалните профили на кандидатите за градоначалници на Фејсбук и Инстаграм, веб-страницата www.bdi.mk, како и официјалните профили на партијата и на нивниот лидер Али Ахмети на социјалната мрежа Фејсбук.

Коалицијата „Вреди“ составена од политичките партии Алтернатива, Движење Беса и Демократско движење, на овие избори настапи под слоганот „Еден глас“, во насока дека тоа е гласот на Албанците, младите, жените, работниците, дијаспората и секој граѓанин кој бара еднаквост и достоинство. Фокусот на коалицијата „Вреди“ беше насочен кон подобрување на секојдневните проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Дел од предизборните ветувања на оваа коалиција беа инфраструктурата и комуналните проблеми со дополнителен фокус на образованието, урбанизмот, спортот и културата, односно социјалните проблеми на граѓаните[66]. Покрај средби со граѓаните, кампањата се водеше и преку веб-страницата на Вреди https://vlen.eu/, социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм и преку официјалните партиски профили на кандидатите за градоначалници.

Коалицијата „Искуство за успех“ составена од Либерално-демократската партија (ЛДП), Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ), Интегра и Партијата за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР), настапи под мотото „Повеќе резултати, помалку изговори“.[67]. Водечка девиза во нивната кампања беше дека општините треба да бидат сервис за решавање на проблемите на граѓаните, а не терен за партиски пресметки и лични интереси. Нивните основни програмски заложби беа за почист воздух, повеќе зелени површини, безбедна урбана средина, дигитализација на општините, транспарентно управување со јавните пари и реални и остварливи проекти. Покрај средби со граѓаните и отворени трибини, кампањата се водеше и на социјалните мрежи, најмногу преку Фејсбук страниците на партиите од оваа коалиција, веб-страницата на ЛДП, како и преку официјалните партиски профили на кандидатите на Фејсбук и Инстаграм. Видеата од изборните видеоспотови, освен на социјалните мрежи, се објавуваа и на Јутјуб каналот на партиите.

66 Промотивната конвенција на ВЛЕН – Меџити: Се работи во секој дел од албанските населби - https://mk.tv21.tv/promotivnata-konventsija-na-vlen-medhiti-se-raboti-vo-sekoj-del-od-albanskite-naselbi/ (последна посета: 17 ноември 2025).

67 Коалицијата „Искуство за успех“ ги претстави своите кандидати за претстојните локални избори https://ldp.mk/2025/09/28/%D0%BA%D0%BE%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%85-%D0%B3%D0%B8-%D0%BF/ (последна посета: 18 ноември 2025).

Коалицијата „За зелена иднина“ составена од Демократската обнова на Македонија (ДОМ) и Движењето за демократија, права, слобода (ДПС), настапи под мотото „Зелена, праведна и европска иднина“, со цел да промовира одржлив развој, заштита на животната средина и поголема транспарентност на локално ниво. Најголем фокус беше ставен на онлајн кампањата на партијата која се водеше преку официјалната страница на партијата ДОМ на социјалната мрежа Фејсбук[68], а само во мал број на општини имаа средби со граѓани.

Движење ЗНАМ – За наша Македонија, на овие избори настапи со слоганот „Знам и (името на општината) ЗНАЕ!“. Фокусот на нивната кампања беше насочен кон урбанизам и инфраструктура, сообраќај и мобилност, економски развој и поддршка на локалните бизниси и животна средина и зелени површини[69]. Покрај средби со граѓаните, кампањата се водеше најмногу преку каналот на ЗНАМ на социјалната мрежа Фејсбук, официјалната страница на партијата https://dvizenjeznam.org.mk/, како и преку официјалните партиски профили на кандидатите на Фејсбук и Инстаграм. Снимките од настаните, средбите со граѓаните и промоцијата на кандидатите се вршеше преку социјалните мрежи и Јутјуб каналот на партијата. Партијата Левица настапи со слоганот „Народот сега“, со фокус дека општините се темелот на вистинската промена. Во својата предизборна програма, Левица промовираше локален економски развој и инфраструктура, екологија и животна средина, комунална грижа и јавни услуги, брз и квалитетен локален транспорт, инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики и контрола и надзор над јавниот интерес[70]. Покрај средби со граѓаните, кампањата се водеше најмногу преку каналот на Левица на социјалната мрежа Фејсбук, официјалната страница на партијата www.levica.mk, како и преку официјалните партиски профили на кандидатите на Фејсбук, Инстаграм и ТикТок. Снимките од настаните, средбите со граѓаните и промоцијата на кандидатите се вршеше преку социјалните мрежи и Јутјуб каналот на партијата.

Партијата Твоја партија, настапи со слоганот „Пробај поинаку, гласај за твоја“. Во својата програма за локални избори вети нов модел на рационално и транспарентно управување, дигитален град, зелен план за опоравување, квалитетен урбанизам и живеење, како и развој на култура и спорт. Дополнително, програмата предвидуваше решенија за сообраќајниот хаос, загадениот воздух, градското

---

68 Официјалната страница на ДОМ на Фејсбук, Достапно на: https://www.facebook.com/zelenapartija

69 Изборна програма на кандидатот за Општина Центар Мирослав Лабудовиќ, достапно на: https://drive.google.com/file/d/1RE6-4BCCZnUs6rEUN94N30PgHjl2Dxgz/view?fbclid=IwY2xjawOJUptleHRuA2FlbQIxMQBzcnRjBmFwcF9pZBAyMjIwMzkxNzg4MjAwODkyAAEeHlmpgZWQdFDI7D9Om8IudFzJFW5g_Xxn71tQSbvXu7agISCx1c7HJE2Qy_A_aem_UGTjO5PwJXFNgD2Ef-KlUA&pli=1 (последна посета: 18 ноември 2025).

70 „Локални избори 2025“, Официјална страница на партијата Левица. Достапно на: https://levica.mk/lokalni-izbori-2025/ (последна посета: 18 ноември 2025).

зеленило, комуналната хигиена, социјалната грижа  и инклузивноста[71]. Онлајн кампањата на партијата се водеше преку официјалната страница на партијата на социјалната мрежа Фејсбук.

Карактеристично за овие избори и за оваа изборна кампања беше значително зголеменото учество на независни листи и кандидати за градоначалници во повеќе општини и Градот Скопје, исто како на претходните локални избори од 2021 година. Движењата како „Зелен хуман град“, иницијативите „Поинаку“ од Битола, „Шанса за Центар“, „Независни за Карпош“ и други независни листи понудија програми промовирани како алтернатива на традиционалните политички партии. Нивните програми во најголем дел беа фокусирани на зелени политики, контролирана урбанизација, транспарентност и отчетност во управувањето со општините. Нивните кампањи вклучуваа теренски активности, промоција преку социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм, а некои од нив[72] имаа и сопствени веб-страници.

### Финансирање на изборната кампања

Во согласност со Роковникот за извршување на изборните дејствија[73], учесниците на овие локални избори имаа обврска да достават четири финансиски извештаи за трошоците за изборната кампања. Првиот финансиски извештај со образец за примени донации ги опфаќа првите 10 дена од изборната кампања и партиите и коалициите беа должни да го достават на единаесеттиот ден од изборната кампања, односно на 9 октомври до 24:00 часот. Вториот извештај со образец за примени донации ја опфаќа втората половина од изборната кампања и партиите и коалициите беа должни да го достават еден ден по завршувањето на изборната кампања, односно на 18 октомври за прв и на 1 ноември, еден ден пред одржувањето на гласањето за вториот круг[74].

Третиот финансиски извештај се однесува повторно на примените донации за периодот од еден ден по завршување на изборната кампања до затворање на трансакциската сметка за изборната кампања.

71 Официјална Фејсбук страница на партијата „Твоја партија“. Достапно на: https://www.facebook.com/tvojapartija (последна посета: 18 ноември 2025).

72 „Зелен хуман град“ (www.zhg.mk), „Заштита за Карпош“ (www.zastitazakarpos.mk) „Шанса за Центар“ (www.shansazacentar.mk) (последна посета: 18 ноември 2025).

73 Роковник за извршување на изборните дејствија, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1yxLT4YsZxAwu4faR_PcTTncylVp1b5GZ/view (последна посета: 20 ноември 2025 година).

74 Ibid

Извештаите се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии, во кој се содржани податоците за име, односно назив на донаторот, вид и вредност на донациите и датумот на добивањето на донациите. Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупција, кои се должни да ги објават на своите веб-страници. Политичките субјекти, исто така, се должни да ги објават овие извештаи и на своите веб-страници.

Четвртиот финансиски извештај, кој се однесува на вкупните приходи и расходи во текот на целата кампања, заедно со спецификација на трошоците и приходите, партиите и коалициите треба да го поднесат веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на затворање на трансакциската сметка. Трансакциските сметки на партиите за изборната кампања треба да се затворат во рок од 45 дена од објавувањето на конечните изборни резултати.

Исто така, Државниот завод за ревизија е должен во рок од 60 дена од поднесувањето на вкупниот финансиски извештај да спроведе ревизија. При финансирањето на изборната кампања учесниците можат да потрошат најмногу до 110 денари по запишан избирач во Избирачкиот список, односно општината за која имаат поднесено листа на кандидати.

Според поднесените финансиски извештаи[75] [76], во изборната кампања најмногу средства потрошила коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, односно 149.154.898,00 денари (2.425.283 евра)[77]. Финансискиот биланс на изборната кампања е израмнет, при што вкупните приходи во целост кореспондираат со вкупните расходи, без остварен вишок или дефицит на средства.

Втора според приходите и расходите во кампањата е коалицијата НАИ предводена од политичката партија ДУИ, која во текот на изборната кампања потрошила вкупно 119.267.514 денари (1.939.309 евра). Вкупниот износ на остварените приходи за изборната кампања е еднаков на вкупниот износ на реализираните расходи, односно сите прибрани средства се целосно искористени за потребите на кампањата.

Трета според износот на потрошени средства е коалицијата предводена од СДСМ, која потрошила вкупно 99.592.276,00 денари (1.619.387 евра). И кај оваа

75 Издвоени се седум политички субјекти со најголеми расходи.
76 Финансиски извештаи, Локални избори 2025, ДКСК - https://dksk.mk/mk/%d0%bb%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80%d0%b8-2025/ (последна посета: 29 јануари 2026 година).
77 Пресметките во евра се правени по среден курс од 61,5.

коалиција финансискиот биланс е израмнет, без остварен вишок или дефицит на средства.

Коалицијата ВЛЕН, за локалните избори 2025 година, има потрошено вкупно 51.412.646,00 денари (835.978 евра). И овде постои усогласеност на остварените приходи и реализираните расходи.

Коалицијата Искуство за успех, предводена од политичката партија ЛДП, потрошила 17.381.881,00 денари (282.632 евра). И кај оваа коалиција финансискиот биланс е израмнет, без остварен вишок или дефицит на средства.

Левица за изборите потрошила 6.475.819 денари (105.298 евра), односно 92.250 денари (1.500 евра) помалку од собраните 6.568.069 денари (106.798 евра).

Сумарен преглед на учесници во изборите со најголеми приходи и расходи изразено во денари[78]:

| Учесници на изборите | вкупни приходи | вкупни расходи | салдо |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата | 149.154.898,00 | 149.154.898,00 | 0 |
| ДУИ | 119.267.514,00 | 119.267.514,00 | 0 |
| СДСМ и коалицијата | 99.592.276,00 | 99.592.276,00 | 0 |
| ВЛЕН | 51.412.646,00 | 51.412.646,00 | 0 |
| ЛДП и коалиција | 17.381.881,00 | 17.381.881,00 | 0 |
| Левица | 6.568.069,00 | 6.475.819,00 | + 92.205,00 |
| ЗНАМ[79] | / | / | / |

Во целина, анализата на финансиските извештаи од последните локални избори укажува на високо ниво на формална финансиска дисциплина кај поголемиот дел од учесниците во изборната кампања. Кај речиси сите поголеми коалиции е забележан израмнет финансиски биланс, при што вкупните приходи целосно кореспондираат со вкупните расходи, без евидентиран суфицит или дефицит на средства. Ова укажува на целосно трошење на прибраните средства за потребите на изборната кампања, во согласност со законските одред-

78 Подредено според расходи. Кај коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, наведените средства се збир од повеќе политички субјекти во рамки на коалициите кои настапуваат со различен состав во различни општини и доставуваат посебни финансиски извештаи.

79 Финансиски извештај на политичката партија Движење ЗНАМ, кој се однесува на вкупните приходи и расходи во текот на целата кампања сè уште не е објавен на веб-страниците на ДИК, ДЗР и ДКСК.

би. Исклучок претставува политичката партија Левица, кај која е евидентиран минимален финансиски вишок, што не влијае значително врз општата слика за финансирањето на кампањата. Истовремено, значителните разлики во висината на потрошените средства меѓу учесниците упатуваат на нерамномерни финансиски капацитети и различни можности за медиумско и теренско присуство. Таквата состојба отвора прашања за фактичката еднаквост на условите за учество во изборниот процес. Оттука, транспарентното и законито финансирање на изборните кампањи останува клучен елемент за обезбедување фер и демократски избори.

### Медиуми

Мониторингот на медиумското известување поврзано со изборите се одвиваше од моментот на распишувањето на изборите и за време на кампањата пред двата круга на гласање од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – ААВМУ, тело кое е законски одговорно за следење на електронските медиуми во изборниот процес[80]. Набљудувањето на медиумското известување во периодот од распишувањето на изборите до почетокот на кампањата, според ААВМУ, укажува дека повеќето медиуми ги почитувале новинарските стандарди и овозможиле претставување на повеќе разновидни ставови за актуелните политички и општествени теми и прашања, воедно Агенцијата не констатира прекршувања на лимитите за платено политичко рекламирање[81]. Дополнително, ААВМУ наведува дека и за овој изборен процес, како и за претходните, се потребни измени на изборната регулатива во делот на платеното политичко рекламирање, бидејќи моменталната регулатива не обезбедува еднакви  услови за пристап на сите учесници во изборниот процес. ААВМУ дополнително наведува дека со зголемениот број на кандидати станува сè потешко, па дури и нереално, целосно да се применат принципите на еднаква застапеност и пропорционалност во емитувањето. Причината е што просторот во вестите е ограничен, а, исто така, недостигаат и соодветни технички и човечки ресурси [82]. Според ААВМУ, во периодот од кампањата пред првиот круг на гласање изборниот молк го прекршиле медиумите ТВ 24 Вести, ТВ 21 – М, ТВ

80 КАС, ИДСЦС, Прирачник за Локални избори во Република Македонија 2021 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/12/belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf (последна посета: 13 ноември 2025).

81 Извештај од мониторингот во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата за Локалните избори 2025. Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2025/ (последна посета: 17 ноември 2025).

82 Извештај за платено политичко рекламирање за првиот круг од изборната кампања од 29 септември до 17 октомври 2025).  Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2025/ (последна посета: 17 ноември 2025).

Вистел и ТВ Шутел, против кои биле поднесени прекршочни претставки.[83]

За периодот од кампањата за првиот круг, во периодот од 29 септември до 17 октомври, Агенцијата забележува дека во делот на платеното политичко рекламирање не биле обезбедени еднакви услови за пристап на сите учесници во изборниот процес. Политичките партии Левица и Движење ЗНАМ – За наша Македонија, иако учествуваа во кампањата, во согласност со член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, немаа законско право да закупуваат простор за платено политичко рекламирање на телевизија и радио. Поради тоа, радиодифузерите воопшто не емитуваа ППР за Левица, додека за Движењето ЗНАМ – За наша Македонија беа емитувани спотови чиј нарачател беше коалицијата „Твоја Македонија", предводена од ВМРО–ДПМНЕ. Исто така, поради големиот број на кандидати за градоначалници и советници во овој изборен циклус, Агенцијата забележува дека редакциите на 11-те телевизиски програмски сервиси, што беа предмет на надзор, генерално заземаа две груби уреднички позиции. Имено, пет телевизии вложија напори да обезбедат информации за што повеќе учесници во изборната кампања, вклучувајќи и што поголем број вонпарламентарни партии и независни кандидати, додека останатите генерално се осврнаа на кампањите на парламентарните партии.

За периодот пред вториот круг на гласање, од 20 до 31 октомври, Агенцијата констатира дека очекувано имало помал обем платено политичко рекламирање во однос на првиот круг. И во вториот круг од изборната кампања не биле констатирани прекршувања на лимитите за платено политичко рекламирање[84].

Во текот на првиот круг до ААВМУ беше поднесена една претставка од кандидатка за градоначалничка на Кочани, која реагираше дека Радио Кочани закажало дебата со само двајца од шесте кандидати. Радиото објасни дека планира серија дебати со по двајца кандидати поради просторни ограничувања. Агенцијата го потсети медиумот на законската обврска да обезбеди еднакви услови за сите кандидати (член 75 и член 75-а од Изборниот законик), да ги покани сите учесници и да реализира дебати до крајот на кампањата. Доколку некој кандидат одбие учество, тоа треба да биде наведено во програмата. Подносителката на претставката веднаш беше известена, а дописите – објавени во анонимизирана форма на веб-страницата.

83 Извештај за платено политичко рекламирање за првиот круг од изборната кампања од 29 септември до 17 октомври 2025). Пристапено на: https://avmu.mk/%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2025/ (последна посета: 25 ноември 2025).

84 Извештај за платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите, за вториот круг од изборната кампања (од 20 до 31 октомври). Пристапено на: https://avmu.mk/%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2025/ (последна посета: 12 декември 2025).

Во поглед на програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис МРТ, според извештајот на ААВМУ, тие ги почитувале законските барања за структурата на дневно-информативните емисии, за емитување дебати и бесплатно политичко претставување. Првиот програмски сервис – МРТ1 обезбедил информирање за изборниот процес и за лицата со сетилна попреченост. Собранискиот канал емитувал бесплатно политичко претставување на повеќе учесници во изборите, распоредувајќи го времето според законската одредба. Агенцијата констатира дека програмите на јавниот сервис МРТВ и Собранискиот канал ги исполниле обврските од изборната кампања да овозможат бесплатно политичко претставување на учесниците во изборите. Извештајот укажува дека редакциите на 11-те анализирани телевизии генерално заземаа два уреднички пристапи во изборното медиумско претставување во вестите. Дел од нив настојуваа да обезбедат поширок и поинклузивен опфат на учесниците во кампањата, вклучително и вонпарламентарни партии и независни кандидати, додека другите се фокусираа претежно на кампањата на парламентарните партии со ограничено внимание кон останатите учесници. Предмет на мониторинг на јавниот сервис беа Првиот програмски сервис МРТ1, Вториот програмски сервис МРТ2 и Собранискиот ТВ канал.

***Табела 1.1***: Застапеност на субјектите во информативните жанрови (29 септември – 17 октомври 2025) (прв круг)

| | **МРТ1** | | **МРТ2 албански јазик** | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 1:07:41 | 42,50 % | 0:59:08 | 32,91 % |
| Коалиција ВЛЕН / ВРЕДИ | 0:37:57 | 23,83 % | 1:12:21 | 40,26 % |
| Движење ЗНАМ – За наша Македонија | 0:38:20 | 24,07 % | 0:35:30 | 19,75 % |
| ДПСМ – Демократска партија на Србите во Македонија | 0:15:16 | 9,59 % | 0:12:44 | 7,08 % |
| Вкупно за тема | 2:39:14 | 100 % | 2:59:43 | 100 % |

***Табела 1.1***: Застапеност на субјектите во информативните жанрови (29 септември – 17 октомври 2025) (прв круг)

**Активности за кампањите на политичките партии во опозиција**

| | Траење | Процент | Траење | Процент |
|---|---|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 1:04:03 | 37,65 % | 0:32:58 | 17,61 % |
| Левица | 0:33:08 | 19,48 % | 0:13:04 | 6,98 % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 0:32:36 | 19,16 % | 0:53:59 | 28,84 % |
| Искуство за успех | 0:29:45 | 17,49 % | 0:23:35 | 12,60 % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 0:10:35 | 6,22 % | 1:03:34 | 33,96 % |
| Вкупно за тема | 2:50:07 | 100 % | 3:07:10 | 100 % |

***Табела 1.2:*** Застапеност на субјектите во информативните жанрови (29 септември – 17 октомври 2025) (прв круг)

**Вонпарламентарни партии и независни кандидати**

| | **МРТ1** | | **МРТ2 албански јазик** | |
|---|---|---|---|---|
| | Траење | Процент | Траење | Процент |
| Коалиција за зелена иднина | 0:01:19 | 2,46 % | 0:01:04 | 1,80 % |
| ТМРО | 0:05:31 | 10,29 % | 0:03:53 | 6,52 % |
| Висар Адеми – Група избирачи | 0:01:18 | 2,44 % | 0:06:35 | 11,05 % |
| Зоран Николовски - Група избирачи | 0:02:12 | 4,09 % | 0:01:46 | 2,96 % |
| Кети Сталеска - Група избирачи | 0:01:18 | 2,42 % | 0:00:32 | 0,89 % |
| Зоран Тодоров - Група избирачи | 0:01:24 | 2,60 % | 0:01:04 | 1,80 % |
| Марјан Калевски - Група избирачи | 0:01:50 | 3,41 % | 0:01:10 | 1,96 % |
| МААК – Конзервативна партија | 0:01:57 | 3,62 % | 0:01:06 | 1,83 % |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 0:02:02 | 3,78 % | 0:01:37 | 2,71 % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 0:03:23 | 6,32 % | 0:02:19 | 3,90 % |
| Јана Белчева Андреевска - Група избирачи | 0:01:31 | 2,84 % | 0:01:38 | 2,74 % |
| Јане Димески - Група избирачи | 0:01:31 | 2,84 % | 0:01:05 | 1,82 % |
| Твоја партија | 0:01:33 | 2,90 % | 0:01:05 | 1,82 % |
| Македонска ера трета / Суверенисти | 0:03:32 | 6,59 % | 0:02:51 | 4,77 % |
| Демократи Скопје | 0:03:58 | 7,39 % | 0:01:06 | 1,84 % |
| Работничка партија | 0:01:12 | 2,25 % | 0:02:16 | 3,80 % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 0:02:37 | 4,87 % | 0:05:31 | 9,24 % |
| Драган Димковиќ - Група избирачи | 0:01:01 | 1,88 % | 0:01:04 | 1,79 % |
| Насто Палиоски - Група избирачи | 0:02:03 | 3,82 % | 0:01:37 | 2,71 % |
| Јован Златевски - Група избирачи | 0:01:15 | 2,34 % | 0:01:11 | 2,00 % |
| Борче Чупетрески - Група избирачи | 0:01:09 | 2,15 % | 0:01:05 | 1,81 % |
| Павлинче Матеска - Група избирачи | 0:01:40 | 3,11 % | 0:01:38 | 2,75 % |
| Љупчо Дунимаглоски - Група избирачи | 0:01:11 | 2,21 % | 0:01:05 | 1,82 % |
| Горан Стојковски–Диро - Група избирачи | 0:02:30 | 4,65 % | 0:01:04 | 1,78 % |
| Габриела Илиевска - Група избирачи | 0:02:21 | 4,38 % | 0:02:06 | 3,53 % |
| Ѓорѓија Игески - Група избирачи | 0:00:55 | 1,71 % | 0:01:40 | 2,79 % |
| Васко Деловски - Група избирачи | 0:00:34 | 1,05 % | 0:01:11 | 2,00 % |
| Гоце Цветковски - Група избирачи | 0:00:51 | 1,58 % | — | — |
| Бесник Асани - Група избирачи | — | — | 0:04:20 | 7,28 % |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Шкодран Алили - Група избирачи | — | — | 0:03:47 | 6,34 % |
| Рамадан Имери - Група избирачи | — | — | 0:01:10 | 1,96 % |
| Вкупно | 09:34:41 | | 10:12:06 | |

***Табела 1.3:*** Бесплатно политичко претставување на Собранискиот канал

| **Политички субјект** | **Траење** |
|---|---|
| Игор Малески – Група избирачи | 0:08:38 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 0:37:48 |
| Македонска ера трета / Македонски независни листи – Суверенисти | 0:36:30 |
| Работничка партија | 0:15:14 |
| Коалиција СДСМ | 0:34:10 |
| Зоран Николовски – Група избирачи | 0:44:02 |
| Мирјана Мирчевска – Македонска ера трета | 0:07:07 |
| Движење ЗНАМ | 0:13:37 |
| Група избирачи – Независни за Карпош (заеднички спот за градоначалник и советници) | 0:02:37 |
| Гордан Стошевиќ – Група избирачи | 0:05:19 |
| Саше Донев – Група избирачи | 0:03:25 |
| Марјан Калевски – Група избирачи | 0:09:46 |
| Марко Ташков – Група избирачи | 0:10:59 |
| Вкупно | 3:49:12 |

За периодот од 29 септември до 17 октомври може да се утврди дека Првиот програмски сервис МРТ1 обезбедил 2 часа 39 минути и 14 секунди за партиите на власт и 2 часа 50 минути и 7 секунди за партиите од опозицијата. Вториот програмски сервис МРТ2, Програма на албански јазик, за активностите на партиите на власт обезбедил 2 часа 59 минути и 7 секунди, додека за партиите во опозицијата 3 часа 7 минути и 10 секунди.[85]

85 Извештај за начинот на известување на радиодифузерите во првиот круг на изборната кампања за Локалните избори (од 29 септември до 17 октомври 2025), Пристапено на https://avmu.mk/%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2025/ (последна посета: 10 ноември 2025).

Во однос на двете најголеми политички партии, на Првиот програмски сервис МРТ1 во активностите за кампањите на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ добила за речиси 4 минути поголема покриеност во споредба со коалицијата предводена од СДСМ. Разликата е поголема кај Вториот програмски сервис МРТ2, каде што коалицијата предводена од СДСМ добила 27 минути помала покриеност во споредба со коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

***Табела 2:*** Застапеност на субјектите во информативните жанрови (20 – 31 октомври 2025) (втор круг)

| | **МРТ1** | | **МРТ2 албански јазик** | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 0:47:48 | 48,01 % | 0:37:06 | 34,48 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 0:26:24 | 26,50 % | 0:27:25 | 25,48 % |
| Коалиција ВЛЕН/ ВРЕДИ | 00:25:23 | 25,49 % | 0:43:04 | 40,03 % |
| Вкупно | 1:39:35 | 100 % | 1:47:35 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 0:40:39 | 38,60 % | 0:29:36 | 29,08 % |
| Левица | 0:23:34 | 22,38 % | 0:20:32 | 20,17 % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 0:21:35 | 20,50 % | 0:38:19 | 37,64 % |
| ЛДП - Искуство за успех | 0:19:30 | 16,97 % | 0:13:21 | 13,11 % |
| Вкупно | 1:45:18 | 100 % | 1:41:48 | 100 % |

Од извршениот мониторинг на јавниот сервис за периодот пред вториот круг, од 19 до 31 октомври 2025, Првиот програмски сервис МРТ1 обезбедил 1 час 39 минути и 35 секунди за партиите на власт, а 1 час 45 минути и 18 секунди за партиите од опозицијата. Вториот програмски сервис МРТ2, Програма на албански

јазик, за активностите на партиите на власт обезбедил 1 час 47 минути и 35 секунди, додека за партиите во опозиција 1 час 45 минути и 18 секунди.

Во однос на двете најголеми политички партии, во кампањата пред вториот круг, на Првиот програмски сервис МРТ1 коалицијата предводена од СДСМ добила 7 минути помала покриеност во споредба со тие на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Кај Вториот програмски сервис МРТ2 – Програма на албански јазик, ВМРО-ДПМНЕ добила 8 минути поголема покриеност во споредба со тие на коалицијата предводена СДСМ.

Во однос на платеното политичко рекламирање на политичките субјекти, кое, исто така, се следи од страна на ААВМУ[86], се констатира дека во двата круга од изборната кампања најголем обем платено политичко рекламирање е регистрирано за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 254 часа 27 минути и 56 секунди, за НАИ – 134 часа 10 минути и 35 секунди, за СДСМ и коалицијата – 121 час 46 минути и 17 секунди, за коалиција ВЛЕН – 82 часа 41 минути и 15 секунди, за Демократска партија на Турците – 25 часа 26 минути и 56 секунди, за Демократска партија на Србите во Македонија –15 часа 17 минути и 45 секунди, за коалицијата предводена од ЛДП – 8 часа 43 минути и 4 секунди, за МААК – Македонска акција – 1 час 57 минути и 22 секунди, за Работничка партија – 1 час 34 минути и 45 секунди, за Група избирачи претставена од Горан Стојковски Диро – 1 час 40 минута и 30 секунди. Останатите учесници не го надминале прагот од 1 час вкупно закупено време за емитување платено политичко рекламирање за првиот круг од кампањата. Од телевизиите на државно ниво најмногу реклами биле емитувани на националните телевизии ТВ Канал 5 (46 часа 1 минута и 29 секунди), ТВ Алсат-М (39 часа 37 минути и 42 секунди) и ТВ 21-М (29 часа 43 минути и 39 секунди).

86 Извештаи за платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите, за првиот и вториот круг од изборната кампања. Пристапено на: https://avmu.mk/%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2025/ (последна посета: 25 декември 2025).

| Субјект | 24 Вести | | Алсат-М | | Алфа | | Канал 5 | | Сител | | Телма | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II |
| Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 05:05:01 | 01:40:10 | 01:32:29 | 00:40:56 | 15:51:27 | 04:42:17 | 16:32:29 | 03:09:47 | 11:37:09 | 02:26:56 | 07:23:15 | 01:55:11 |
| Коалиција предводена од СДСМ | 07:55:02 | 00:28:30 | 03:06:20 | | | | 13:42:22 | 01:19:29 | 06:48:10 | 01:08:17 | 04:24:37 | 00:49:12 |
| Коалиција ВЛЕН | | | 15:16:12 | 02:36:00 | | | 01:25:20 | 00:24:20 | | | 00:54:40 | 00:18:00 |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:56:27 | | 14:57:52 | 01:26:23 | | | 04:18:22 | | 00:13:05 | | 00:32:32 | |
| Гоце Цветковски – Група избирачи | | | | | | | 00:01:52 | | 00:00:42 | | | |
| Данијел Стојановски – Група избирачи | | | | | | | | | 00:03:20 | | | |
| Агрон Арифи – Група избирачи | | | 00:01:36 | | | | | | | | | |
| Коалиција предводена од ЛДП „Искуство за успех“ | 01:14:25 | | | | | | 02:43:12 | | 01:29:02 | | 00:52:09 | |
| МААК – Македонска акција | 00:12:36 | | | | | | 00:00:56 | | | | 00:07:54 | |
| ТМРО | | | | | | | | | 00:01:30 | | | |
| Татјана Чакулев – Група избирачи | | | | | | | 00:06:18 | | 00:01:10 | | 00:06:18 | |
| Демократска партија на Србите во Македонија | | | | 03:17:00 | | 02:04:30 | | | | | | |
| Петар Котевски – Група избирачи | | | | | | | 00:08:20 | | 00:11:20 | | | |
| Невена Георгиевска – Група избирачи | | | | | | | | | 00:04:12 | | | |
| Марјан Калевски – Група избирачи „ЗХГ“ | | | | | | | | | | | 00:05:00 | |

Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР, исто така, го мониторираше медиумскиот простор за локалните избори. Во прелиминарната изјава за првиот круг се наведува дека севкупно известувањето за изборите имало неутрален тон, а двете најголеми партии доминирале во вестите на мониторираните национални радиодифузери.[87] Во однос на вториот круг, Мисијата утврдува дека мониторираните радио-

87 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија на набљудување на изборите на ОДИХР – локални избори, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/1/c/599930.pdf (последна посета: 11 ноември 2025).

дифузери на гласачите им обезбедиле доволно информации за кандидатите употребувајќи генерално неутрален тон. Мисијата забележува дека и покрај тоа што националните медиуми известувале за помалите партии и независните кандидати, сепак,  Изборниот законик ги става нив во подредена положба, спротивно од препораките на ОБСЕ и меѓународната добра практика[88].

## Резултати од локални избори 2025 година

Во првиот круг на локалните избори, кој се одржа на 19 октомври 2025 година, на гласање излегоа  834 440 од вкупно 1 832 415 регистрирани гласачи во Избирачкиот список, со што излезноста во  изнесуваше 46,48 %[89]. Вториот круг на локални избори се одржа на 2 ноември 2025, и беше забележана помала излезност на гласачите, односно од вкупно 1 013 357 регистрирани гласачи кои имаа право на глас во вториот круг, гласале 402 895, или 40,46 %[90]. Излезноста на овие локални избори беше помала и споредено со  минатите локални избори од 2021, кога излезноста во првиот круг беше 51,44 % и 49,65 % во вториот круг, како и од изборите во  2017 година, на кои излезноста беше 59,51 % во првиот круг и 51,92 % во вториот круг.

Во првиот круг, за избор на градоначалници на општините и Градот Скопје, за неважечки се прогласени вкупно 66 083 ливчиња, а во вториот круг беа 29 813 неважечки ливчиња. Од гласачките ливчиња за избор на членови на совет во општините и Градот Скопје за неважечки се прогласени вкупно 64 269 ливчиња[91].

За 80 општини и Градот Скопје од ДИК беа потврдени 309 кандидати за градоначалници и 577 листи за членови на советите. Како подносители на листи на кандидати за градоначалници и/или листи на кандидати за членови на совет, на овие избори се јавуваат 6 коалиции и 26 политички партии. Групи на избирачи дале поддршка на 56 независни кандидати за градоначалници и на 67 независни кандидатски листи за членови на совет[92].

---

88 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија на набљудување на изборите на ОДИХР - втор круг на локалните избори, 19 октомври 2025 Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/1/c/599930.pdf (последна посета: 25  ноември  2025).

89 Види Излезност на локални избори 2025 година за прв круг, Државна изборна комисија. Пристапено на https://rezultati-prv.sec.mk/mk/mayr/t6 (последна посета: 11 ноември 2025 година).

90 Излезност на локални избори 2025 за втор круг, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://rezultati.sec.mk/mk/asmb-sk/t6 (последна посета: 11 ноември 2025 година).

91 Види резултати на локални избори, Државна изборна комисија. Резултати од прв круг: https://rezultati-prv.sec.mk/mk/asmb-sk/r. Резултати од втор круг: https://rezultati.sec.mk/mk/mayr-sk/r (последна посета: 14 ноември 2025).

92 Статистичките податоци се добиени врз основа на информациите објавени од Државната изборна комисија (ДИК) на нејзината официјална веб-страница, пристапено преку: https://candidatelist.sec.mk/LolcalElectionsCandidates (последна посета: 3 октомври 2025)

Коалицијата „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, како и коалицијата „Коалиција за локални избори 2025 година“, предводена од СДСМ, на овие избори настапија со по ист, воедно и најголем број на кандидати за градоначалници – 64, како и ист и најголем број на листи за советници – 76. Коалицијата „Национална алијанса за интеграција (НАИ)“, предводена од ДУИ, настапи со 23 кандидати за градоначалници и со 34 листи со кандидати за општински советници, коалицијата „Вреди“ со 20 кандидати за градоначалници и со 28 советнички листи, додека коалицијата „Искуство за успех“, предводена од Либерално-демократската партија, настапи со 10 кандидати за градоначалници и со 36 советнички листи. Коалицијата „За зелена иднина“, предводена од Демократска обнова на Македонија на овие локални избори настапи само со листи за совет на општини и град Скопје, вкупно 12. Свои кандидати за градоначалници и/или советници, имаа и следниве политички партии: Левица, Движење ЗНАМ – За наша Макеоднија, Бошњачки демократски сојуз, ВМРО-Народна партија, Граѓанска иницијатива ГРИН, Демократска партија на Ромите, Демократска партија на Турците на Македонија, Демократски сили на Ромите, Единствена Македонија, Македонска ера трета / Македонски суверенисти, Партија за движење на Турците во Македонија, Српска странка во Македонија, Политичка партија Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ), Политичка партија Демократи, Работничка партија, Родина Македонија, Сојуз на Роми, Твоја партија, Трајно македонско радикално обединување (ТМРО), Унија на Роми Скопје.

На гласањето во првиот круг на избори за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, по истекот на законските рокови за поднесување тужба до Управен суд по приговори во постапката за гласање и утврдување на резултатите, беа избрани 44 градоначалници. Во општините Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуше и Центар Жупа не беше исполнет условот да излезе најмалку една третина од вкупниот број на избирачи запишани во изводот од избирачкиот список, со што целата постапка треба да биде повторена, во согласност со член 132 став (2) од Изборниот законик[93]. Ова значи дека во овие четири општини новата изборна постапка ќе биде спроведена во рок од 60 дена од објавувањето на конечните резултати и нема да учествуваат во вториот круг гласање. Постапката за избори на градоначалници и советници во овие четири општини ќе биде повторена  во јануари 2026 година. По првиот круг на гласање до ДИК има поднесено 11 приговори за гласањето за избор на градоначалници на општини и 17 приговори за гласањето за избор на членови

93 Заклучок за конечноста на резултати од гласањето во првиот круг за Избор на членови на совет на општините и совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, одржани на 19.10.2025. Достапно на https://drive.google.com/file/d/1L5dRdo1hhZKe2k-STM-0VdeHicQZL-GMP/view (последна посета: 24 ноември 2025).

на совет на општините[94].

Во вториот круг на локалните избори се гласаше за градоначалник на 32 општини и за градоначалник на Град Скопје, а на 3 избирачки места во Шуто Оризари се повторува гласањето и за советници. Во овој круг до ДИК има поднесено 16 приговори за гласање за избор на градоначалници во општините Брвеница, Шуто Оризари и Карпош, и три приговори за гласањето за избори на членови на совет на избирачките места на прегласување во Општина Шуто Оризари. По завршувањето на постапката на приговори и тужби, на 12 ноември 2025 ДИК го објави Дополнувањето на заклучокот за конечни резултати за завршено гласање во втор круг. Во двата круга на избори беа изгласани 76 градоначалници на општини и градоначалник на Град Скопје. Во четирите општини каде не беше исполнет условот за да излезе најмалку една третина од вкупниот број на избирачи запишани во изводот од избирачкиот список во првиот круг на гласање, Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуше и Центар Жупа, гласањето ќе се повтори во јануари 2026 година.

Резултатите од локалните избори 2025 упатуваат на значајни промени во распределбата на локалната власт меѓу политичките актери. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои најголем број општини, обезбедувајќи 33 победи во првиот круг и дополнителна 21 во вториот круг, како и градоначалничката функција во Град Скопје. Со вкупно 54 општини плус главниот град, коалицијата воспостави најшироко локално присуство во овој изборен циклус. Коалицијата ВРЕДИ (ВЛЕН) постигна вкупно 9 победи – 5 во првиот и 4 во вториот круг – со што го зацврсти своето влијание во општините со доминантно албанско гласачко тело и во повеќе мултиетнички средини. Коалицијата предводена од СДСМ освои по 3 општини во секој изборен круг, вкупно 6, што претставува продолжување на трендот на намалено локално упориште во однос на претходните изборни циклуси. Коалицијата предводена од ДУИ освои 3 општини во првиот и една во вториот круг, вкупно 4, што ја одразува променетата политичка динамика во дел од традиционалните бази на оваа коалиција. Партиите ЗНАМ и Унија на Роми освоија по една општина, двете во вториот круг, задржувајќи ограничено локално присуство. Во вториот круг беше избран и еден независен кандидат, што укажува на континуирано, иако селективно, присуство на непартиски и граѓански иницијативи во локалната политичка арена.

Распределбата на советничките места по локалните избори 2025 покажува силна застапеност на коалициските субјекти предводени од најголемите партии, но и значајно присуство на помали политички партии и независни лис-

94 Ибид

ти. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 549 советнички мандати, со што го задржа најобемното присуство во општинските совети низ државата. Коалицијата предводена од СДСМ обезбеди 231 советничко место, што ја позиционира како втора најзастапена опција, иако со помалку мандати во однос на претходните изборни циклуси. Коалицијата предводена од ДУИ освои 206 советнички места, додека коалицијата ВРЕДИ (ВЛЕН) обезбеди 131 мандат, што ја рефлектира новата рамнотежа во општините со доминантно албанско гласачко тело и во повеќе мултиетнички општини. Левица со 66 советници одржа умерено, но стабилно присуство, а ЗНАМ со 44 мандати демонстрира локално концентрирано влијание. Помалите партии, како ДПТ (21), како и коалицијата ЛДП/ГРОМ/Интегра (12), заземаат ограничени, позиции во поединечни општини. Неколку политички субјекти, како МААК, Унијата на Роми, ГРИН, ДПСМ и ДНЕТ, имаат од 3 до 4 мандати, додека повеќе партии обезбедија по 1, односно 2 советнички места.

Независните листи освоија вкупно 51 советнички мандат, што укажува на забележлив раст на непартиските иницијативи и зголемена поддршка за локално ориентирани кандидати надвор од традиционалните партиски структури.

***Табела 1:*** Резултати за изборот на градоначалници

| Политички субјект | Прв Круг | Втор Круг | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 33 | 21 + Град Скопје | 54 + Град Скопје |
| Коалиција ВРЕДИ (ВЛЕН) | 5 | 4 | 9 |
| Коалиција предводена од СДСМ | 3 | 3 | 6 |
| Коалиција предводена од ДУИ | 3 | 1 | 4 |
| ЗНАМ | 0 | 1 | 1 |
| Унија на Роми | 0 | 1 | 1 |
| Независни | 0 | 1 | 1 |

***Табела 2.*** Резултати за изборот на советници

**Освоени советнички места**

| **Политички субјект** | **Бр. на советници** |
|---|---|
| Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 549 |
| Коалиција предводена од СДСМ | 231 |
| Коалиција предводена од ДУИ | 206 |
| Коалиција ВРЕДИ (Влен) | 131 |
| ЛЕВИЦА | 66 |
| ЗНАМ | 44 |
| ДПТ | 21 |
| Коалиција ЛДП/ГРОМ/Интегра | 12 |
| МААК | 4 |
| Унија на Роми | 4 |
| ГРИН | 3 |
| ДПСМ | 3 |
| ДНЕТ | 3 |
| ВМРО-НП | 2 |
| Единствена Македонија | 2 |
| ДОМ | 2 |
| Сојуз на Роми | 2 |
| Партија на Пензионери | 1 |
| ДС | 1 |
| Македонска ера трета | 1 |
| БДС | 1 |
| Демократи | 1 |
| ПОДЕМ | 1 |
| СП | 1 |
| ПДТ | 1 |
| ДСР | 1 |
| Независни | 51 |

## Заштита на избирачкото право

Изборниот законик ја гарантира заштитата на избирачкото право. Според Изборниот законик, секој подносител на листа на кандидати и секој избирач има право да поднесе приговор до Државната изборна комисија (ДИК) доколку смета дека неговото право било повредено.

Приговорите од страна на подносителите на листите може да се однесуваат на постапката за гласање, сумирањето и утврдувањето на резултатите, додека избирачите може да поднесат приговор доколку во постапката им е повредено избирачкото право. Постапката која се води за заштита на избирачкото право е итна, поради што во овој случај приговор и тужба не може да се достават по пошта.

Приговорите кои подносителите на листите ги доставуваат до ДИК мора да ги достават во рок од 48 часа по завршување на гласањето, односно по објавување на првичните резултати, а ДИК е должна во рок од 48 часа по прием на приговор да донесе одлука. За одлуката која ја донела ДИК го известува подносителот на приговорот по пат на електронска пошта, а одлуката се смета за доставена во рок од пет часа од испраќањето на електронскиот допис.

Подносителот на приговорот, за кој било решено негативно во рамките на ДИК, има право во рок од 24 часа по приемот на решението да поднесе тужба до Управниот суд. Судот мора да донесе одлука во рок од 60 часа по приемот на тужбата. Управниот суд може да ја потврди или да ја преиначи одлуката на ДИК, при што неговите одлуки се правосилни, односно против нив не може да се поднесе жалба или друг вид правен лек.

Во случај на повреда на избирачкото право на избирачот, тој може да поднесе приговор до ДИК во рок од 24 часа, а ДИК е должна да донесе одлука во рок од 4 часа по приемот на приговорот. Одлуката на ДИК може да биде обжалена, така што во рок од 24 часа по приемот на решението ќе се достави тужба до Управниот суд. Доколку роковите течат и се пресретнат во текот на процесот на гласање, а одлуката е позитивна за избирачот, ќе му се овозможи да го оствари своето право на глас[95].

95 ИДСЦС и КАС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2024 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2024/10/2024-handbook-on-2024-parliamentary-elections-second-updated-mkd-version.pdf (последна посета: 12 декември 2025).

За локалните избори 2025, на денот на гласањето на првиот круг, до Државната изборна комисија беа поднесени вкупно 51 приговор, додека меѓу двата изборни круга беа поднесени дополнителни 30 приговори, поврзани со регистрацијата на гласачите и гласањето во домашни услови. Најголем дел од приговорите за првиот круг се однесуваа на утврдувањето и сумирањето на резултатите (32 приговори), како и на самата постапка на гласање (19 приговори). Државната изборна комисија одби 43 приговори како неосновани, а 8 приговори ги отфрли како недозволени или поднесени надвор од пропишаната процедура. При разгледувањето на дел од приговорите, ДИК постапуваше групно, а не поединечно, што Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР го оцени како прекумерно формалистички пристап кој ја ограничил можноста за суштинска проверка на наводите[96]. Помеѓу двата изборни круга, до ДИК беа поднесени 30 приговори, од кои 22 беа прифатени, а 8 одбиени. Овие приговори најчесто се однесуваа на регистрација за гласање од дома, исправки во Избирачкиот список и повреда на лично избирачко право[97]. Во однос на постапката за сумирање и утврдување на резултатите од вториот круг од локалните избори, до ДИК се поднесени 16 приговори и сите биле одбиени.

Во однос на жалбената постапка, за првиот круг до Управниот суд беа поднесени 14 жалби против одлуките на ДИК. Судот ги потврди одлуките на ДИК во 10 случаи, додека 4 жалби беа усвоени, што резултираше со поништување на резултатите во неколку избирачки места во Општина Шуто Оризари и повторување на гласањето во дел од избирачките места. Во сите четири случаи, Управниот суд утврди дека ДИК неправилно ја оценила постапката на сумирање и утврдување на резултатите, при што ги уважи тужбите поднесени од политичката партија Унија на Роми Скопје и од политичката партија Сојуз на Ромите од Македонија. Со пресудите, Судот ги укина решенијата на ДИК и ги прифати приговорите за избирачките места 2961, 2962 и 2966, по што резултатите од гласањето за градоначалник и за советници во овие избирачки места беа поништени[98]. ОДИХР забележа дека постапувањето на ДИК во дел од предметите го ограничило правото на ефективен правен лек, додека Управниот суд постапувал темелно и во согласност со процедурите[99]. Во однос на вториот круг од локалните избори, до Управниот суд беа поднесени вкупно 16 тужби против одлуките на ДИК, од кои 11 тужби ги поднесе Алијансата за Албанците, четири Движењето Беса, а една беше поднесена од Народното движење за Македонија. Сите 16 тужби во однос на вториот круг

96 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци. ОБСЕ/ОДИХР, втор круг, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/d/a/600803.pdf (последна посета: 24 ноември 2025)
97 Ибид
98 Пресуди на Управен суд. Пристапено преку: https://shorturl.at/dIADc ; https://shorturl.at/IO0C0 ; https://shorturl.at/gPqnh ; https://shorturl.at/lPHhx (последна посета: 24 ноември 2025).
99 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци. ОБСЕ/ОДИХР, втор круг, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/d/a/600803.pdf (последна посета: 24 ноември 2025).

се одбиени од страна на Управниот суд.

Во однос на работата на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК), ОДИХР нотира дека од распишувањето на изборите до вториот круг Комисијата примила околу 36 пријави, најголем дел поврзани со злоупотреба на државни ресурси и притисоци врз гласачи. Сепак, како и пред првиот круг, ДКСК не ги третираше овие поднесоци како формални приговори и затоа не одлучуваше по нив пред денот на гласање[100]. Сепак, ДКСК постапуваше по повеќе пријави поврзани со изборниот процес, кои не ги третираше како формални приговори, но ги разгледа во рамки на своите надлежности. Дел од пријавите беа проследени до надлежните органи, како што е Јавното обвинителство, додека други беа затворени поради неутврдено прекршување на законските одредби. Меѓу случаите што беа разгледани се најдоа и пријава за директорка на средно училиште која споделувала изборна пропаганда во електронска група, пријава за избор на универзитетски проректор за кој беше утврдено дека нема правно прекршување, како и неколку пријави поврзани со вработувања и јавни изјави на кандидати. Во сите случаи, ДКСК заклучи дека или надлежноста припаѓа на друг орган, или дека нема основ да се утврди повреда на изборните правила. Дополнително, ДКСК во рамките на изготвената анализа на ризици од корупција и преглед на изборните одредби поврзани со медиумското претставување, укажа дека нејасната терминологија во Изборниот законик создава регулаторни ризици и нееднакви услови за учесниците во кампањата[101].

### Оценка од набљудувачите

За следење на локалните избори 2025 година беа акредитирани 1 622 домашни и странски набљудувачи[102]. За споредба, овие избори беа следени од повеќе набљудувачи од минатите локални избори во 2021 година (1 257 набљудувачи), но и значително помалку од локалните избори во 2017 година, кога изборите беа следени од вкупно 6 082 набљудувачи[103].

100 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци. ОБСЕ/ОДИХР, втор круг, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/d/a/600803.pdf (последна посета: 24 ноември 2025).

101 Радио Слободна Европа, ДКСК со повеќе изборни пријави, дел проследени и до Обвинителството, објавено на 3 ноември 2025. Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/33580223.html (последна посета: 24 ноември 2025).

102 Табела на акредитирани набљудувачи на Локални избори 2025. Државна изборна комисија. Пристапено на: https://www.sec.mk/lokalni-izbori-2025/#tab-id-35 (последна посета: 10 декември 2025).

103 Прирачник за Локални избори во Република Северна Македонија 2021 година, второ дополнето издание. Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас цивилис“ - Скопје. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/12/belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf (последна посета: 10 декември 2025).

Овој изборен циклус беше следен од 957 домашни набљудувачи. Меѓу нив, најбројни беа набљудувачите од Здружението за развој на општествено-социјални иновации „Ваке уп" од Скопје со 709 набљудувачи. Значителен број на набљудувачи имаа: Здружението на граѓани Цивил (60 набљудувачи), Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – Охрид (27), Националниот совет за родова рамноправност (25), Младинскиот културен центар од Битола (23), Националната мрежа – Жените за жените (20), и домашни граѓански организации, како: Интерактив од Битола, Ромалитико од Скопје, Здружението Инклузива, и др[104].

Меѓународните набљудувачи годинава броеја 651 лице, што е за 281 набљудувач повеќе од претходниот изборен циклус во 2021 година. Од нив најзастапени беа набљудувачите на Канцеларијата за демократски институции и човекови права ОДИХР, чиј тим броеше 500 меѓународни набљудувачи. Покрај нив, изборниот циклус беше набљудуван и од претставници од Амбасадата на САД во Скопје со 30 набљудувачи, Советот на Европа со 24 и Европскиот парламент со 18 набљудувачи. Од дипломатските претставништва во државата акредитација добија и 11 набљудувачи од Британската амбасада, 10 набљудувачи од Амбасадата на Кралството Холандија, Француската амабасада – 9, Унгарската амбасада со 8 набљудувачи, Албанската амбасада во Скопје со 4 набљудувачи, Амбасадата на Косово со 3 набљудувачи, Швајцарската амбасада со 3, како и амбасадите на Словачка и Турција со по 1 набљудувач. Од странските државни институции, учество со свои набљудувачи зедоа државните изборни комисии на Косово со 10 набљудувачи, изборните институции на Хрватска и Молдавија и Турција со по 2, и Централната изборна комисија на Украина со 1 набљудувач. Дополнително, изборите беа набљудувани и од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) со 7 претставници, Центарот за развој, реформи и обуки на изборни системи од Грузија со двајца набљудувачи, како и две граѓански организации од Молдавија и Србија со по еден претставник[105].

Покрај домашните и странските набљудувачи, изборите беа проследени од неколку странски медиумски куќи, претставени од 14 новинари. Меѓу нив, на терен беше присутна косовската телевизија Клан со 6 новинари, ТВ1 Косово, Радио телевизија на Косово и Турската државна телевизија со по двајца претставници и албанскиот Топ канал и Европската прес-агенција со по еден новинар[106].

104 Државна изборна комисија (2025).
105 Ibid.
106 Ibid.

Првиот изборен круг во прелиминарните заклучоци на Мисијата за набљудување на изборите (МНИ) на ОБСЕ беше оценет како особено конкурентен – овозможувајќи им на гласачите широк избор со различни политички алтернативи. Но, иако набљудувачите оценуваат дека изборниот ден поминал мирно и уредно, изборната атмосфера во која се одржаа изборите ја оценија како политички поларизирана, особено кога во прашање се меѓуетничките односи на државата. Мисијата забележува дека основните слободи и изборните правила во голема мера биле почитувани, но изразуваат загриженост за изолирани случаи на злоупотреба на јавни ресурси и притисоци и заплашување на гласачи[107].

Во однос на дебатата и водењето на изборната кампања, набљудувачите забележуваат дека иако главно партиите се фокусирале на локалните прашања, во голема мера биле застапени и прашања од повисок карактер, како што се: идентитетот, ЕУ интеграциите, корупцијата, правата на етничките заедници и сл[108].

И овој изборен циклус, како и сите претходни, ОБСЕ укажува на слабата транспарентност за изборното финансирање, а го адресираат и отсуството на регулација и надзор врз спроведувањето на изборната кампања на социјалните мрежи. Според Мисијата, правната рамка што го регулира финансирањето на кампањите сè уште содржи системски празнини, кои и покрај бројни препораки на ОДИХР остануваат нерешени. Дополнително, прелиминарните заклучоци алармираат дека речиси две третини од изборните учесници воопшто не поднеле први преодни финансиски извештаи, што е спротивно на изборното законодавство[109].

Во однос на изборниот процес на самите гласачки места, набљудувачите позитивно го оценија гласањето во 98 проценти од набљудувачките места. Но, за дел од нив пријавиле процедурални недостатоци, како што се: групно гласање, несоодветно мешање од трети страни, како и проблеми со тајноста на гласањето и со биометриската идентификација на гласачите, отежнат пристап на гласачите со физичка попреченост и сл. Големото мнозинство од набљудуваните пребројувања и сумирања на гласовите од набљудувачите беше оценето позитивно[110].

107 Прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР - прв круг на локалните избори. 20 октомври 2025. Пристапено на: https://odihr.osce.org/sites/default/files/f/documents/1/c/599930.pdf (последна посета: 10 декември 2025).
108 Ibid.
109 Ibid.
110 Ibid.

Процесот на спроведување на вториот изборен круг, од Мисијата за набљудување на изборите, беше оценет како добро организиран, професионален и мирен. Во периодот помеѓу двата циклуса, основните слободи на здружување, собирање и изразување биле почитувани, а на кандидатите им било овозможено слободно да ја водат својата изборна кампања. Самата изборна кампања, пак, е оценета како особено конкурентна, но во одредени општини набљудувачите забележуваат јасно дефинирана поделба по етничка линија.

Мисијата укажува дека не сите кандидати уживале еднакви услови за водење на кампањата – осврнувајќи се на формулата за распределба на средствата за платено политичко рекламирање, што според нив ги нарушила можностите за водење медиумска кампања во неколку изборни трки во државата[111]. Во однос на финансирањето на изборната кампања, во прелиминарните заклучоци за вториот круг е наведено дека ограничените законски барања за известување и отсуството на надзорните мерки за изборното финансирање ја намалиле отчетноста на изборниот процес, а со тоа и довербата на јавноста. Според Мисијата, ниту една од институциите задолжена за надзор на финансирањето на кампањите не покренала постапка против кандидатите кои не ги исполниле барањата за известување пред првиот круг, со што дополнително се намалила јавната доверба и отчетноста на изборниот процес[112].

Набљудуваните избирачки места во вториот круг беа позитивно оценети, а набљудувачите на Мисијата не пријавиле никакви инциденти или сериозни процедурални пропусти. Таму каде што биле набљудувани, пребројувањето и сумирањето на гласовите се оценети како транспарентни, професионални и ефикасни, во согласност со пропишаните процедури[113].

Граѓанската организација ЦИВИЛ, која беше вториот најброен домашен набљудувач, даде позитивна оценка за изборниот процес, иако потенцира неколку системски и институционални недостатоци. Набљудувачите на ЦИВИЛ укажуваат на кршења на изборниот молк, притисоци врз гласачите, наводи и индиции за изборен поткуп и повреди на тајноста на гласањето на повеќе избирачки места. Особено се осврнуваат кон неажурираниот Избирачки список, во кој, според нив, и понатаму фигурираат починати лица. Исто како и Мисијата на ОБСЕ, алармираат за отежнатитот пристап до избирачките места за лицата со физичка попреченост. Во однос на изборната кампања, укажуваат на употреба

111 Прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР - втор круг на локалните избори. 20 октомври 2025. Пристапено на: https://odihr.osce.org/sites/default/files/f/documents/d/a/600803.pdf (последна посета: 10 декември 2025).
112 Ibid.
113 Ibid.

на екстремни националистички наративи и етничка мобилизација, кои според нив го поместиле фокусот на кампањата од локални политики – кон национални и геополитички [114].

## Оцена на изборите од учесниците

По затворањето на избирачките места во двата изборни круга, политичките партии и независните кандидати дадоа свои видувања за текот на изборниот ден.

На прес-конференцијата по завршувањето на гласањето, потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, министерот Тимчо Муцунски, изјави дека партијата е на праг на голема победа и очекува да освои повеќе гласови и градоначалници од изборите во 2021 година. Прогласувајќи ги изборите за мирни и успешни како едни од најпримерните во поновата историја на државата, им се заблагодари на граѓаните на одѕивот и желбата да ја наградат нивната работа. Пред официјалното прогласување на изборната победа, Муцунски нагласи дека СДСМ е партија со многу проблеми и дека очекуваат да започнат процес на реформирање[115]. По добивањето на официјални резултати, претседателот на партијата, Христијан Мицкоски, ја прогласи победата во првиот круг во над 30 општини, нагласувајќи ја историската победа во Општина Струмица по две децении[116]. Според него, граѓаните избрале вредности и луѓе што ветуваат работи, а партијата им ветила и им донела победа.

По завршувањето на вториот круг на изборите, лидерот на партијата Мицкоски, се заблагодари на граѓаните и прогласи голема заедничка победа на коалицијата во повеќето општини во државата. Како особено значајна ја посочи победата во Општина Кичево каде што кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ го победи долгогодишниот градоначалник од опозициската ДУИ, Фатмир Дехари. Според него, победата во Кичево е доказ дека граѓаните можат да се обединат околу вредностите и заедничките цели, без разлика на политичката или верската припадност[117].

114 „Локални избори 2025: Генерално мирен процес со сериозни системски и институционални слабости — прелиминарна оценка на ЦИВИЛ“. Граѓанска организација ЦИВИЛ. 3 ноември 2025. Пристапено на: https://civilmedia.mk/lokalni-izbori-2025-generalno-miren-protses-so-seriozni-sistemski-i-institutsionalni-slabosti-preliminarna-otsenka-na-tsivil/ (последна посета: 10 декември 2025).

115 „Муцунски: Очекуваме повеќе гласови и градоначалници од локалните избори во 2021 година“, Либертас, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://libertas.mk/mucunski-ochekuvame-pove-e-glasovi-i-gradonachalnici-od-lokalnite-izbori-vo-2021-godina/ (последна посета: 20 ноември 2025).

116 „Мицкоски: 20 години чекавме победа во Струмица, Сотир во Карпош сам се бореше против сојузи и подземни игри“, Локално, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://lokalno.mk/mickoski-20-godini-chekavme-pobeda-vo-strumica-sotir-vo-karposh-sam-se-boreshe-protiv-sojuzi-i-podzemni-igri/ (последна посета: 20 ноември 2025).

117 „Мицкоски: Кичево покажа дека Македонија знае да се обедини“, Република, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://republika.mk/vesti/makedonija/miczkoski-kichevo-pokazha-deka-makedonija-znae-da-se-obedini/ (последна посета: 20 ноември 2025).

Мицкоски укажа дека овој изборен резултат е порака до СДСМ и дека не е среќен поради нивниот дебакл, но повика и дека е време за обединување[118].

Генералниот секретар и шеф на Изборниот штаб на СДСМ, Александар Саша Димитријевиќ, по завршувањето на гласањето информира дека очекуваат победа во седум општини. Изборниот ден го прогласи за генерално мирен, но рече дека се нотирани низа прекршувања на изборниот процес: од злоупотреба на Избирачкиот список, обиди за изборен поткуп, директни закани и уцени, кршење на изборниот молк преку агитирање, па сè до низа нерегуларности при самото гласање[119]. По него, и лидерот на партијата, Венко Филипче, испрати честитка за добрата организација и мирното гласање на изборниот ден, потенцирајќи дека сите забелешки веќе се доставени до соодветните институции и им ја честита победата на сите избрани градоначалници од првиот круг[120]. Според него, иако изборниот резултат на партијата не е како што очекувале, сепак, се задоволни[121].

По завршувањето на гласањето во вториот круг, претседателот Филипче им честита на граѓаните за достоинственото гласање и победата на градоначалниците од сите политички партии. Воедно, прогласи победа во општините Центар, Македонска Каменица и Зрновци, со што се заокружи бројката од шест избрани градоначалници.[122] Сепак, и покрај прогласувањето на изборите за фер и демократски, Филипче обвини дека власта во периодот помеѓу двата изборни круга правела притисок на сите кандидати на СДСМ во 17 општини во кои партијата влезе во втор круг и најави дека и покрај барањата од власта нема да поднесе оставка од лидерската позиција. Воедно, најави дека партијата ќе одржи Конгрес на кој ќе се дискутираат изборните резултати, но и ќе следуваат промени во раководството на партијата[123].

118 „Голема победа прогласи ВМРО-ДПМНЕ, Мицкоски ќе слави во Брвеница и во Кичево“, Нетпрес, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://netpress.com.mk/2025/11/02/golema-pobeda-proglasi-vmro-dpmne-miczkoski-ke-slavi-vo-brvenicza-i-vo-kichevo/ (последна посета: 20 ноември 2025).

119 „СДСМ очекува победа во седум општини“, 360 степени, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://360stepeni.mk/sdsm-ochekuva-pobeda-vo-sedum-opshtini/ (последна посета: 20 ноември 2025).

120 „Филипче: СДСМ победи во 3 општини во прв круг, води во десетина и влегуваме во втор круг во дваесетина општини“, СДСМ прес, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://sdsm.org.mk/pres-konferencii/104312 (последна посета: 20 ноември 2025).

121 „Филипче по поразот на локалните избори: Овој резултат не е тој што го посакувавме, но не е лош“, МКД.мк, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://mkd.mk/makedonija/filipche-po-porazot-na-lokalnite-izbori-ovoj-rezultat-ne-e-toj-shto-go-posakuvavme-no-ne-e-losh/ (последна посета: 20 ноември 2025).

122 „Филипче: СДСМ победи во Центар, Македонска Каменица и Зрновци, вкупно шест градоначалници до сега“, СДСМ прес, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://sdsm.org.mk/pres-konferencii/104500 (последна посета: 20 ноември 2025).

123 „СДСМ победи во Центар и во уште две општини, Филипче не поднесува оставка“, Радио Слободна Европа, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/33579516.html (последна посета: 20 ноември 2025).

Потпретседателот на ДУИ, Арбер Адеми, по завршувањето на првиот круг од седиштето на партијата изјави дека Националната алијанса за интеграции (НАИ) овие избори ги смета за слободни, фер и демократски и дека имаат мал број забелешки за кои ќе се обратат до институциите[124]. Адеми прогласи историска победа во Општина Чашка, каде за прв пат општината доби градоначалник од редовите на НАИ, додека во Гостивар нивниот кандидат победува со разлика од 6:1 во однос на кандидатот на ВЛЕН[125]. По неколкудневниот молк се јави и лидерот на ДУИ, Али Ахмети, демантирајќи ги шпекулациите дека има намера да поднесе оставка – потенцирајќи дека според изборните резултати НАИ се победници во првиот изборен круг[126].

Изборните резултати од вториот круг лидерот Ахмети ги прогласи како „порака на граѓаните" која нивната коалиција ја прима со почит и одговорност. Сепак, според него, резултатите во некои општини не се одраз на вистинската волја на граѓаните, туку последица на непринципиелни коалиции и привремени договори кои го нарушиле духот на демократската конкуренција[127]. Ахмети истакна дека губењето на неколку позиции на општинско ниво ќе послужи како повик за длабинска анализа, обновување на стратегиите и корекции на евентуалните недостатоци. Потпретседателот Адеми, пак, изборите ги карактеризира како тест за политичкиот и моралниот карактер на државата, алармирајќи за нечесна и незаконска кампања и обвини за бројни изборни нерегуларности. Во име на коалицијата НАИ, тој упати директен повик до секој член на ДИК, набљудувачите и до секоја институција да го гарантираат интегритетот на изборниот процес[128].

Портпаролот на изборниот штаб на ВЛЕН, Дритон Сулејмани, ги оцени изборните резултати од првиот круг како јасна порака што Албанците ја испратија дека времето на Али Ахмети на политичката сцена е завршено. Сулејмани прогласи победа во првиот круг и потенцира дека како фаворити влегуваат во вториот круг во Тетово, Дебар, Брвеница, Дебар и Струга. На прес-конференција исп-

124 „Арбер Адеми: НАИ овие избори ги смета за слободни, фер и демократски", Нова Македонија, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://novamakedonija.com.mk/makedonija/arber-ademi-nai-ovie-izbori-gi-smeta-za-slobodni-fer-i-demokratski/ (последна посета: 20 ноември 2025).

125 „ДУИ се пофали со „историска победа" во Чашка, нивните кандидати влегуваат во втор круг во Кичево и Струга", Локално, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://lokalno.mk/dui-se-pofali-so-istoriska-pobeda-vo-chashka-nivnite-kandidati-vleguvaat-vo-vtor-krug-vo-kichevo-i-struga/ (последна посета: 20 ноември 2025).

126 „ДУИ во одбрана на лидерот - Али Ахмети не се повлекува", 24 вести, 24 октомври 2025. Пристапено на:https://24.mk/details/dui-vo-odbrana-na-liderot-ali-akhmeti-ne-se-povlekuva (последна посета: 20 ноември 2025).

127 „Почеток на крајот на етничкото гласање, Кичево го урна митот за поделби", Вечер прес, 4 ноември 2025. Пристапено на: https://www.vecer.press/pochetok-na-krajot-na-etnichkoto-glasane-kichevo-go-urna-mitot-za-podelbi/ (последна посета: 20 ноември 2025).

128 „Адеми: Ова беа нечесни избори со купени гласови и злоупотреба на државните ресурси во корист на власта", 360 степени, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://360stepeni.mk/ademi-ova-bea-nechesni-izbori-so-kupeni-glasovi-i-zloupotreba-na-drzhavnite-resursi-vo-korist-na-vlasta/ (последна посета: 20 ноември 2025).

рати критики до лидерите на НАИ, обвинувајќи ги дека со месеци се обидувале да ги држат граѓаните како заложници преку иницијативата за референдум[129]. Еден од лидерите на ВЛЕН и кандидат за градоначалник на Чаир, Изет Меџити, по објавувањето на изборните резултати прослави победа во првиот круг на изборите во Чаир и им се заблагодари на сите гласачи кои дале поддршка на коалицијата ВЛЕН. Меџити потенцира дека во општините каде се чувствувале најсилни, ДУИ се соочиле со недоверба кај граѓаните[130], и не го пропушти моментот да нагласи дека гласот на Албанците го испрати нивниот противник Али Ахмети во политичка пензија и дека тој мора да поднесе оставка[131].

Башким Бакиу од изборниот штаб на коалицијата ВЛЕН прогласи убедлива победа во вториот круг во сите општини каде коалицијата беше дел од изборната трка, оценувајќи дека ВЛЕН се позиционира како втора политичка сила во државата. Бакиу им се заблагодари на граѓаните за големата поддршка и упати повик до ДУИ дека е време Али Ахмети да поднесе оставка и партијата да се реформира доколку сака да опстои на политичката сцена[132]. Партијата во официјални соопштенија до медиумите оцени дека вториот круг од гласањето се одвивало во фер и демократска атмосфера и дека граѓаните покажале висока демократска култура[133].

Лидерот на Левица, Димитар Апасиев, по првиот изборен круг изјави дека партијата постигнала историски резултат, освојувајќи преку 70 советнички места низ државата и дека за прв пат влегуваат во советите на десетина општини. Потенцирајќи дека покрај во советот на Град Скопје, Левица се наметнува како втора политичка партија во советите на повеќето скопски општини, Апасиев прогласи дека победата врз СДСМ се остварила и дека Левица е вистинскиот лидер на опозицијата[134]. Истовремено, портпаролот за изборната кампања на

129 „ВЛЕН прогласи победа во првиот круг во Чаир, Сарај, Боговиње, Теарце, Желино и во Арачиново“, 360 степени, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://360stepeni.mk/vlen-proglasi-pobeda-vo-prviot-krug-vo-chair-saraj-bogovine-teartse-zhelino-i-vo-arachinovo/ (последна посета: 20 ноември 2025).

130 „Меџити прогласи победа во Чаир, тврди дека ВЛЕН освоила 4-5 општини уште во првиот круг“, Локално, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://lokalno.mk/medjiti-proglasi-pobeda-vo-chair-tvrdi-deka-vlen-osvoila-4-5-opshtini-ushte-vo-prviot-krug/ (последна посета: 20 ноември 2025).

131 „Меџити му честита политичко пензионирање на Ахмети“, 360 степени, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://360stepeni.mk/video-medhiti-mu-chestita-politichko-penzionirane-na-ahmeti/ (последна посета: 20 ноември 2025).

132 „Коалиција ВРЕДИ: Со освоените општини станавме втора политичка сила во државата“, Независен, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://nezavisen.mk/koalicija-vredi-so-osvoenite-opshtini-stanavme-vtora-politichka-sila-vo-drzhavata/ (последна посета: 20 ноември 2025).

133 „ВЛЕН: Граѓаните покажаа висока демократска култура во вториот круг“, Рацин, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://racin.mk/izbori-25/vlen-graganite-pokazhaa-visoka-demokratska-kultura-vo-vtoriot-krug/ (последна посета: 20 ноември 2025).

134 „Апасиев: Левица влегува во 10 нови совети - станавме втора партија во Скопје и повеќе општини“, Скопје1, 20 октомври 2025. Пристапено на: https://skopje1.mk/apasiev-levica-vleguva-vo-10-novi-soveti-stanavme-vtora-partija-vo-skopje-i-povekje-opstini (последна посета: 20 ноември 2025).

Левица, Круме Богевски, на прес-конференција излезе со бројни обвинувања за изборни нерегуларности, за кои партијата поднела пријави до надлежните институции[135].

По завршувањето на гласањето во вториот круг, лидерот на Левица на прес-конференција изјави дека дуплирањето на бројот на гласови покажува дека опозициските тенденции во државата се престројуваат зад Левица. Тој упати честитка за победата само до кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ во Кичево и Брвеница[136]. Кандидатот за градоначалник на Град Скопје, Амар Мециновиќ, оцени дека партијата во последните два месеца постигнала успех што не можела ни да го замисли. Тој прогласи голем резултат и се заблагодари за поддршката од гласачите на СДСМ, повикувајќи ги да се престројат зад Левица како опозициска алтернатива на владејачката ВМРО-ДПМНЕ[137].

Според портпаролот на ЗНАМ, Никола Мемов, локалните избори во првиот круг покажаа стабилна поддршка и раст на Движењето ЗНАМ, правејќи ја партијата релевантна политичка сила во државата. Мемов истакна дека за прв пат партијата освоила советнички мандати во повеќе од 50 општини низ државата, а особено го нагласи убедливото водство во Куманово каде нивниот кандидат оствари предност од повеќе од 11 000 гласови. Според него, тоа покажува дека граѓаните ја изгубиле довербата во СДСМ, а го поздрави значителниот број гласови што ги освоија независните кандидати, што според него е позитивен сигнал за македонската демократија[138].

Лидерот на ЗНАМ и актуелен градоначалник на Општина Куманово, по завршувањето на вториот круг испрати честитка до својот противкандидат, се заблагодари на владините партнери и ја посвети победата на сите кумановци. Прашан за нискиот одѕив на гласачите, Димитриевски рече дека пораката од граѓаните е примена[139].

135 „Левица обвинува за нерегуларности: Изборниот процес бил нарушен со притисоци и понуди за купување гласови“, Плус инфо, 19 октомври 2025. Пристапено на: https://plusinfo.mk/levica-obvinuva-za-neregularnosti-izborniot-proces-bil-narushen-so-pritisoci-i-ponudi-za-kupuva-e-glasovi/ (последна посета: 20 ноември 2025).

136 „Апасиев: Левица ја дуплираше поддршката, Амар е новото лице на партијата“, Слободен печат, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://www.slobodenpecat.mk/video-apasiev-levica-ja-duplirashe-poddrshkata-amar-e-novoto-lice-na-partijata/ (последна посета: 20 ноември 2025).

137 „Мециновиќ од утре најавува пожестока борба во Собранието и ги повика гласачите на СДСМ да останат зад гласовите на Левица“, Локално, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://lokalno.mk/mecinovikj-od-utre-najavuva-pozhestoka-borba-vo-sobranieto-i-gi-povika-glasachite-na-sdsm-da-ostanat-zad-glasovite-na-levica/ (последна посета: 20 ноември 2025).

138 „Мемов: Стабилна поддршка и раст на Движењето ЗНАМ на локалните избори“, МКД.мк, 20 октомври 2025. Пристапено на: https://mkd.mk/makedonija/memov-stabilna-poddrshka-i-rast-na-dvizhenjeto-znam-na-lokalnite-izbori/ (последна посета: 20 ноември 2025).

139 „Максим Димитриевски прогласи победа во Куманово со предност од околу 1 400 гласови“, Рацин, 2 ноември 2025. Пристапено на: https://racin.mk/izbori-25/maksim-dimitrievski-proglasi-pobeda-vo-kumanovo-so-prednost-od-okolu-1-400-glasovi/ (последна посета: 20 ноември 2025).

Од независните кандидати, најгласен коментар за изборниот тек пристигна од движењето „Шанса за Центар". Во првиот круг на изборите во Општина Центар беше константирано дека на гласачките ливчиња во Општина Центар не е испечатено логото на нивната независна кандидатска листа за членови на Совет и кандидат за градоначалник на Општина Центар. Поради тоа, уште во текот на гласањето од Движењето излегоа со реакција дека е направена „флагрантна дискриминација, ставање во нерамноправна положба и поништување на еднаквоста на избирачкото право." Од Движењето сметаа дека тоа претставува основа за повторување на гласањето во целата општина и изјавија дека веќе поднеле приговор до соодветните институции[140].

## Заклучок

На 9 август 2025 година претседателот на Собранието, Африм Гаши, ги распиша осмите по ред локални избори од независноста на Република Северна Македонија. Оваа година изборите се одржаа на 19 октомври и на 2 ноември, во конкурентна, мирна, фер и демократска атмосфера. Она што овие избори го потврдија е трендот на континуиран пад на излезноста на граѓаните, особено на локалните избори. Ова е веќе четврти изборен циклус кој е во пад. Со околу 47 % во првиот и 40 % излезност во вториот круг, овие избори ќе останат забележани по рекордно најниската излезност на еден изборен циклус од независноста на државата. Дополнително, на овие избори беше забележан и највисок број на неважечки ливчиња до сега – 6,1 процент во првиот и 5,6 проценти во вториот круг. Статистички, секој седумнаесетти глас на граѓаните бил неважечки.

Изборната кампања за првиот круг од локалните избори започна на 29 септември и заврши на полноќ на 17 октомври, додека кампањата за вториот круг продолжи веднаш по изборниот ден на 19 октомври и траеше до 31 октомври до полноќ. Политичките партии ги користеа вообичаените методи за изборна промоција, како митинзи, средби со граѓани, телевизиски кампањи, билборди, како и кампањи на социјалните мрежи. Од Меѓународната набљудувачка мисија, изборната кампања беше оценета како особено слободна и конкурентна, со доставени забелешки за неколку прашања поврзани со финансирањето на кампањите, негативната реторика и отсуството на надзор врз изборната кампања на социјалните мрежи. Главните теми на кампањата беа фокусирани на локални прашања, но забележително беа застапени и пошироки национални теми поврзани со идентитетските прашања, меѓуетничките односи и европските интеграции.

140 „Шанса за Центар: Останавме без лого на ливчињата, можно е поништување на изборите во општината", МКД.мк. 19 октомври 2020. Пристапено на: https://mkd.mk/makedonija/shansa-za-centar-ostanavme-bez-logo-na-livchinjata-mozhno-e-ponishtuvanje-na-izborite-vo-opshtinata/ (последна посета: 23 ноември 2025).

Во однос на медиумското присуство на изборите, мониторингот на ААВМУ и на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР покажува дека медиумското известување во целина било претежно неутрално и во рамки на законските обврски, без прекршување на лимитите за платено политичко рекламирање, и со доминација на двете најголеми партии. Во извештаите се нотира дека за оваа изборна кампања не биле обезбедени еднакви услови за пристап на сите учесници во изборниот процес, алудирајќи на парламентарните партии кои останаа без право на закуп на простор за платено политичко рекламирање. Агенцијата констатира дека програмите на јавниот сервис МРТ и Собранискиот канал  ги исполниле обврските од изборната кампања да овозможат бесплатно политичко претставување на учесниците во изборите.

Во првиот круг на изборите, кој се одржа на 19 октомври 2025 година, на гласање излегоа 834 440 од вкупно 1 832 415 регистрирани гласачи во Избирачкиот список, што претставува излезност од 46,48 проценти. Вториот круг беше помалку атрактивен за електоратот, а тоа го покажуваат и бројките од 40,46 проценти излезност. Покрај ниската излезност, која е во пад изминатите неколку изборни циклуси, овие избори забележаа и највисок број на неважечки ливчиња до сега – речиси 54 000 или 6,1 процент од вкупниот број гласови во првиот и 19 285 или 5,58 проценти од гласовите во вториот круг.

Изборните резултати донесоа очекувани промени во неколку клучни општини во државата. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ победи во најголем број на општини, обезбедувајќи 33 градоначалници во првиот и дополнителни 21 во вториот круг или 54 вкупно, со победа во Градот Скопје, како и неколку клучни општини кои традиционално биле управувани од други политички субјекти. Владината коалиција ВРЕДИ победи  вкупно во 9 општини (во 5 во првиот и во 4 во вториот круг), со што го зацврсти своето влијание во општините со доминантно албанско гласачко тело и во повеќето мултиетнички средини во државата. Коалицијата предводена од СДСМ освои по 3 градоначалнички мандати во двата изборни круга, додека коалицијата предводена од ДУИ освои 3 општини во првиот и една во вториот круг, или вкупно 4. Партиите ЗНАМ и Унија на Роми освоија по една општина – и двете во вториот круг од гласањето. На овие локални избори народната доверба ја доби само еден градоначалник со независна кандидатура. Во однос на советничките листи, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 549 советнички мандати, коалицијата на СДСМ – 231, ДУИ – 163, ВЛЕН – 132 советници, партијата Левица – 66, ЗНАМ – 44. Останатите политички партии поделија 69 советнички мандати, додека независните листи и движења освоија 52 советници, со што се задржа трендот на значително присуство на непартиски и граѓански иницијативи во општинските совети во

државата. Поради слабата излезност и неостварувањето на потребниот цензус за избор на градоначалник, на 11 јануари 2026 година гласањето ќе се повтори во четири општини – Гостивар, Маврово Ростуше, Врапчиште и Центар Жупа.

За локалните избори, на денот на гласањето во првиот круг, до Државната изборна комисија беа поднесени вкупно 51 приговор, а меѓу двата изборни круга уште дополнителни 30 приговори. Приговорите на денот на изборите се однесуваа на сумирањето на резултатите (32 приговори), како и на самата постапка на гласањето (19 приговори). Од нив, ДИК одби 43 – сите како неосновани. Помеѓу двата изборни круга, од поднесените 30, ДИК прифати 22 приговори, а 8 беа одбиени.  Во овој дел приговорите се однесуваа на регистрација за гласање од дома, исправки во Избирачкиот список и повреда на личното избирачко право. Во однос на постапката за сумирање на резултатите од вториот круг, до ДИК беа поднесени 16 приговори, кои сите беа одбиени. Во однос на жалбената постапка, до Управниот суд беа поднесени 14 жалби против одлуките на ДИК – 10 потврдени и 4 усвоени жалби, што резултираше со поништување на резултатите и повторување на изборот во неколку избирачки места.

По затворањето на избирачките места во двата круга, политичките партии и независните кандидати изнесоа спротивставени, но генерално позитивни оценки за изборниот процес. ВМРО-ДПМНЕ ги оцени изборите како слободни, фер и демократски и прогласи убедлива победа во мнозинството општини во државата. Социјалдемократскиот сојуз изборите ги квалификуваше како фер и слободни, но истовремено нотираше за серија нерегуларности при гласањето и притисоци меѓу двата круга. Признавајќи го послабиот изборен исход со ограничен број на освоени општини, раководството на СДСМ најави внатрепартиска анализа и кадровски промени по изборите. Коалицијата предводена од ДУИ изборите ги оцени како слободни и демократски, но дел од резултатите ги препиша на непринципиелни коалиции и незаконска кампања. Според коалицијата ВЛЕН, локалните избори се спровеле во фер и демократска атмосфера. Прогласувајќи голем пресврт во албанскиот политички блок, ВЛЕН упати силни критики и повик за кадровски промени во противничката ДУИ. Политичката партија Левица, пак, укажувајќи на бројни нерегуларности во првиот изборен круг, прогласи историска победа и раст на бројот на советници во општините. Во вториот круг Левица ѝ честита на владејачката ВМРО-ДПМНЕ за победата во Кичево и Брвеница, и се заблагодари на поддршката на гласачите на СДСМ. Од независните движења, движењето „Шанса за Центар“ алармира за сериозни технички пропусти во гласачкиот материјал, што, според нив, го нарушило начелото на еднаквост на избирачкото право. Во целина, јавните оценки ја отсликаа типичната постизборна динамика, односно легитимирање на сопствениот резултат

кај победничките и проблематизирање на регуларноста на процесот од страна на помалку успешните актери.

Во време на интензивни процеси на политичката арена, бројките и изборниот исход покажаа дека ниту традиционалните партиски упоришта не се недопирливи, имајќи предвид дека значителен број општини ја променија својата политичка ориентација. Како и во минатото, и овој циклус потврди дека локалните резултати во најголем дел се производ на пошироките национални политички динамики и на односите меѓу партиските актери на централно ниво, со ограничен простор за автентични локални исклучоци. Резултатите оваа година покажаа дека граѓаните се подготвени да ги поддржат управувачките структури што изминатите четири години демонстрираа ефикасност, но и казнувајќи ги оние од кои се незадоволни да остават простор за влез на нови политички субјекти, пред сè, помалите партии и независните граѓански движења.

Овие избори јасно покажаа дека честите и ад хок измени на изборната регулатива генерираат перцепција на правна несигурност, со што дополнително се нарушува кредибилитетот на изборниот процес. Од друга страна, локалните избори уште еднаш го илустрираа падот на граѓанската доверба во политичкиот поредок, што се манифестираше преку исклучително слабиот одѕив на гласачите и големиот пораст на бројот на неважечки ливчиња. Ова укажува на продлабочена апатија, разочараност и дистанца на граѓаните од политичкиот живот, а може да послужи и како индикатор поради кој ќе се отвори дебата за ефикасноста на изборните правила и изборната едукација на електоратот.

## Анекс 1 – Избрани градоначалници по општини

| Општина | Избран градоначалник | Политичка партија/коалиција |
|---|---|---|
| Град Скопје | Орце Ѓорѓиевски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Аеродром | Дејан Митески | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Бутел | Дарко Костовски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Гази Баба | Бобан Стефковски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Ѓорче Петров | Александар Стојкоски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Карпош | Сотир Лукровски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Кисела Вода | Бети Стаменкоска-Трајкоска | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Сарај | Мухамет Елмази | Коалиција ВЛЕН |
| Центар | Горан Герасимовски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Чаир | Изет Меџити | Коалиција ВЛЕН |
| Шуто Оризари | Курто Дудуш | Унија на Роми |
| Арачиново | Даут Беќири | Коалиција ВЛЕН |
| Берово | Петар Ружински | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Битола | Тони Коњановски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Богданци | Блаже Шапов | “Коалиција за локални избори“ |
| Боговиње | Фети Абази | Коалиција ВЛЕН |
| Босилово | Ристо Манчев | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Брвеница | Јовица Илиевски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Валандово | Ѓоко Камчев | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Василево | Славе Андонов | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Вевчани | Спасе Кочовски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Велес | Марко Колев | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Виница | Митко Костадиновски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Врапчиште | Гласањето се повторува | |
| Гевгелија | Андон Сараманов | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Гостивар | Гласањето се повторува | |
| Градско | Киро Нацков | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Дебар | Фисник Мела | Коалиција ВЛЕН |
| Дебарца | Златко Силјаноски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Делчево | Иван Гоцевски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Демир Капија | Наталија Димитриева | Коалиција „Твоја Македонија“ |

| | | |
|---|---|---|
| Демир Хисар | Никола Најдовски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Долнени | Блерим Исљами | Коалиција ВЛЕН |
| Дојран | Илија Тентов | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Желино | Бљерим Сејдиу | Коалиција ВЛЕН |
| Зелениково | Коста Маневски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Зрновци | Ванчо Митев | “Коалиција за локални избори“ |
| Илинден | Александар Георгиевски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Јегуновце | Димитар Костадиноски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Кавадарци | Митко Јанчев | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Карбинци | Виктор Паунов | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Кичево | Александар Јовановски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Конче | Златко Ристов | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Кочани | Влатко Гроздaнов | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Кратово | Тодорче Николовски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Крива Паланка | Сашко Митовски | “Коалиција за локални избори“ |
| Кривогаштани | Игор Каравилоски | “Коалиција за локални избори“ |
| Крушево | Нико Чонески | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Куманово | Максим Димитриевски | Движење ЗНАМ |
| Липково | Еркан Арифи | Национална алијанса за интеграција |
| Лозово | Бошко Цветковски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Маврово и Ростуша | Гласањето се повторува | |
| Македонска Каменица | Соња Стаменкова | “Коалиција за локални избори“ |
| Македонски Брод | Жарко Ристески | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Могила | Драганчо Саботковски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Неготино | Марија Нацева | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Новаци | Стевче Стевановски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Ново Село | Ѓорѓе Божинов | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Охрид | Кирил Пецаков | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Петровец | Борче Митевски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Пехчево | Александар Китански | Коалиција „Твоја Македонија“ |

| | | |
|---|---|---|
| Пласница | Алија Јаоски | Национална алијанса за интеграција |
| Прилеп | Дејан Проданоски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Пробиштип | Тони Тоневски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Радовиш | Љупче Почивалец | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Ранковце | Даниел Павловски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Ресен | Јован Тозиевски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Росоман | Ѓорѓи Крстевски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Свети Николе | Дејан Владев | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Сопиште | Јане Мицевски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Старо Нагоричане | Мирослав Слаковски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Струга | Менди Ќура | Група избирачи |
| Струмица | Петар Јанков | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Студеничани | Ејуп Абази | Национална алијанса за интеграција |
| Теарце | Даут Мемиши | Коалиција ВЛЕН |
| Тетово | Биљал Касами | Коалиција ВЛЕН |
| Центар Жупа | Гласањето се повторува | |
| Чашка | Суат Шаќиров | Национална алијанса за интеграција |
| Чешиново-Облешево | Јорданче Костадинов | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Чучер Сандево | Зоран Бајовски | Коалиција „Твоја Македонија“ |
| Штип | Иван Јорданов | Коалиција „Твоја Македонија“ |

## Анекс 2 – Избрани советници по општини

| Општина | Вкупен број на членови на совет | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВЛЕН | ДУИ | ЗНАМ | Левица | Останати | Независни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Град Скопје | 45 | 18 | 5 | 6 | 6 | 1 | 6 | 1 | 2 |
| Аеродром | 27 | 15 | 5 | | | 1 | 6 | | |
| Бутел | 19 | 9 | 1 | 4 | 4 | | 1 | | |
| Гази Баба | 27 | 17 | 4 | 1 | 1 | | 4 | | |
| Ѓорче Петров | 23 | 14 | 4 | | | 1 | 4 | | |
| Карпош | 27 | 11 | 4 | | | 1 | 4 | 4 | 3 |
| Кисела Вода | 27 | 17 | 4 | | | 1 | 5 | | |
| Сарај | 19 | | | 9 | 10 | | | | |
| Центар | 23 | 7 | 8 | | | 2 | 3 | 1 | 2 |
| Чаир | 27 | 1 | | 14 | 11 | | | 1 | |
| Шуто Оризари | 19 | 4 | | 4 | 4 | | | 7 | |
| Арачиново | 15 | | | 8 | 7 | | | | |
| Берово | 15 | 9 | 5 | | | | 1 | | |
| Битола | 31 | 16 | 5 | | 1 | 1 | 2 | 2 | 4 |
| Богданци | 11 | 5 | 6 | | | | | | |
| Боговиње | 19 | | | 9 | 10 | | | | |
| Босилово | 15 | 10 | 5 | | | | | | |
| Брвеница | 15 | 6 | 2 | 4 | 3 | | | | |
| Валандово | 15 | 8 | 7 | | | | | | |
| Василево | 15 | 11 | 3 | | | 1 | | | |
| Вевчани | 9 | 5 | 3 | | | 1 | | | |
| Велес | 23 | 16 | 3 | | | 1 | 3 | | |
| Виница | 15 | 9 | 6 | | | | | | |
| Врапчиште | 15 | | | 1 | 13 | | | 1 | |
| Гевгелија | 19 | 11 | 4 | | | 1 | 2 | 1 | |
| Гостивар | 23 | 5 | 1 | 3 | 12 | | | 2 | |
| Градско | 9 | 7 | 2 | | | | | | |
| Дебар | 15 | 2 | 1 | 5 | 4 | | | | 3 |
| Дебарца | 9 | 6 | 2 | | | | | 1 | |
| Делчево | 15 | 10 | 3 | | | 1 | 1 | | |
| Демир Капија | 9 | 5 | 4 | | | | | | |
| Демир Хисар | 11 | 6 | 3 | | | 2 | | | |
| Дојран | 9 | 4 | 4 | | | 1 | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Долнени | 15 | 3 | 2 | 2 | | 1 | | 5 | 2 |
| Желино | 15 | | 1 | 8 | 6 | | | | |
| Зелениково | 9 | 5 | 2 | 1 | 1 | | | | |
| Зрновци | 9 | 4 | 3 | | | | | 2 | |
| Илинден | 15 | 11 | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| Јегуновце | 11 | 5 | 1 | 2 | 2 | 1 | | | |
| Кавадарци | 19 | 12 | 2 | | | 1 | 2 | | 2 |
| Карбинци | 9 | 7 | 2 | | | | | | |
| Кичево | 19 | 8 | 1 | 3 | 5 | | | 2 | |
| Конче | 9 | 4 | 3 | | | | | 2 | |
| Кочани | 19 | 8 | 3 | | | 1 | | | 7 |
| Кратово | 11 | 9 | 1 | | | 1 | | | |
| Крива Паланка | 15 | 7 | 8 | | | | | | |
| Кривогаштани | 11 | 5 | 5 | | | | 1 | | |
| Крушево | 11 | 4 | 5 | 1 | 1 | | | | |
| Куманово | 31 | 6 | 4 | 3 | 5 | 7 | 1 | 3 | 2 |
| Липково | 19 | | | 8 | 11 | | | | |
| Лозово | 9 | 3 | 2 | | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Маврово и Ростуша | 11 | 5 | 3 | | 1 | | | 2 | |
| Македонска Каменица | 11 | 5 | 4 | | | | | | 2 |
| Македонски Брод | 11 | 4 | 2 | | | 1 | 1 | 1 | 2 |
| Могила | 11 | 5 | 1 | | | | | 1 | 4 |
| Неготино | 15 | 8 | 5 | | | | 1 | 1 | |
| Новаци | 9 | 5 | 2 | | | | | | 2 |
| Ново Село | 11 | 7 | 3 | | | | | | 1 |
| Охрид | 23 | 13 | 5 | | | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Петровец | 11 | 5 | 1 | 1 | | | | 2 | 2 |
| Пехчево | 9 | 5 | 3 | | | 1 | | | |
| Пласница | 9 | 1 | | | 5 | | | 3 | |
| Прилеп | 27 | 17 | 6 | | | 1 | 3 | | |
| Пробиштип | 15 | 6 | 4 | | | 2 | 1 | 2 | |
| Радовиш | 19 | 9 | 5 | | | | 2 | 3 | |
| Ранковце | 9 | 4 | 2 | | | | 2 | 1 | |
| Ресен | 15 | 9 | 3 | 1 | 1 | | | 1 | |
| Росоман | 9 | 4 | 2 | | | 1 | 1 | 1 | |
| Свети Николе | 15 | 9 | 3 | | | 2 | 1 | | |
| Сопиште | 11 | 7 | 1 | 3 | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Старо Нагоричане | 9 | 3 | 3 | | | 1 | | 2 | |
| Струга | 23 | 6 | 1 | 4 | 8 | | 1 | | 3 |
| Струмица | 23 | 13 | 8 | | | 1 | 1 | | |
| Студеничани | 19 | 1 | 1 | 5 | 6 | | | 1 | 5 |
| Теарце | 15 | 1 | | 8 | 6 | | | | |
| Тетово | 31 | 3 | 1 | 13 | 12 | | 1 | | 1 |
| Центар Жупа | 9 | 1 | 2 | | | | | 6 | |
| Чашка | 11 | 3 | 2 | | 6 | | | | |
| Чешиново-Облешево | 11 | 5 | 3 | | | | | 2 | 1 |
| Чучер Сандево | 11 | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | | 2 | |
| Штип | 23 | 16 | 4 | | | 1 | 2 | | |
| Вкупно | 1307 | 548 | 233 | 132 | 163 | 44 | 66 | 69 | 52 |

6

# Изборна архива на изборите во Република Северна Македонија од 1990 година до денес

# 6. Изборна архива на изборите во Република Северна Македонија од 1990 година до денес

Фондацијата Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија, и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), од март 2016 година го спроведуваат заедничкиот проект „Изборна архива на изборите во Република Северна Македонија од 1990 година до денес“, чија цел е сеопфатно следење на изборните процеси во Република Северна Македонија почнувајќи од 1990 година па сè до денес. Во рамките на овој проект се опфатени сите досегашни организирани избори, претседателски, парламентарни и локални, и на едно место се собрани сите достапни документи за изборните процеси.

Потребата да се спроведе еден ваков проект произлегува од непостоењето официјална државна архива со сите документи и податоци за изборните циклуси од прогласувањето на независноста на Република Северна Македонија.

Изборната архива ги групира документите во 7 секции:

1. Документ за објавување избори
2. Избирачки список
3. Кандидатски листи
4. Резултати од избори
5. Извештај од избори
6. Набљудувачки извештаи од меѓународни и домашни организации
7. Изборен законик

Паралелно со организирањето на изборите Изборната архива се ажурира и се прикачуваат сите релевантни документи во горенаведените секции. Составен дел од Изборната архива се и прирачниците за изборите (претседателски, парламентарни и локални) кои се изготвуваат паралелно со организирањето на изборите и тоа во соработка со Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Досега се изготвени десет прирачници, и тоа за локалните избори во 2013, 2017 и 2021, претседателските избори во 2014, 2019 и 2024, како и за парламентарните избори во 2014, 2016, 2020 и 2024 година. Сите прирачници се достапни на веб-страницата на Изборната архива (izbornaarhiva.mk) на македонски, албански и англиски јазик.